АПП

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА СЕКТОРОТ НА МСП ЗА 2023

АГЕНЦИЈА ЗА ПОДДРШКА НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# Содржина


Референци ..... 4

Листа на табели ..... 4

Листа на графикони ..... 6

Листа на користени кратенки ..... 9

Извршно резиме ..... 11

Вовед ..... 15

Улогата на МСП во економскиот развој ..... 17

Стратешка рамка за развој на МСП ..... 24

Макроекономска состојба ..... 30

Глобална макроекономска состојба ..... 30

Макроекономско опкружување во земјата ..... 33

Бруто-домашен производ ..... 39

Правна регулатива ..... 44

Правна рамка ..... 44

Едношалтерски систем и промени на бројот на деловни субјекти ..... 46

Класификација на претпријатијата ..... 47

Демографија на претпријатија ..... 49

Структура на активни претпријатија според големина и дејност ..... 50

Структура на активни претпријатија според географска распределеност ..... 58

Бизнис-демографија и бизнис-динамика ..... 65

Самостојни извршители на дејност ..... 70

Надворешна трговија ..... 73

Клучни показатели и трендови во извозот ..... 78

Клучни показатели и трендови во увозот ..... 85

Електронска трговија и дигитална подготвеност ..... 92

Пазар на труд ..... 98

Податоци за активност на населението и вработување ..... 99

Анализа на примањата ..... 107

Невработеност во Република Северна Македонија ........ 109
Анализа на вработеноста во креативните индустрии ........ 114
Програми за поддршка на вработувањето и претприемништвото ........ 116
Финансиска состојба и финансирање на МСП ........ 120
Основни поими во секторот финансирање на МСП ........ 120
Анализа на факторите што влијаат врз пристапот до финансии ........ 121
Анализа на достапните кредитни линии и грантови за развој на МСП во РС Македонија ........ 132
Зелена економија и општествена одговорност ........ 139
Анализа на перцепциите на МСП во Северна Македонија ........ 145
Детална анализа на одговорите ........ 145
Заклучок ........ 158
Користена литература ........ 160

# Референци

## Листа на табели

Табела 1. Учество на МСП-сектор во вкупен број претпријатија, вработувања и додадена вредност ........ 18
Табела 2. Придонес на МСП-сектор според дејност и големина ........ 19
Табела 3. Дигитална продажба и бизнис-операции, онлајн плаќања и онлајн продажба ........ 22
Табела 4. Стапка на раст на БДП во светот и во регионот ........ 31
Табела 5. БДП по глава на жител во светот, ЕУ и во регионот ........ 32
Табела 6. Стапка на инфлација (потрошувачки цени, годишна промена) ........ 32
Табела 7. Стапка на невработеност во светот, ЕУ и во регионот ........ 33
Табела 8. Основни макроекономски индикатори за РС Македонија, 2019 – 2023 ........ 34
Табела 9. Платен биланс на РС Македонија, агрегирани податоци, за последните три години (2021 – 2023) во мил. евра ........ 36
Табела 10. Бруто-домашен производ 2019 – 2023 (во милиони денари) ........ 40
Табела 11. Бруто-домашен производ според трошочниот метод (во милиони денари) ........ 40
Табела 12. Бруто-домашен производ според производниот метод, тековни цени (во милиони денари) ........ 41
Табела 13. Основање, промени и бришења на трговски друштва, по години ........ 47
Табела 14. Основање, промени и бришења на самостојни вршители на дејност, по години ........ 47
Табела 15. Класификација на трговски друштва според големина ........ 48
Табела 16. Податоци за раст на претпријатија според големина ........ 48
Табела 17. Активни претпријатија по сектори за 2022 и 2023 година ........ 50
Табела 18. Основни структурни деловни показатели по сектори за 2023 година во милиони денари ........ 52
Табела 19. Структура на активни претпријатија според сектор и големина за 2023 ........ 56
Табела 20. Основни структурни деловни показатели според големина за 2023 година 57
Табела 21. Број на активни претпријатија по региони според сектори за 2022 ........ 59
Табела 22. Активни претпријатија по големина и општини во 2022 година ........ 63
Табела 23. Број на новорегистрирани и згаснати трговски друштва за последните седум години (2018 - 2024 година) ........ 66
Табела 24. Активни и новосоздадени претпријатија по сектори за последните три години (2021-2023) ........ 68
Табела 25. Податоци за увоз, извоз и покриеност во периодот 2018 – 2023 во илјади денари ........ 74
Табела 26. Стоковна размена според основните екон. категории за 2022/23 година, во илјади денари ........ 75

Табела 27. Структура на извоз и увоз според класификација на производите по дејности во периодот 2018 – 2023 ..... 75
Табела 28. Стоковна размена според земји во периодот 2018 – 2023, во евра ..... 76
Табела 29. Структура на извозот на производите од преработувачката индустрија според класификација на производите за 2022 и 2023 (во илјади денари) ..... 78
Табела 30. Структура на извоз по вредност според економски групации и земји во периодот 2018 – 2023 година ..... 79
Табела 31. Податоци за извоз според економски групации и сектори на СМТК, за 2023 година (во милиони денари) ..... 81
Табела 32. Структура на вредноста на извозот според големина на претпријатие и сектор за 2022 година ..... 84
Табела 33. Структура на увоз според класификација на производите во преработувачката индустрија за 2022 и 2023 (во илјади денари) ..... 85
Табела 34. Структура на увоз по вредност според економски групации и земји во периодот 2018 – 2023 година ..... 86
Табела 35. Податоци за увоз според економски групации и сектори на СМТК, за 2023 година (во милиони денари) ..... 88
Табела 36. Структура на вредноста на увоз според големина на претпријатие и сектор за 2022 година ..... 91
Табела 37. Податоци за надоместоци според сектори ..... 95
Табела 38. Активно население и стапки на активност за последните три години (2021 – 2023 година) ..... 99
Табела 39. Вработени по пол и возрасни групи за 2021, 2022 и 2023 ..... 100
Табела 40. Структура на вработени според економски сектори во 2023 година ..... 105
Табела 41. Просечна исплатена нето-плата по вработен, по сектор, во денари, за периодот 2018 – 2023 година ..... 108
Табела 42. Број на невработени според должината на невработеноста за последните шест години (2018 – 2023 година) ..... 113
Табела 43. Резултати за просечна финансиска писменост (од 100) ..... 124
Табела 44. Елементи на индексот на финансиска писменост ..... 125
Табела 45. Свесност и користење различни методи на финансирање ..... 126
Табела 46. Показатели за работењето на правните лица според големина ..... 129
Табела 47. Активни кредитни линии од РБСМ за МСП ..... 133
Табела 48. Повици на ФИТР за грантови и кофинансирање за 2023 година ..... 137
Табела 49. Кростабулација на П5 со индустрија ..... 148
Табела 50. Кростабулација на П9 со индустрија ..... 151
Табела 51. Кростабулација на П11 со индустрија ..... 153
Табела 52. Кростабулација на П12 со индустрија ..... 154

# Листа на графикони

Графикон 1. Движење на стапката на инфлација и каматите во ЕУ и во САД ........................31
Графикон 2. Број на активни претпријатија за периодот од 2018 до 2023 година ................49
Графикон 3. Активни претпријатија по класи на големина според бројот на вработени (2021-2023 година) ........................................................................................................................55
Графикон 4. Активни деловни субјекти по статистички региони за 2022 година .............58
Графикон 5. Активни деловни субјекти по региони, по големина според бројот на вработени за 2022 година ............................................................................................................61
Графикон 6. Структура на активни и новосоздадени претпријатија според правната форма за последните три години (2021-2023 година).............................................................67
Графикон 7. Демографија на занаетчии-самостојни извршители на дејност за последните три години (2021-2023).......................................................................................71
Графикон 8. Учество на најголемите пет трговски партнери во извозот и увозот за 2023 година..........................................................................................................................................76
Графикон 9. Земји каде што најмногу се извезува за 2023 година (во милиони денари) ......................................................................................................................................................80
Графикон 10. Извозни претпријатија според регион за 2022 година ...................................82
Графикон 11. Структура на извозни претпријатија според големина за 2022 година .....82
Графикон 12. Процент од вкупен број претпријатија (според големина) кои имаат извозни активности за 2022 година ........................................................................................83
Графикон 13. Земји од каде што најмногу се увезува, во милиони денари за 2023............87
Графикон 14. Увозни претпријатија според регион, за 2022 година ....................................89
Графикон 15. Структура на увозни претпријатија според големина за 2022 година .......89
Графикон 16. Структура на увозни претпријатија според големина за 2022 година .......90
Графикон 17. Структура на безготовински плаќања според број на трансакции и тип на платен инструмент за периодот 2021 – 2023 година..............................................................92
Графикон 18. Структура на безготовински плаќања со платежни картички по место на продажба за периодот од 2021 до 2023 година.......................................................................93
Графикон 19. Структура на безготовински плаќања со платежни картички во земјата и странство за периодот од 2021 до 2023 година.......................................................................94
Графикон 20. Број на трговци што прифаќаат платежни картички во периодот 2018 – 2023.............................................................................................................................................94
Графикон 21. Структура на вработени според статусот на вработеност и пол за 2022 и 2023 година..............................................................................................................................101
Графикон 22. Структура на вработени според статусот на вработеност и возраст за 2022 и 2023 година ..........................................................................................................................102
Графикон 23. Вработеност според школската подготовка и полот за 2023 година ........103

Графикон 24. Структура на вработените според полно и скратено работно време во 2022 и 2023 година....104
Графикон 25. Структура на вработеност според сопственост на претпријатие за 2022 ....104
Графикон 26. Структура на вработеност според сопственост на претпријатие за 2022 и 2023 година....105
Графикон 27. Просечна нето-плата по вработен, во денари, за последните шест години (2018 – 2023 година)....107
Графикон 28. Структура на невработени според полот за 2023 година....109
Графикон 29. Структура на невработени според возраст за 2023 година....110
Графикон 30. Структура на невработени според школска подготовка во 2023....110
Графикон 31. Структура на невработени според должината на невработеноста во 2023 година....111
Графикон 32. Структура на невработени според должината на невработеноста и полот во 2023 година....111
Графикон 33. Структура на невработени според школската подготовка и старосната структура во проценти, во 2023 година....112
Графикон 34. Податоци за употреба на заеми....121
Графикон 35. Претпријатија што се соочуваат со тешкотии при земање заем....122
Графикон 36. % на претпријатија што одбрале како најголема пречка....123
Графикон 37. Претпријатија што користат банкарски заеми според големина....129
Графикон 38. П1. Како би го опишале сегашното ниво на деловна активност во вашиот сектор/индустрија?....146
Графикон 39. П2. Каков беше трендот со побарувачката за вашите производи/услуги во 2023?....146
Графикон 40. П3. Дали во 2023 направивте некоја позначајна инвестиција во нови капитални средства?....147
Графикон 41. П4. Дали во 2023 лансиравте нов производ или услуга на пазарот?....147
Графикон 42. П5. Дали се промени бројот на вработени во вашето претпријатие во 2023? ....148
Графикон 43. П6. Дали во 2023 имавте некакви проблеми со синџирите на набавка и испорака?....149
Графикон 44. П7. Колку ви беше тешко во 2023 да најдете поволни извори на финансирање (банкарски кредити со поволни камати и сл.)?....149
Графикон 45. П8. Дали во 2023 цените на инпутите во вашиот бизнис забележаа промени?....150
Графикон 46. П9. Дали вие ги променивте вашите продажни цени во 2023?....150
Графикон 47. П10. Дали очекувате цените на вашите инпути да се променат во наредните три месеци?....151

Графикон 48. П11. До кој степен вашата компанија користи информатичко-комуникациски технологии во своето деловно работење? ..... 152
Графикон 49. П12. Какви се вашите очекувања за нивото на деловната активност во вашиот сектор во наредните шест месеци? ..... 153
Графикон 50. П13. Какви се вашите планови за следната година во однос на нови вработувања? ..... 154
Графикон 51. П14. Какви се вашите планови за следната година во однос на нови инвестиции во бизнисот? ..... 155
Графикон 52. П15. Како би ја оцениле тековната економска состојба (ситуација) во земјата? ..... 155
Графикон 53. П16. Што од наведеното е ПРВ, а што ВТОР најголем објективен проблем за вашиот бизнис? ..... 156

## Листа на користени кратенки

АВРСМ - Агенција за вработување на Република Северна Македонија

АППРСМ – Агенција за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија

БГП - Бруто годишен приход

БДП - Бруто домашен производ

БиХ – Босна и Херцеговина

Влада - Влада на Република Северна Македонија

ДДВ – Данок на додадена вредност

ДСА - Договор за стабилизација и асоцијација

ЕБРД – Европска банка за обнова и развој

ЕИБ – Европска инвестициона банка

ЕК – Европска комисија

ЕУ - Европска Унија

ЕФТА - Европската асоцијација за слободна трговија

ЗТД - Закон за трговски друштва

ИКТ – Информациски и комуникациски технологии

ИПА - Инструментот за претпристапна помош

ИТС - Интелигентен транспортен систем

ЈИЕ – Југоисточна Европа

МАПАС – Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување

МКД - Македонски денар

ММСП - Микро, мали и средни претпријатија

ММФ – Меѓународен монетарен фонд

МСП - Мали и средни претпријатија

НБРСМ – Народна Банка на Република Северна Македонија

ОЕЦД – Организација за економска соработка и развој

п.п. – процентни поени

ПЕР - Програмата за економски реформи

РБСМ – Развојна банка на Северна Македонија

РСМ - Република Северна Македонија

САД – Соединети американски држави

СМТК – Сектори според меѓународна трговска класификација

СТО – Светска трговска организација

УКИМ – Универзитет Кирил и Методиј

УНКТАД - Конференцијата на Обединетите нации за трговија и развој

ФЕЕ – Фонд за енергетска ефикасност

ФИТР – Фонд за иновации и технолошки развој

ЦЕФТА - Средноевропски договор за слободна трговија

ЦРРСМ - Централен регистар на Република Северна Македонија

# Извршно резиме

Македонската економија во 2023 година се карактеризира со умерена стабилизација на клучните економски индикатори, но останува под силно влијание на трендовите во Европската Унија, со која економијата функционира како дел од „систем на врзани садови“. Во ЕУ инфлацијата падна од 8,8 % во 2022 г. на 6,3 % во 2023 г., додека каматните стапки се зголемија од 1,9 % на 3,9 %. Од друга страна, растот на БДП во 2023 г. значително опадна на 1 % годишно. Овие фактори ја ограничуваат побарувачката за македонски извоз, како и пристапот до капитал, што е од особено значење за македонските претпријатија што зависат од европските пазари.

На домашен план, инфлацијата од 9,4 % во 2023 г., иако значително намалена во споредба со 14,2 % во 2022 г., продолжува да врши притисок врз куповната моќ на потрошувачите и трошоците на претпријатијата. Зголемените цени на суровините и на услугите го намалуваат профитниот маргинал на МСП, особено на оние што имаат ограничена способност за пренос на зголемените трошоци на крајните корисници.

Со раст на БДП од само 2,1 % во 2023 година, македонската економија покажува ограничена експанзија. Ова укажува на слаб раст на пазарот, што може да го ограничи потенцијалот за проширување на деловните активности на МСП.

Намалувањето на стапката на невработеност од 14,4 % во 2022 г. на 13,1 % во 2023 г. е позитивен сигнал, но и понатаму укажува на значителен број луѓе надвор од работната сила. Ова може да претставува пречка за зголемена потрошувачка и побарувачка, но и можност за МСП да привлечат нови работници.

Зголемувањето на каматните стапки на кредитите од 4,6 % во 2022 г. на 5,4 % во 2023 г. создава дополнителни финансиски предизвици за МСП, кои често се потпираат на кредити за финансирање на своите оперативни и развојни активности. Сепак, порастот на земените кредити за 5,1 % во истиот период покажува дека и покрај зголемените трошоци, претпријатијата сè уште се стремат да вложуваат во своето работење.

Зголемениот буџетски дефицит од 4,4 % во 2022 г. на 4,9 % во 2023 г. и растот на бруто-надворешниот долг од 82,8 % на 83,9 % од БДП покажуваат зголемена зависност од јавни и надворешни финансиски извори. Ова може да ги ограничи владините можности за дополнителна поддршка на МСП преку субвенции, даночни олеснувања или други програми за стимулирање на бизнисите.

Трговскиот биланс на стоки останува во дефицит, но бележи значително подобрување од 3.826 милиони евра во 2022 г. на 2.825 милиони евра во 2023 г.. Ова укажува на намалување на увозот или раст на извозот, што е позитивен сигнал за производствените сектори. Трговскиот биланс на услуги е стабилен, со суфицит од 749 милиони евра во 2022 г. и 736 милиони евра во 2023 г.. Секторите како туризмот и ИКТ

продолжуваат да придонесуваат позитивно. Салдото на тековната сметка бележи значајна трансформација, од дефицит од 797 милиони евра во 2022 г. на суфицит од 95 милиони евра во 2023 г. Ова е клучен индикатор за зголемена економска стабилност и можност за подобрување на инвестициите. Девизните резерви пораснаа од 3.863 милиони евра во 2022 г. на 4.538 милиони евра во 2023 г., обезбедувајќи стабилност на денарот и заштита од потенцијални надворешни шокови.

Влијанието на податоците од надворешнотрговската размена врз МСП укажува дека намалениот трговски дефицит на стоки и стабилниот извоз на услуги отвораат можности за МСП кои се насочени кон извоз или обезбедување услуги за странски пазари. Владините програми за поддршка на извозот може дополнително да го зајакнат овој тренд. Зголемените девизни резерви и суфицитот на тековната сметка создаваат посигурен макроекономски амбиент, што е важно за претпријатијата кои планираат инвестиции или проширување.

Предизвици што остануваат се високите каматни стапки и цените на енергијата, кои се значаен товар за МСП.

Македонската економија покажува знаци на подобрување во 2023 година, особено преку намалувањето на трговскиот дефицит, растот на девизните резерви и намалувањето на инфлацијата и невработеноста. Сепак, економскиот амбиент за работа на микро, мали и средни претпријатија (МСП) и понатаму е сложен, со умерен раст, повисоки финансиски трошоци и ограничени фискални можности. Во 2023 г. остануваат сериозни предизвици за МСП кои се соочуваат со зголемени трошоци за инпути, проблеми со набавките и ограничен пристап до финансии.

Според истражувањето на ставовите на МСП, помалку од една петтина од компаниите реализирале инвестиции или лансирале нови производи во 2023 година, а најголем дел од компаниите остануваат претпазливи и во однос на идните вработувања и проширувања. За справување со инфлацијата, компаниите најчесто ги зголемувале цените на своите производи, но ваквата стратегија е одржлива само на краток рок. Иако 34 % од компаниите проценуваат дека има умерено подобрување, повеќе од половина од испитаниците очекуваат подобра економска активност во иднина, но ова умерено оптимистичко очекување е придружено со идентификување на инфлацијата како главен предизвик за стопанството, како и предвидувања за натамошен раст на цените на инпутите.

За да опстојат и напредуваат, МСП треба внимателно да управуваат со трошоците и да вложуваат во иновации, ефикасност и диверзификација на производите и услугите. Во овој контекст, претпријатијата мора да се насочат кон дигитална трансформација, зголемување на ефикасноста и диверзификација на производите за да останат конкурентни. И покрај сегашната претпазливост, дигитализацијата и иновациите ќе бидат од витално значење за долгорочен успех на МСП во Македонија.

Користењето на достапните грантови и субвенции за финансирање е од клучно значење, особено за поттикнување на инвестициите и иновациите. Владината поддршка во извозно ориентираните сектори и услуги може значително да ја зголеми конкурентноста на претпријатијата, како на домашниот така и на странските пазари. Дополнително, мерките за справување со инфлацијата се неопходни за создавање стабилна економска средина, што е предуслов за одржлив развој и нови можности за раст.

Од заклучоците од претходните анализи произлегува дека фокусот на програмите за поддршка на конкурентноста на микро, мали и средни претпријатија (МСП) во наредниот период треба да се насочи кон следниве приоритетни области:

1. Градење капацитети за управување, претприемништво и стандардизација
    - Развој на способности за ефикасно управување и претприемништво.
    - Воведување и примена на меѓународни и национални стандарди за квалитет и одржливост.
2. Развој на менаџерски капацитети и знаења со фокус на дигиталната трансформација
    - Примена на напредни ИТ-технологии за оптимизација на процесите.
    - Дигитализација на работењето за креирање иновативни бизнис-модели и зголемување на ефикасноста.
3. Подобрување на финансиската писменост и пристапот до финансии
    - Обуки за финансиски менаџмент и планирање.
    - Овозможување полесен пристап до финансиски инструменти, како што се кредити, грантови и инвестициски фондови.
4. Поттикнување иновации и зајакнување на соработката
    - Развивање иновациска култура во МСП преку истражување и развој.
    - Промовирање партнерства со образовни и истражувачки институции за примена на најнови технологии и идеи.
5. Премин кон циркуларна економија и зелена транзиција
    - Унапредување на ресурсите и технологиите за поддршка на одржливи практики.
    - Примена на еколошки одговорни стратегии за намалување на отпадот и јаглеродните емисии.

Програмите насочени кон овие области ќе помогнат во зголемувањето на конкурентноста на МСП, нивниот одржлив развој и капацитетот за адаптација во променливото деловно опкружување.

Во однос на клучниот стратешки документ од кој треба да произлезат политиките за поддршка на МСП, Националната стратегија за мали и средни претпријатија (2018-2023) на Министерството за економија, кој заврши во 2023 г., голем дел од предвидените

активности сѐ уште не се реализирани. Во моментот веќе се работи на Стратегијата за развој на МСП 2025-2030 каде што главна цел е да се развие рамка на политики за МСП во согласност со стратешките приоритети на ЕУ и да се зголемат капацитетите на јавната администрација за подобар развој на програми и мерки за развој на МСП.

# Вовед

Малите и средни претпријатија (МСП), кои учествуваат со 99 % во вкупниот број активни стопански субјекти во земјата, претставуваат клучен сегмент во економската структура. Тие се карактеристични по својата динамичност, флексибилност, но и чувствителност кон економските промени. Како такви, нивните перформанси се директен показател за општите состојби во економијата. За носителите на економски политики, систематското следење на овој сектор е од суштинско значење за креирање соодветни решенија и мерки кои ќе го поттикнат неговиот развој, како и за споредба со другите земји.

За таа цел, во 2004 година е основана опсерваторијата за МСП во рамките на проектот „Поддршка на политиките на Министерството за економија", финансиран од Европската агенција за реконструкција и таа функционира во состав на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на РС Македонија. Таа обезбедува релевантни и компаративни податоци и анализи преку изготвување годишни извештаи и анализи кои служат како основа за унапредување на политиките и стратегиите за поддршка на малите и средни претпријатија.

„Годишниот извештај за секторот на МСП за 2023" претставува годишен извештај кој се изработува со користење методологија по урнек на Европската опсерваторија за МСП, чија главна цел е да даде преглед на состојбата во МСП-секторот, тековен увид во досегашните достигнувања и можностите за натамошно подобрување. Годишните извештаи за МСП играат клучна улога во зголемувањето на ефикасноста на применетите мерки, овозможувајќи информиран процес на донесување одлуки од страна на владата, институциите и организациите, како и обезбедување поддршка за различни истражувачки и проектни иницијативи.

За потребите на изработката на годишниот извештај се користат два метода.

**Анализа на секундарни податоци,** каде што со користење деск-анализа се сумираат официјалните податоци од различни релевантни институции во земјата и во регионот. Овие податоци ќе опфатат области како економски развој, правна регулатива, трговија, пазар на труд, финансии, зелена економија и демографија на претпријатија. Анализата ќе се фокусира на трендовите и промените во последните години, како и компаративна анализа со земјите од ЕУ и од регионот.

**Анализа на примарни податоци** преку спроведување истражување на мислењето на менаџерите или сопствениците на примерок од 100 мали и средни претпријатија во врска со состојбите во овие области. Ова истражување ќе овозможи контекстуализација на статистичките податоци и ќе обезбеди квалитативен увид кој ќе биде значајно надополнување на официјалниот преглед.

Целта на комбинирањето на овие два метода е да обезбеди длабинска анализа на состојбите во МСП-секторот, да постави основи и да придонесе во развивањето поефективни стратегии и политики што ќе ги подобрат конкурентноста и бизнис-климата во земјата.

Како главен извор на информации при изработката на извештајот беа користени базите на податоци од Државниот завод за статистика и Централниот регистар на РС Македонија, кои претставуваат клучен ресурс за прибирање информации за деловните субјекти. Покрај тоа, за да обезбеди пообемна и попрецизна анализа, значајна улога играат и податоците од Народната банка на РС Македонија, особено во поглед на макроекономските показатели, финансиската состојба и задолженоста на МСП-секторот, податоци за електронска трговија и сл.

Дополнително, за поширок контекст и компаративна анализа, се користат податоци од Меѓународниот монетарен фонд, Организацијата за економска соработка и развој, како и од други релевантни институции на национално и меѓународно ниво. Тука се вклучени и информации од Агенцијата за вработување на РС Македонија (АВРСМ), Министерството за економија, Министерството за финансии, како и од банкарскиот сектор и голем број други релевантни институции кои со своите информации придонесуваат за целокупната изработка на овој извештај.

Подетална листа со сите материјали и литература користени за изработка на овој извештај може да се најде во делот користена литература.

# Улогата на МСП во економскиот развој

Малите и средни претпријатија претставуваат основна движечка сила на економијата која значително придонесува во креирањето на бруто-домашниот производ (БДП), генерира голем дел од вработеноста, поттикнува иновации и придонесува за економски раст. МСП претставуваат основа на економската структура во повеќето земји, вклучувајќи ја и РС Македонија, каде што сочинуваат повеќе од 99 % од вкупниот број претпријатија. Важноста на улогата на МСП за економскиот развој може да се види преку:

- **учеството во националниот бруто-домашен производ**, обезбедувајќи стабилна основа за економски раст. Преку нивната способност за адаптација и динамично работење тие овозможуваат диверзификација на економијата и зголемена продуктивност;
- **генерирање работни места**, со што помагаат во намалување на невработеноста и подигнување на животниот стандард;
- **поттикнување иновации и технолошки развој**, кои настануваат поради нивната флексибилност и отвореност кон промени. МСП често иницираат нови бизнис-модели, производи и технологии, при што ја подобруваат конкурентноста на економијата на глобално ниво;
- **поефикасна распределба на ресурси** преку таргетирање помали, поспецифични пазари зависно од потребите на клиентите.

Токму поради ваквиот нивен придонес, МСП претставуваат движечка сила на економскиот раст и развој и затоа нивната поддршка преку најразлични програми, мерки и активности за олеснување на пристапот до финансии, соодветни регулативи и инцијативи за поттикнување на иновациите е од суштинско значење за одржлив економски развој.

Во продолжение се претставени податоците за придонесот на МСП-секторот во РС Македонија, регионот и на ниво на ЕУ. Како што може да забележиме од табела 1, МСП-секторот сочинува најголем дел, или 99 % од стопанските субјекти во земјите од регионот, вклучувајќи ги и РС Македонија и ЕУ, учествува со барем две третини во вкупната вработеност и генерира барем половина од додадената вредност во економијата. Поединечните показатели по земја може да се видат во табела 1[1].

[1] Во прашање се последни достапни официјални податоци. За ЕУ и РС Македонија, податоците се однесуваат на 2023 година, за Србија, Албанија и БиХ од 2022 година, додека за Црна Гора се од 2018 година, а за Косово од 2020 година.

**Табела 1. Учество на МСП-сектор во вкупен број претпријатија, вработувања и додадена вредност**




**Извор: Национални заводи за статистика, European Neighbourhood and Enlargement Negotiations (DG NEAR)**

Заедничко за сите економии е тоа што малите и средни претпријатија сочинуваат повеќе од 99 % од сите економии, но во поглед на тоа колку вработуваат и колку додадена вредност генерираат, постојат одредени разлики помеѓу ЕУ и земјите од регионот. Додека во ЕУ, МСП-секторот вработува 65 % од работната сила, таа бројка е значително поголема во Албанија (82,1 %) и Косово (80,4 %). Во Црна Гора МСП-секторот вработува 76,3 %, во РС Македонија 73 %, во БиХ 69,6 %, додека во Србија 66 %, што е најблиску до нивото на вработувања од страна на МСП-секторот во Европа.

Од аспект на додадената вредност што ја генерира МСП-секторот, може да се забележи дека постојат одредени разлики. Имено, МСП-секторот во Европа генерира 53 % од додадената вредност, додека во преостанатите земји од регионот овој процент е повисок и изнесува: во Албанија 78,4 %, по што следуваат Црна Гора со 76,3 %, РС

Македонија со 67,6 % и БиХ со 64,9 %. Исклучок е Србија каде што тој процент изнесува 55,1 % и е сличен на европскиот просек.

Во поглед на учеството во додадената вредност кој го имаат по сектор и големина, во продолжение се дадени податоци од неколку земји од регионот.

**Табела 2. Придонес на МСП-сектор според дејност и големина**

| Сектор | Додадена вредност | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Србија | | РС Македонија | | БИХ | |
| | МСП | Големи | МСП | Големи | МСП | Големи |
| Рударство и вадење камен | 1,5 % | 98,5 % | 20,8 % | 79,2 % | 17,5 % | 82,5 % |
| Преработувачка индустрија | 39,2 % | 60,8 % | 48,5 % | 51,5 % | 58,9 % | 41,1 % |
| Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација | 26,1 % | 73,9 % | 52,6 % | 47,4 % | 11,9 % | 88,1 % |
| Снабдување со вода, отстранување отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината | 56,2 % | 43,8 % | 48,9 % | 51,1 % | 81,5 % | 18,5 % |
| Градежништво | 72,4 % | 27,6 % | 79,9 % | 20,1 % | 86,5 % | 13,5 % |
| Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли | 71,5 % | 28,5 % | 84,4 % | 15,6 % | 70,7 % | 29,3 % |
| Транспорт и складирање | 60,9 % | 39,1 % | 81,3 % | 18,7 % | 62,4 % | 37,6 % |
| Објекти за сместување и сервисни дејности со храна | 90,5 % | 9,5 % | 100,0 % | 0,0 % | 100,0 % | 0,0 % |
| Информации и комуникации | 49,8 % | 50,2 % | 58,2 % | 41,8 % | 53,0 % | 47,0 % |
| Дејности во врска со недвижен имот | 100,0 % | 0,0 % | 94,6 % | 5,4 % | 100,0 % | 0,0 % |
| Стручни, научни и технички дејности | 85,1 % | 14,9 % | 98,6 % | 1,4 % | 100,0 % | 0,0 % |
| Административни и помошни услужни дејности | 51,8 % | 48,2 % | 61,6 % | 38,4 % | 61,9 % | 38,1 % |
| Образование | 94,7 % | 5,3 % | 100,0 % | 0,0 % | 100,0 % | 0,0 % |
| Уметност, забава и рекреација | 24,9 % | 75,1 % | 75,5 % | 24,5 % | 61,6 % | 38,4 % |
| Дејности на здравствена социјална заштита | 87,2 % | 12,8 % | 30,7 % | 69,3 % | 100,0 % | 0,0 % |
| Други услужни дејности | 84,0 % | 16,0 % | 100,2 % | 0,0 % | 100,0 % | 0,0 % |
| Поправка на компјутери и предмети за лична употреба и за домаќинствата | N/A | N/A | 99,9 % | 0,0 % | N/A | N/A |

**Извор: Национални заводи за статистика на Србија, Албанија и БиХ, Државен завод за статистика**

Од аспект на придонесот што го имаат малите и средните претпријатија во различни дејности, може да се забележи дека генерално МСП-секторот најмногу придонесува во дејностите како објекти за сместување и сервисни дејности со храна, дејности во врска со недвижен имот, стручни научни и технички дејности, образование и сл., меѓутоа, постојат одредени разлики помеѓу дејности и МСП-секторот во зависност од економијата.

Во РС Македонија поизразено е учеството на МСП во креирање додадена вредност во дејноста трговија на големо и мало и поправка на моторни возила (84,4 %), додека овој процент во Србија и БиХ е околу 70 %. Исто така, во РС Македонија малите и средни компании од дејноста транспорт и складирање генерираат 81,3 % од додадената вредност, додека овој процент во Србија и во БиХ се движи околу 60 %. Од преостанатите дејности каде што МСП-секторот во РС Македонија генерира повисок процент на додадена вредност во споредба со регионот е дејноста уметност, забава и рекреација со 75,5 % додадена вредност, како и дејноста информации и комуникации (58,2 %).

Податоците за учеството на МСП-секторот во економијата го потенцираат неговото значење како двигател на економијата, како во ЕУ така и во земјите од регионот, при што неговото значење е уште поизразено имајќи предвид дека учествува со многу поголем процент во вкупниот број вработувања и економската вредност.

Токму поради клучната улога што ја имаат малите и средни претпријатија за европската економија, од страна на Европската комисија во 2008 година беше усвоен Актот за мали претпријатија со цел да создаде поволна средина за МСП-секторот за раст и подобрување на конкурентноста. Актот за мали претпријатија се темели на следниве 10 принципи создадени да ја водат имплементацијата на политиките на ниво на ЕУ и на ниво на поединечни земји:

1. Креирање средина во која претприемачите и семејните бизниси ќе можат да напредуваат и претприемништвото ќе биде наградено.
2. Втора шанса по банкрот за чесните претприемачи.
3. При креирање правила да важи принципот „прво мисли на малите“.
4. Јавната администрација да биде одговорна на потребите на малите и средни бизниси.
5. Приспособување на алатките за јавна политика на потребите на МСП: олеснување на учеството на МСП во јавните набавки и подобро искористување на можностите за државна помош за МСП.
6. Да се олесни пристапот на МСП до финансии и да се развие правна и деловна средина која поддржува навремени плаќања во комерцијалните трансакции.
7. Да им помогне на малите и средните претпријатија да имаат поголема корист од можностите што ги нуди единствениот пазар на ЕУ.
8. Промовирање надградба на вештините во МСП и сите форми на иновации.
9. Оспособување на МСП да ги претворат еколошките предизвици во деловни можности.
10. Охрабрување и поддршка на МСП во искористувањето на растот на меѓународните пазари.

Сите земји од регионот како аспиранти за членство во ЕУ ги усогласуваат своите законодавства со европските и во тој контекст го имаат вклучено Актот за мали претпријатија и неговите десет принципи при креирање на своите политики, со цел да создадат поконкурентен МСП-сектор.

Во извештајот „Индекс на политики за мали и средни претпријатија: Западен Балкан и Турција 2022“, подготвен од страна на OECD[2], се мери прогресот во имплементацијата на Актот за мали претпријатија. Според наодите од овој извештај на ниво на Западен Балкан, иако е зголемен процентот на усвојување дигитални алатки од страна на МСП-секторот, овие компании сѐ уште заостануваат зад просекот на ЕУ. Понатаму, според извештајот, направени се исчекори во зголемување на понудата на зелени производи и услуги преку понуда на финансиски кредити за оваа намена, а се забележани и напори за поддршка на извозните активности на МСП-секторот и понуда на повеќе можности за самовработување и стартапи со цел регионот да се избори со проблемот на долгорочна невработеност со кој се соочува. Во извештајот, во рамките на регионот, се дава препорака за подобрување на процесот на прибирање податоци за МСП-секторот, забрзување на процесот на дигитална трансформација и поддршка за зелена транзиција, подобрување на претприемачките вештини и подобрување на конкурентноста преку регионална соработка. Поконкретно за РС Македонија, препораките на извештајот се дека бележи напредок во делот за услуги за поддршка на мали и средни претпријатија (МСП), јавни набавки, пристап до финансии, политика за иновации и интернационализација на МСП, додека, од друга страна, едни од најслабите точки остануваат претприемачките вештини, како и претприемничко образование и женското претприемништво. Оттука, се препорачува зајакнување на напорите за вклучување на претприемништвото како клучна компетентност на сите нивоа, изработка на системска анализа на потребите за обука во РС Македонија, подобрување на обезбедувањето информации и услуги за поддршка на МСП кои бараат сертификација, како и подобрување на соработката помеѓу бизнис-секторот и универзитетите.

**Дигитализацијата** е еден од клучните приоритети на Европската Унија за подобрување на ефикасноста и конкурентноста на МСП-секторот. Извештајот „Финансиска писменост и дигитализација на МСП-секторот во Југоисточна Европа“ на ОЕЦД од 2023 година покажува дека има доста простор за подобрување во поглед на дигитализацијата во Северна Македонија.

Во табелата подолу се претставени податоци во однос на нивото на користење дигитални алатки и операции во работењето на македонските претпријатија.

[2]https://www.oecd-ilibrary.org/docserver/b47d15f0-en.pdf?expires=1732474834&id=id&accname=guest&checksum=E28673C618DFD322E27A9B8D82D70B6E

**Табела 3. Дигитална продажба и бизнис-операции, онлајн плаќања и онлајн продажба**

| | Просек за ЈИЕ | РС Македонија | Бугарија | Хрватска | Грузија | Молдавија | Црна Гора | Романија |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Дигитална продажба и бизнис операции** | | | | | | | | |
| Има веб страница за презентирање на бизнисот | 40 % | 36 % | 38 % | 62 % | 22 % | 37 % | 41 % | 46 % |
| Има наменска веб страница за продажба на производи и услуги | 32 % | 24 % | 26 % | 44 % | 30 % | 34 % | 24 % | 40 % |
| Продава производи и услуги онлајн преку својата веб страница | 48 % | 36 % | 32 % | 61 % | 28 % | 60 % | 47 % | 73 % |
| Продава производи и услуги онлајн преку општа платформа | 41 % | 31 % | 23 % | 54 % | 22 % | 47 % | 47 % | 64 % |
| Користи социјални медиуми за рекламирање на бизнисот | 58 % | 57 % | 46 % | 68 % | 32 % | 61 % | 61 % | 81 % |
| **Онлајн плаќање и онлајн продажба** | | | | | | | | |
| Онлајн плаќање од страна на купувачите | 30 % | 25 % | 15 % | 53 % | 13 % | 28 % | 23 % | 52 % |
| Онлајн плаќање спрема добавувачите | 34 % | 31 % | 16 % | 55 % | 15 % | 38 % | 25 % | 54 % |
| Продажба која се врши преку веб страницата на бизнисот | 17 % | 14 % | 11 % | 21 % | 6 % | 12 % | 18 % | 34 % |
| Продажба која се врши преку општа платформа | 14 % | 12 % | 4 % | 19 % | 4 % | 9 % | 25 % | 27 % |

**Извор: OECD**

Од податоците во табелата може да се забележи дека:

- Веб-страница за презентација на бизнисот користат 36 % од МСП;
- Онлајн производи или услуги за продажба нудат 36 % од МСП;
- Социјални медиуми користат 57 % од МСП;
- Онлајн плаќања од купувачи остваруваат 25 % од МСП;
- Добавувачи онлајн плаќаат 31 % од МСП;
- Продажба преку сопствената бизнис веб-страница прават 14 % од МСП.

Анализата на податоците покажува дека употребата на дигитални алатки и процеси од страна на МСП во Македонија е под просекот на земјите од Југоисточна Европа и особено пониска од ЕУ-земјите Хрватска и Романија.

Дигитализацијата на малите и средни претпријатија е несомнено значаен процес кој нуди можности за подобрување на бизнис-процесите и зголемување на конкурентноста. Но, за да се реализира овој потенцијал, потребно е надминување на повеќе предизвици, како што се недостигот на квалификувана работна сила, реформи

во образованието во насока на обука на младите за вештини и знаења релевантни на новото време, развој на дигиталната инфраструктура, поддршка на стартапи итн. Повеќе за состојбата во процесот на дигитализација во Северна Македонија има во делот електронска трговија и дигитална подготвеност.

Улогата на дигитализацијата да обезбеди поефикасни алатки, брза размена на информации и пристап до глобални ресурси директно влијае врз процесот на иновација и конкуренција на претпријатијата. Тесно врзан за способноста на стопанството да креира нови и подобрени услуги и производи е бројот на поднесени пријави за патенти и неговата промена во текот на времето. Според податоците на Државниот завод за индустриска сопственост, бројот на поднесени патентни пријави од домашни подносители од година на година се намалува, и тоа од 49 патентни пријави во 2019 година, 44 во 2020 година, 41 во 2021, 24 во 2022, па сè до 19 во 2023 година. Дополнително, од поднесените 19 патентни пријави во 2023 година само 6 се поднесени од правни лица.

Поднесувањето патентни пријави е значајно бидејќи има потенцијал да влијае врз растот на МСП на неколку начини:

- Поднесувањето патенти покажува дека едно МСП е иновативно и се стреми да развие нови производи или процеси. Патентите можат да обезбедат правна заштита за новите идеи, што значи дека компанијата може да ги искористи овие иновации за да се разликува од конкуренцијата и да создаде нови пазарни можности.
- Патентите можат да служат како средство за влез на нови географски пазари преку привлекување нови партнери и клиенти.
- Патентите можат да се гледаат како докази за технологијата и потенцијалот на МСП, што може да го зголеми интересот од инвеститори.
- Поднесувањето патенти може да создаде можности за монетизација, како што се лиценцирање на технологија или продажба на патентни права. Ова може да создаде нови извори на приходи за компанијата и да ги поддржи финансиските аспекти на нејзиниот раст.

Степенот на дигитализацијата и капацитетот за иновации несомнено придонесуваат за брза адаптација на пазарни промени, подобрена ефикасност и остварување конкурентска предност, но основа за имплементација на новите технологии и континуираниот развој на МСП е квалификуваноста на вработените. Конкурентноста и одржливоста на МСП директно зависат од човечкиот капитал.

## Стратешка рамка за развој на МСП

Владата на Република Северна Македонија ги дефинира насоките и целите за постигнување повисок економски развој преку својот сектор за економски прашања, при што во својата програма 2020 – 2024 приоритет се дава на економскиот раст и трансформација на економијата со акцент на поттикнување иновации. Овие насоки од Владата потоа детално се разработуваат во различни стратешки документи, кои имаат интердисциплинарен карактер и обврзуваат на соработка помеѓу повеќе владини ресори и сектори. Во контекстот на малите и средни претпријатија (МСП), неколку клучни стратегии и акциски планови се од суштинско значење за реализација на поставените цели. Во 2023 година биле во сила неколку важни стратешки документи кои ги определуваат приоритетите и мерките за развој на секторот МСП и други поврзани области.

**Програмата за економски реформи (ПЕР) на Владата (2023 – 2025 година)** од јануари 2023[3], содржи структурни реформи кои продолжуваат во континуитет од претходната ПЕР 2022 – 2024, со соодветни дополнувања, при што главна цел е да обезбеди следење на степенот на спроведување на реформите до нивна целосна реализација, со што се обезбедува одржливост на приоритетната реформска агенда, но дава и слика за капацитетите на земјата за спроведување политики насочени кон економски развој. Од аспект на структурни реформи, се предвидуваат мерки за справување со трите главни предизвици за поголема конкурентност и инклузивен раст идентификувани во претходната ПЕР 2022 – 2024 кои остануваат релевантни и се во согласност со забележаните предизвици во рамките на оцената на ЕК за ПЕР 2022 – 2024.

1. **Зајакнување на човечкиот капитал за инклузивен развој**, при што се предвидуваат мерки за понатамошен развој на системот на квалификации, зголемување на флексибилноста и сигурноста на пазарот на труд, зајакнување на системот за социјална вклученост на ранливи категории лица и подобрување на квалитетот на примарната здравствена заштита.
2. **Поттикнување зелена транзиција** со предвидување мерки за промовирање обновливи извори на енергија, подобрување на енергетската ефикасност, воспоставување инфраструктура за собирање и третман на отпадни води во согласност со ЕУ, како и воспоставување интегриран и финансиски самоодржлив систем за управување со отпад.
3. **Подобрување на конкурентноста на домашните претпријатија, нивната интеграција во глобални вредносни синџири и формализација на економијата,** каде што се предвидуваат мерки како имплементација на интелигентен транспортен систем (ИТС) по должината на Коридор 10,

[3] https://finance.gov.mk/wp-content/uploads/2023/02/%D0%9F%D0%95%D0%A0-2023-2025.pdf

проширување на опсегот на дигитални услуги достапни на националниот портал за е-услуги, рационализирање на употребата на парафискалните давачки, хибриден фонд за зелени и дигитални стартап- и иновативни мали и средни претпријатија, воведување механизми за формализирање на неформалната работа во сектори со висока застапеност на непријавена работа, поддршка за развој на иновацискиот екосистем, зајакнување на пазарните правила во земјата, како модернизација на постбербени технологии и процеси во трговијата со македонските земјоделски производи.

Во голем дел, значењето на приоритетите на програмата за економски реформи го потврдува и **Рамката за развој МКД 2030[4],** која претставува стратешки документ изготвен по иницијатива на поранешниот претседател Стево Пендаровски, при што се дефинираат четири приоритети, во чии рамки се наведени и препораки за потребните интервенции по области, а задачата за осмислување мерки е препуштена на владините институции, а тоа се:

1. **Забрзан економски раст**, при што се става акцент на зголемување на продуктивноста во земјата, подигнување на конкурентноста на националната економија, подигнување на стапката на иновации и технолошки развој, намалување на сивата економија и обезбедување флексибилен и динамичен пазар на труд
2. **Повисока заштита на животната средина и реформирана енергетска политика**, при што се препорачува развивање ефикасен и ефективен систем на управување со отпад, подобрување на интегрираното управување со води, заштита на природата и биодиверзитетот, подобро справување со климатски промени, реформирана енергетска политика итн.
3. **Дигитализација**, односно забрзување на дигиталната трансформација во земјата, промовирање дигитална економија, развивање македонски ИТ-сектор, целосна дигитализација на јавните услуги.
4. **Образование, млади и инклузивен развој**, при што се препорачува современо образование приспособено на светските трендови и на побарувачката на пазарот на трудот, намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост, креирање инклузивно општество за младите, градење современи културни политики, медиуми и квалитетно информирање и почитување на човечките права и заштита од дискриминација.

Визијата на **Национална стратегија за мали и средни претпријатија (2018 – 2023)**[5] е МСП-секторот да биде двигател на економскиот развој, создавајќи продуктивни работни места и поттикнувајќи иновации во различни сектори, при што се цели на тоа да се воспостави рамка за соработка помеѓу различни чинители,

[4] https://mkd2030.mk/
[5]https://economy.gov.mk/Upload/Documents/Strategija%20za%20MSP%20-%20finalna%20verzija%2003%2004%202018%20.pdf

вклучувајќи ги јавниот и приватниот сектор, како и граѓанското општество, која е клучна за поддршка на развојот на МСП и зголемување на нивната конкурентност, што ќе им овозможи да бидат поуспешни на домашниот и на меѓународниот пазар.

Стратегијата се потпира на три главни стратешки цели, кои се основа за развојот на МСП. Првата стратешка цел е создавање поволно деловно опкружување што подразбира создавање на услови кои поттикнуваат претприемништво и инвестиции. Со поедноставување на правните и регулаторните процедури, стратегијата има цел да го олесни процесот на започнување и водење бизнис. Втората стратешка цел е зголемување на можностите за раст на МСП. Оваа стратегија настојува да им помогне на МСП да станат високо продуктивни и конкурентни на европските и глобалните пазари. Ова вклучува подобрување на пристапот до финансирање и поддршка за интернационализација. Третата стратешка цел е создавање динамичен екосистем на претприемништво и иновации. Овој столб се фокусира на поттикнување на економската конкурентност преку зголемување на иновативниот капацитет на МСП. Важен аспект е интеграцијата на претприемништвото во образованието и обуката, што ќе создаде нова генерација на иноватори и претприемачи.

Стратегијата е изготвена во согласност со Актот за мали претпријатија на Европската Унија, што значи дека се стреми да создаде поволно опкружување за сите МСП. Ова вклучува мерки за подобрување на стечајните постапки, воведување на принципот „Прво мисли на малите“ за процена на новите регулативи и подобрување на услугите за поддршка на претприемачите и сл.

Стратегијата, исто така, ја акцентира и важноста на иновациите и еколошката одржливост, каде што преку поддршка на „зелени МСП“ се труди да ги охрабри претпријатијата да ги искористат можностите што ги нудат новите технологии и еколошките иницијативи за намалување на негативното влијание врз животната средина и креирање нови деловни можности.

**Индустриската стратегија 2018 – 2027**[6] претставува важен документ кој го дефинира развојот на преработувачката индустрија како темел на економијата и кој во 2023 година учествува во БДП со приближно 15 %, а е важен за малите и средните претпријатија бидејќи тие сочинуваат 99,3 % од вкупниот број претпријатија во преработувачката индустрија. Стратегијата се фокусира на следниве стратешки цели и таргети кои се очекува да ги постигне до 2027 година.

1. **Зајакнување на основата на преработувачката индустрија** со таргети како зголемување на бројот на претпријатија и на вработени во преработувачката индустрија, како и зголемување на придонесот кој го има во БДП.

[6] https://economy.gov.mk/Upload/Documents/Finalna%20Industriska%20Strategija.pdf

2. **Зголемување на продуктивноста, иновациите и трансферот на технологија во преработувачка индустрија** со таргети кои вклучуваат зголемена продуктивност, повисоко рангирање на индекс на иновации, како и зголемена средна и висока технологија на додадена вредност на производство во вкупна додадена вредност.
3. **Катализирање на зелената индустрија** со воспоставување зелена регулатива, мониторинг-систем за индустриско загадување, регистар на претпријатија со воведени ИСО-системи, број на претпријатија со дозволи за интегрирано спречување и контрола на загадувањето и формирање зелени и лесни производствени индустриски зони.
4. **Стимулирање на извозот на преработувачката** со таргети како зголемена вкупна извозна вредност и зголемен процент во вкупниот извоз на преработувачката индустрија, средна и висока технолошка преработувачка дејност и подобрена структура на извозот според широките економски категории.
5. **Изградба на преработувачка индустрија во која се учи,** зголемување на просечна бруто-плата по вработен во преработувачката индустрија, бруто-домашен трошок за истражување и развој како процент на БДП и трошок на претпријатијата за истражување и развој.

Во рамките на заложбите за поттикнување на економскиот раст и инклузијата, институциите во РС Македонија, со значителна поддршка од меѓународни организации, ја поставија како приоритет **развојната стратегија за развој на женско претприемништво (2019 – 2023)**[7]. Покрај општите стратегии за развој на претприемништвото, институциите во Северна Македонија, со поддршка од меѓународни организации, се фокусираат на зајакнување на женското претприемништво. Визијата на оваа стратегија е економско зајакнување на жените преку развивање на нивниот претприемачки потенцијал.

Целите на оваа стратегија вклучуваат создавање поволна деловна клима за жените претприемачи, обезбедување поддршка за развој и одржливост на нивните бизниси, поттикнување отворање нови претпријатија и креирање нови работни места и изградба на претприемачки екосистем кој ќе овозможи континуиран раст на женското претприемништво.

Оваа стратегија има важна улога во поттикнувањето на женското учество во економијата преку конкретни мерки и програми, што придонесува кон зголемување на економската независност и учество на жените во приватниот сектор.

[7] Стратегија за развој на женско претприемништво во Република Македонија 2019-2023

Покрај тоа, **Стратегијата за финансиска едукација и финансиска инклузија (2021 – 2025)**[8] има цел да ја зголеми финансиската инклузија и да го олесни пристапот до финансиски производи и услуги за сите заинтересирани страни, вклучително и правни субјекти. Фокусот е на создавање услови за еднаков пристап до финансиски ресурси, што ќе им овозможи на деловните субјекти и поединците да ги користат предностите на современите финансиски системи. Клучните придобивки од стратегијата се зголемен пристап до финансиски производи и услуги приспособени на различни потреби, подобрување на финансиската писменост за да се зголеми употребата на овие ресурси и поддршка за економскиот развој преку поттикнување поефективно користење на финансиските можности.

Оваа стратегија е значаен чекор во интеграцијата на националната економија во современите финансиски текови и обезбедување инклузивен пристап кон ресурсите.

Во годинашната **програма на Министерството за економија за 2023**[9] **година** се утврдени следниве стратешки програми и потпрограми:

1. **Подобрување на деловната клима и зголемување на конкурентноста**
    а. Поддршка и развој на мали и средни претпријатија;

    б. Развој и подобрување на конкурентноста на македонската индустрија и инвестициска политика;

    в. Поддршка и развој на туризмот и угостителството.
2. **Одржливо искористување на природните ресурси**
    а. Развој на енергетиката;

    б. Одржливо искористување на минерални суровини.
3. **Креирање единствен внатрешен пазар**
    а. Заштита на потрошувачи и безбедност на производите;

    б. Безбедност на возилата.
4. **Креирање ефективна трговска политика**
    а. Создавање поволна деловна клима преку политики на соработка;

    б. Јакнење на позицијата на РС Македонија во меѓународната заедница и јакнење на соработката на билатерален, мултилатерален и регионален план;

    в. Олеснување на пристапот до меѓународни пазари;

---

[8]Стратегија_за_финансиска_едукација_и_финансиска_инклузија_на_Република_Северна_Македонија_2021-2025.pdf
[9] Годишен план за работа во 2023 година, преземено од https://www.economy.gov.mk/

г. Зајакнување на процесот на планирање, подготвување и следење на реализацијата на национална програма за усвојување на правото на ЕУ;

д. Имплементација на повеќегодишниот Акциски план за регионална економска област.

Во **програмата за развој на претприемништвото и конкурентноста на малите и средни претпријатија за 2023 година**[10] се предвидени средства за реализација на следниве мерки:

1. **Финансиска поддршка за микро, мали и средни претпријатија** во вкупен износ од 43.000.000 денари.
2. **Субвенционирање трошоци на занаетчии** во вкупен износ од 5.000.000 денари.
3. **Финансиска поддршка за женско претприемништво за дигитализација на деловни процеси** во вкупен износ од 2.000.000 денари.
4. **Поддршка и развој на интернационализација на мали и средни претпријатија** во вкупен износ од 5.000.000 денари.

**Кофинансирање проекти за развој и промоција на претприемништвото и занаетчиството**, како и програмски активности на мрежите на бизнис-ангели во вкупен износ од 7.000.000 денари.

[10] Програма за развој на претприемништвото и конкурентноста на малите и средните претпријатија за 2023 година, преземено од https://www.economy.gov.mk/

# Макроекономска состојба

## Глобална макроекономска состојба

Макроекономската состојба во 2023 главно беше дефинирана со нивото на инфлација и војната во Украина, кои имаа големо влијание врз вкупните макроекономски политики во светот, регионот и во РС Македонија. Светот само што закрепна од пандемијата на ковид-19, економијата почна да се враќа на претходните нивоа, но како резултат на масовната државна помош, финансирана пред сè со масовно задолжување и примарна емисија од големите економски чинители како САД и ЕУ, започна дивеењето на инфлацијата на сите светски пазари. Веќе на почетокот на 2022 се случи инвазијата на Руската Федерација врз Украина, која изврши огромно влијание врз економскиот живот на Европа, која претрпе длабока трансформација.

Иако Европа наметна санкции кон руската економија, нивното влијание се прошири и врз земјите што ги воведоа, како и врз глобалната заедница. Ова произлегува од значајната улога на Русија како извозник на жито, храна, метали и енергија. Некои европски економии, особено Германија, беа силно зависни од рускиот гас. Така дојде до нарушувања на пазарите на енергенти. Германија со некои свои претходни одлуки за зелена транзиција сериозно го намали и производство на енергија и ја влоши состојбата со снабдување со енергенти на целиот континент. Се појави и недостиг на жито и храна поради ограничувањето на извозот од Украина, што директно ги погоди потрошувачите. Дополнително, нестабилноста и недостигот на метали како бакар и никел ги засилија предизвиците за индустриите, особено автомобилскиот сектор, кој веќе се соочуваше со нарушувања на синџирот на снабдување. Овие нарушувања предизвикаа зголемување на цените на широк спектар на производи, што доведе до намалување на реалните приходи на домаќинствата и претпријатијата. Ваквата ситуација создаде силен притисок за рецесија со прогнози за неа во одредени европски економии во 2023 година. Така, германската економија, која е „моторот на Европа“, во 2023 забележа намалување од 0,3 %. Германија е најголем трговски партнер и еден од најголемите инвеститори во РС Македонија, така што со сигурност можеме да заклучиме дека постои индиректен ефект на прелевање врз македонската економија.

Од податоците за инфлацијата и движењето на каматните стапки во најголемите економии на светот, кои директно влијаат врз условите за стопанисување во земјата, може да видиме дека политиките на најголемите национални банки во светот почнаа да даваат резултати во смирувањето на инфлацијата во 2023, но по цена на раст на каматните стапки.

**Графикон 1. Движење на стапката на инфлација и каматите во ЕУ и во САД**




**Извор: www.euribor-rates.eu, www.macrotrends.net**

Растот на каматните стапки го забавува економскиот раст и помага, заедно со другите предуслови како инфлацијата, намалување на побарувачка и песимистичките очекувања, во креирање поволен амбиент за економска рецесија. Кога ќе ги погледнеме податоците за движењето на БДП, може да видиме дека во 2022 и 2023 тој е во опаѓање кај седумте најразвиени земји, а тоа е особено изразено кај Европската Унија, каде што од 4 % падна на само 1 %. Стапките на раст во светот се повисоки иако и тие бележат пад благодарение на посилниот раст на Индија и Кина.

**Табела 4. Стапка на раст на БДП во светот и во регионот**

| | Стапка на раст на БДП | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 |
| **Свет и ЕУ** | | | | | | |
| Свет | 3,6% | 2,9% | -2,7% | 6,6% | 3,6% | 3,3% |
| Развиени земји (G7) | 2,1% | 1,7% | -4,2% | 5,8% | 2,6% | 1,9% |
| Европска Унија | 2,2% | 2,0% | -5,6% | 6,4% | 3,7% | 0,6% |
| **Земји од регионот** | | | | | | |
| Албанија | 4,0% | 2,1% | -3,3% | 8,9% | 4,9% | 3,5% |
| Босна и Херцеговина | 3,8% | 2,9% | -3,0% | 7,4% | 4,2% | 1,7% |
| Косово | 3,4% | 4,8% | -5,3% | 10,7% | 4,3% | 3,3% |
| Црна Гора | 5,1% | 4,1% | -15,3% | 13,0% | 6,4% | 6,0% |
| Северна Македонија | 2,9% | 3,9% | -4,7% | 4,5% | 2.8% | 2.1% |
| Србија | 4,5% | 4,3% | -0,9% | 7,7% | 2,6% | 2,5% |

**Извор: ММФ, НБРСМ**

И во однос на регионот може да се забележи надолен тренд на стапките на раст, при што Црна Гора има значително висока стапка на раст од 6,4 % и 6 % во последните две години. Добри стапки на раст бележат и Албанија и Косово, додека БиХ бележи голем пад во 2023, на 1,7 % од одлични 4,2 % во 2022. РС Македонија бележи најниска стапка на

раст во 2023. Исто така, пониска е и стапката на раст на БДП по глава на жител во 2023 година споредено со претходната година, во однос на преостанатите земји од регионот.

**Табела 5. БДП по глава на жител во светот, ЕУ и во регионот**

| | БДП по глава на жител (US$) | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 |
| **Свет и ЕУ** | | | | | | |
| Свет | 11.480 | 11.530 | 11.130 | 12.570 | 12.980 | 13.400 |
| Развиени земји (G7) | 51.310 | 52.080 | 50.960 | 56.240 | 57.690 | 60.920 |
| Европска Унија | 36.260 | 35.530 | 34.760 | 39.400 | 38.210 | 41.620 |
| **Земји од регионот** | | | | | | |
| Албанија | 5.288 | 5.395 | 5.353 | 6.396 | 6.870 | 8.299 |
| Босна и Херцеговина | 5.859 | 5.867 | 5.800 | 6.800 | 7.064 | 7.810 |
| Косово | 4.390 | 4.433 | 4.298 | 5.309 | 5.321 | 5.922 |
| Црна Гора | 8.850 | 8.909 | 7.677 | 9.466 | 10.093 | 12.016 |
| Северна Македонија | 6.720 | 6.720 | 6.673 | 7.625 | 7.499 | 8.063 |
| Србија | 7.252 | 7.417 | 7.734 | 9.187 | 9.538 | 11.352 |

**Извор: ММФ**

Стапката на инфлација во РС Македонија е 3,6 %, слично на нивото на ЕУ од 3,2 % и на развиените земји (G7) каде што е 3,1 %, додека во рамките на регионот Србија има забележително повисока стапка на инфлација од 7,6 %.

**Табела 6. Стапка на инфлација (потрошувачки цени, годишна промена)**

| | Стапка на инфлација (average consumer prices, annual percent change) | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 |
| **Свет и ЕУ** | | | | | | |
| Свет | 3,6 % | 3,5 % | 3,3 % | 4,7 % | 8,6 % | 6,7 % |
| Развиени земји (G7) | 2,0 % | 1,4 % | 0,7 % | 3,1 % | 7,3 % | 4,6 % |
| Европска Унија | 1,7 % | 1,6 % | 0,5 % | 2,6 % | 8,8 % | 6,3 % |
| **Земји од регионот** | | | | | | |
| Албанија | 2,0 % | 1,4 % | 1,6 % | 2,0 % | 6,7 % | 4,8 % |
| Босна и Херцеговина | 1,4 % | 0,6 % | -1,1 % | 2,0 % | 14,0 % | 6,1 % |
| Косово | 1,1 % | 2,7 % | 0,2 % | 3,3 % | 11,6 % | 4,9 % |
| Црна Гора | 2,6 % | 0,4 % | -0,2 % | 2,4 % | 13,0 % | 8,6 % |
| Северна Македонија | 1,5 % | 0,8 % | 1,2 % | 3,2 % | 14,2 % | 9,4 % |
| Србија | 2,0 % | 1,8 % | 1,6 % | 4,1 % | 12,0 % | 12,4 % |

**Извор: ММФ, Светска Банка**

Додека во рамките на ЕУ стапката на невработеност стагнира, од земјите во регионот, во Србија и во Албанија нема значително намалување на невработеноста во последната година, додека во РС Македонија се забележува пад на невработеноста од 1,3 %, во Босна и Херцеговина 2,2 % и во Косово 1,7 %.

**Табела 7. Стапка на невработеност во светот, ЕУ и во регионот**

| | Стапка на невработеност | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 |
| **Свет и ЕУ** | | | | | | |
| Развиени земји (G7) | 4,5 % | 4,3 % | 6,5 % | 5,2 % | 4,1 % | 4,1 % |
| Европска Унија | 8,2 % | 7,6 % | 8,0 % | 7,8 % | 6,8 % | 6,6 % |
| **Земји од регионот** | | | | | | |
| Албанија | 12,3 % | 11,5 % | 11,7 % | 11,5 % | 10,9 % | 10,7 % |
| Босна и Херцеговина | 18,4 % | 15,7 % | 15,9 % | 17,4 % | 15,4 % | 13,2 % |
| Косово | 29,5 % | 25,7 % | 26,0 % | 20,8 % | 12,6 % | 10,9 % |
| Црна Гора | 15,2 % | 15,1 % | 17,9 % | 16,5 % | 14,9 % | N/A |
| Северна Македонија | 20,6 % | 17,2 % | 16,2 % | 15,4 % | 14,4 % | 13,1 % |
| Србија | 13,7 % | 11,2 % | 9,7 % | 11,1 % | 9,5 % | 9,4 % |

**Извор: ММФ**

## Макроекономско опкружување во земјата

Претпријатијата во земјата беа особено изложени на опасностите од кризата затоа што пандемијата на ковид-19 веќе ги ослабна претпријатијата, особено помалите. Во времето кога почна конфликтот со Украина, претпријатијата полека се одвикнуваа од владината поддршка. Кризата влијаеше врз претпријатијата преку различни канали. Прво, сметките за енергија на претпријатијата пораснаа во услови на вртоглаво растечки цени на струјата и на бензинот. Второ, слабеењето на економијата се манифестира во намалена надворешна трговија, што беше важен канал за пораст и конкурентност за голем дел од претпријатијата директно, а и за многу други индиректно. Трето, цените на суровините значително се зголемија, особено во земјоделството и во прехранбената индустрија, што е особено важно за земја што е нето-увозник. Четврто, пристапот до финансии се отежна поради затегнувачките сигнали од централните банки и поради променетите преференции на комерцијалните банки кон ризиците.

Во 2023 година македонската економија се соочи со значајни предизвици, но истовремено забележа умерен раст, што ја одрази динамиката на постпандемските економски процеси. Природата на економската активност во оваа година се дефинира како стабилизација во одредени области, но и со насоки за внимателно управување со долгот и буџетскиот дефицит.

Економскиот раст, измерен преку реалниот БДП, во 2023 година изнесуваше 2,1 %, што претставува забавување во споредба со 4,5 % во 2021 и 2,8 % во 2022 година. Оваа стапка на раст го одрази глобалниот економски притисок, кој продолжи да влијае врз економијата на земјата, како и постепеното закрепнување од последиците на пандемијата. Сепак, и покрај намаленото темпо на раст, позитивните трендови беа видливи во контекст на стабилизирање на инфлацијата. До крајот на 2023 година

инфлацијата се намали на 3,6 %, што претставува значително опаѓање од рекордните 18,7 % во 2022 година.

Стапката на невработеност, исто така, забележа позитивен тренд. Во 2023 година таа падна на 13,1 %, во споредба со 14,4 % во претходната година. Овој тренд на намалување го одрази подобрувањето на пазарот на трудот, особено во секторите кои беа отпорни на економските предизвици. Сепак, македонската економија не беше без проблеми. Буџетскиот дефицит во 2023 година се зголеми на 4,9 % од БДП, што беше мало зголемување во однос на 4,4 % во 2022 година. Овој податок ја истакна зголемената потреба за фискална поддршка, како и за дополнително финансирање за стимулирање на економскиот раст.

**Табела 8. Основни макроекономски индикатори за РС Македонија, 2019 – 2023**

| | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 |
|---|---|---|---|---|---|
| БДП (стапки на реален пораст, во %) | 3.9 | -4.7 | 4.5 | 2.8 | 2.1* |
| Инфлација (крај на период, на годишна основа, во %) | 0,4 | 2.3 | 4,9 | 18,7 | 3,6 |
| Инфлација (просек, на кумулативна основа, во %) | 0,8 | 1.2 | 3,2 | 14.2 | 9,4 |
| Стапка на невработеност (во %) | 17,3 | 16,4 | 15,7 | 14,4 | 13,1 |
| Просечна плата* | 25.213 | 27.182 | 28.718 | 31.859 | 36.614 |
| Минимална плата* | 12.421 | 14.717 | 15.129 | 17.298 | 19.631 |
| Буџетски биланс (салдо на централен буџет и фондови, % од БДП) | -2,0 | -8,0 | -5,3 | -4.4 | -4,9 |
| Парична маса М1 (годишни стапки на промена во %) | 17,2 | 16,4 | 8,7 | 6,0 | 11,0 |
| Парична маса М2-денарски дел (годишни стапки на промена во %) | 12,7 | 10,6 | 5,5 | 4,9 | 9,8 |
| Парична маса М3 (годишни стапки на промена во %) | 8,2 | 8,0 | 8,8 | 5,3 | 10,2 |
| Парична маса М4 (годишни стапки на промена во %) | 9,3 | 6,9 | 7,0 | 5,1 | 11,1 |
| Кредити на приватен сектор дадени од банки и штедилници (годишни стапки на промена во %) | 6,0 | 4,7 | 8,3 | 9,4 | 5,1 |
| Пондерирани каматни стапки на вкупно дадени денарски кредити (во % на годишно ниво, просек за периодот) | 5,6 | 5,2 | 4,9 | 4,6 | 5,4 |
| Пондерирани каматни стапки на вкупно примени денарски депозити (во % на годишно ниво, просек за периодот) | 1,9 | 1,5 | 1,2 | 1,1 | 1,8 |
| Просечен девизен курс МКД/ЕУР | 61,51 | 61,67 | 61,63 | 61,62 | 61,56 |
| Просечен девизен курс МКД/УСД | 54,95 | 54,13 | 52,11 | 58,60 | 56,94 |
| Извоз на стоки (во милиони САД-долари) | 7.198,3 | 6.636,8 | 8.244,9 | 8.729,4 | 8.997,0 |
| Извоз на стоки (во милиони евра) | 6.433,3 | 5.781,1 | 6.969,8 | 8.299,6 | 8.322,8 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Увоз на стоки ц.и.ф. (во милиони САД-долари) | 9.445,8 | 8.715,1 | 11.400,9 | 12.756,8 | 12.053,5 |
| Увоз на стоки ц.и.ф. (во милиони евра) | 8.441,0 | 7.599,4 | 9.648,1 | 12.125,2 | 11.148,5 |
| Трговски биланс (во милиони САД-долари | -2.247,5 | -2.078,3 | -3.156,0 | -4.027,4 | -3.056,5 |
| Трговски биланс (во милиони евра) | -2.007,7 | -1.818,3 | -2.678,4 | -3.825,6 | -2.825,7 |
| Салдо на тековна сметка на билансот на плаќања (во милиони САД-долари) | -376,5 | -360,4 | -374,8 | -864,8 | 99,2 |
| Салдо на тековната сметка на билансот на плаќања (% од БДП) | -3,0 | -2,9 | -2,7 | -6,3 | 0,7 |
| Салдо на тековна сметка на билансот на плаќања (во милиони евра) | -334,7 | -318,0 | -329,0 | -797,4 | 95,3 |
| Салдо на тековната сметка на билансот на плаќања (% од БДП) | -3,0 | -2,9 | -2,8 | -6,1 | 0,7 |
| Директни инвестиции - нето (во милиони САД-долари) | 404,0 | 172,9 | 453,2 | 683,8 | 565,5 |
| Директни инвестиции - нето (% од БДП) | 3,2 | 1,4 | 3,2 | 5,0 | 3,8 |
| Директни инвестиции - нето (во милиони евра) | 363,3 | 154,7 | 387,5 | 654,2 | 523,1 |
| Директни инвестиции - нето (% од БДП) | 3,2 | 1,4 | 3,3 | 5,0 | 3,8 |
| Девизни резерви (во милиони евра, крај на период) | 3.262,6 | 3.359,9 | 3.643,3 | 3.862,9 | 4.538,4 |
| Покриеност на увозот со девизни резерви (девизни резерви во евра/ просечен месечен увоз на стоки ф.о.б и увоз на услуги од тековната година), во месеци | 4,6 | 5,3 | 4,5 | 3,7 | 4,6 |
| Бруто-надворешен долг (во милиони САД-долари, крај на период) | 9.124,0 | 10.483,2 | 10.854,1 | 11.508,6 | 12.666,2 |
| Бруто-надворешен долг (во милиони евра, крај на период) | 8.154,4 | 8.536,1 | 9.576,6 | 10.790,0 | 11.462,7 |
| Бруто-надворешен долг (во % од БДП) | 72,4 | 78,7 | 80,9 | 82,8 | 83,9 |

**Извор: НБРСМ, Државен завод за статистика***

***проценет податок**

Зголемувањето на каматните стапки за кредитите од 4,6 % на 5,4 % и депозитите од 1,1 % на 1,8 % ќе има влијание врз намалувањето на инфлацијата, но истовремено ќе има влијание и врз економската активност преку обесхрабрување на зголемена потрошувачка од страна на граѓаните и инвестициски активности од страна на претпријатијата.

Истовремено, паричната маса забележа раст. Агрегатот М1 се зголеми за 11,0 %, додека агрегатот М2 порасна за 9,8 %, а М3 пораснаа за 10,2 %. Овие трендови покажуваат зголемена ликвидност во економијата, што ги поддржа инвестициите и потрошувачката. Позитивен тренд беше забележан и во надворешната трговија, каде што извозот на стоки достигна 8.997 милиони американски долари, а увозот се намали

на 12.053 милиони долари. Овој тренд го намали трговскиот дефицит, што претставуваше позитивен сигнал за надворешната нерамнотежа.

Девизните резерви на крајот од 2023 година изнесуваа 4.538,4 милиони евра, што овозможи покриеност на увозот за 4,6 месеци. Ова ја зајакна способноста на земјата за справување со економските предизвици и за одржување на стабилноста на платениот биланс. Од друга страна, бруто-надворешниот долг достигна 83,9 % од БДП, што го стави фокусот на потребата од внимателно управување со задолжувањето за да се избегне понатамошен раст на финансиските обврски.

**Табела 9. Платен биланс на РС Македонија, агрегирани податоци, за последните три години (2021 – 2023) во мил. евра**

| | 2021 | 2022 | 2023 |
|---:|---:|---:|---:|
| **1. Тековна сметка** | -329 | -801 | 56 |
| 1.a. Прилив | 10.092 | 12.430 | 12.951 |
| 1.b. Одлив | 10.421 | 13.231 | 12.895 |
| **1.1.+1.2. Стоки и услуги** | -1.839 | -2.733 | -1.899 |
| 1.1.+1.2.a. Извоз | 7.787 | 9.637 | 9.887 |
| 1.1.+1.2.b. Увоз | 9.626 | 12.370 | 11.785 |
| 1.1. Стоки | -2.337 | -3.482 | -2.634 |
| 1.1.a. Извоз | 6.041 | 7.321 | 7.236 |
| 1.1.b. Увоз | 8.378 | 10.802 | 9.871 |
| 1.2. Услуги | 498 | 749 | 736 |
| 1.2.a. Извоз | 1.746 | 2.317 | 2.650 |
| 1.2.b. Увоз | 1.248 | 1.568 | 1.915 |
| **1.3. Примарен доход** | -519 | -568 | -742 |
| 1.3.a. Прилив | 141 | 152 | 192 |
| 1.3.b. Одлив | 661 | 720 | 934 |
| **1.4. Секундарен доход** | 2.029 | 2.500 | 2.697 |
| 1.4.a. Прилив | 2.164 | 2.641 | 2.872 |
| 1.4.b. Одлив | 135 | 141 | 176 |
| **2. Капитална сметка** | 7 | 0 | -1 |
| 2.a. Прилив | 8 | 4 | 2 |
| 2.b. Одлив | 1 | 4 | 3 |
| 1+2. Нето-кредитирање (+) / нето-задолжување (-) (збирна ставка од тековната и капиталната сметка) | -322 | -801 | 55 |
| **3. Финансиска сметка** | -264 | -760 | 96 |
| 3.1. Директни инвестиции | -388 | -654 | -488 |
| 3.1.a. Нето-стекнување средства | 187 | 134 | 105 |
| 3.1.b. Нето-создавање обврски | 575 | 788 | 593 |
| 3.2. Портфолио инвестиции | -116 | -52 | 34 |
| 3.2.a. Нето-стекнување средства | 63 | 134 | 113 |
| 3.2.b. Нето-создавање обврски | 179 | 187 | 79 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 3.3. Финансиски деривати (освен резервите) и опции на вработените за купување акции | 0 | 0 | 0 |
| 3.4. Останати инвестиции | -65 | -325 | -53 |
| 3.4.a. Нето-стекнување средства | 510 | 650 | 264 |
| 3.4.b. Нето-создавање обврски | 575 | 976 | 317 |
| 3.4.1. Останат сопственички капитал | 0 | -3 | -1 |
| 3.4.1.a. Нето-стекнување средства | 0 | -3 | -1 |
| 3.4.1.b. Нето-создавање обврски | 0 | 0 | 0 |
| 3.4.2. Валути и депозити | 433 | 383 | 413 |
| 3.4.2.a. Нето-стекнување средства | 476 | 555 | 404 |
| 3.4.2.a.1. Централна банка | 0 | 0 | 0 |
| 3.4.2.a.2. Депозитни институции, освен централната банка | 74 | -16 | -9 |
| 3.4.2.a.3. Држава | 0 | 0 | 0 |
| 3.4.2.a.4. Останати сектори | 401 | 571 | 413 |
| 3.4.2.b. Нето-создавање обврски | 43 | 172 | -8 |
| 3.4.2.b.1. Централна банка | 0 | 0 | 0 |
| 3.4.2.b.2. Депозитни институции, освен централната банка | 43 | 172 | -8 |
| 3.4.2.b.3. Држава | 0 | 0 | 0 |
| 3.4.2.b.4. Останати сектори | 0 | 0 | 0 |
| 3.4.3. Заеми | -249 | -373 | -403 |
| 3.4.3.a. Нето-стекнување средства | 35 | 99 | -140 |
| 3.4.3.b. Нето-создавање обврски | 283 | 471 | 263 |
| 3.4.4. Шеми за осигурителни, пензиски и стандардизирани гаранции | 0 | 0 | 0 |
| 3.4.5. Трговски кредити и аванси | -88 | -326 | -66 |
| 3.4.5.a. Нето-стекнување средства | 0 | 0 | 0 |
| 3.4.5.b. Нето-создавање обврски | 88 | 326 | 66 |
| 3.4.6. Останати сметки за наплата/плаќање | 2 | -6 | 5 |
| 3.4.6.a. Нето-стекнување средства | 0 | -1 | 0 |
| 3.4.6.b. Нето-создавање обврски | -1 | 5 | -5 |
| 3.4.7. Специјални права на влечење (нето-создавање обврски) | 163 | 1 | 1 |
| 3.5. Девизни резерви | 305 | 272 | 603 |
| **4. Нето-грешки и пропусти** | 57,72 | 41,20 | 41,15 |

**Извор: НБРСМ**

Од анализата на платениот биланс за периодот 2021 – 2023 година можат да се забележат значајни флуктуации. Во 2021 година тековната сметка заврши со дефицит од -329 милиони евра, кој во 2022 година се зголеми на -801 милиони евра. Во 2023 година земјата оствари позитивен биланс од 55,63 милиони евра, што означи стабилизирање на тековната сметка. Извозот на стоки и услуги продолжи да расте,

достигнувајќи 9.886,81 милиони евра во 2023 година, додека увозот се намали на 11.785,39 милиони евра, што резултира со намалување на негативните трговски текови.

Дефицитот во примарниот доход се продлабочи, достигнувајќи -742,41 милиони евра во 2023 година, додека капиталната сметка заврши со негативен износ од -0,92 милиони евра, што претставува пад во споредба со претходните години.

Во целост, значителното намалување на инфлацијата и подобрувањето на пазарот на трудот во земјата укажуваат на напредок, додека стабилизирањето на тековната сметка и зголемените девизни резерви дополнително ја зајакнаа економската позиција на земјата. Но и покрај тоа што македонската економија забележа умерен раст и стабилизација во одредени области во 2023 година, останаа предизвиците со буџетскиот дефицит и високиот надворешен долг. Сепак, потребата за внимателно управување со странските инвестиции и задолжувањето останува клучна за долгорочната економска стабилност.

## Бруто-домашен производ

БДП е еден од основните показатели на големината и успехот на една економија. Тој е централна макроекономска категорија преку која се мери вкупната економска активност на една земја. Бруто-домашниот производ се дефинира како вкупната пазарна вредност на сите произведени финални добра и услуги во една земја во одреден период, вообичаено, една година. БДП главно се пресметува според два метода:

1. **Производствен метод или Метод на додадена вредност**, кој се базира на вредноста на производството и услугите создадени во една економија. Се пресметува преку собирање на додадената вредност од сите сектори на економијата преку разлика на вредноста на излезот (производи и услуги) и вредноста на влезовите (суровини и полуфабрикати). Потоа се собираат додадените вредности од сите сектори за да се добие вкупниот БДП.
2. **Трошочен метод или Метод на расходи**, каде што БДП се пресметува преку собирање на вкупните трошоци направени за производи и услуги во економијата. Притоа, клучни компоненти што се собираат се: **лична потрошувачка (C)** - сите трошоци на домаќинствата за стоки и услуги, **инвестиции (I)** - расходи за опрема, градежништво, и резерви, **државна потрошувачка (G)** - расходите на јавниот сектор за добра и услуги, и **нето-извоз (NX), што е** разликата меѓу извозот и увозот. БДП=C + I + G + (X−M)

Според двата метода, кога се пресметува според тековните пазарни цени за годината, без корекција на инфлацијата, се добива т.н. **номинален БДП**. Кога БДП се пресметува по цени од година со која сакаме да го споредиме (т.н. базни цени) се добива реален БДП, кој овозможува споредба на економската активност меѓу години. Реалниот БДП може да се пресмета како номинален БДП коригиран за инфлација.

Според податоците од Државниот завод за статистика, бруто-домашниот производ (БДП) во 2023 година бележи раст од 10,0 % во споредба со 2022 година, но овој пораст се однесува на номиналниот БДП. Реалната стапка на раст на БДП, која е коригирана за ефектите на инфлацијата, изнесува 2,1 %. За споредба, реалниот раст на БДП во 2022 година беше 2,8 %, што укажува на продолжување на трендот на намалување на стапката на раст.

## Табела 10. Бруто-домашен производ 2019 – 2023 (во милиони денари)

| Година | БДП по тековни цени (во милиони денари) | БДП по жител во евра (по тековен курс) | БДП во милиони евра (по тековен курс) | Стапки на номинален раст на БДП во % | Стапки на реален раст на БДП во % | БДП-дефлатор |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **2019** | 692.683 | 5.423 | 11.262 | 4,8 % | 3,9 | 100,9 |
| **2020** | 669.280 | 5.236 | 10.852 | -3,4 % | -4,7 | 101,4 |
| **2021** | 729.445 | 6.443 | 11.836 | 9,0 % | 4,5 | 104,3 |
| **2022** | 816.084 | 7.230 | 13.243 | 11,9 % | 2,8 | 108,9 |
| **2023[1)]** | 897.694 | 7.978 | 14.583 | 10,0 % | 2,1 | 107,8 |

1) **Прелиминарни податоци**

**Извор: Државен завод за статистика**

## Табела 11. Бруто-домашен производ според трошочниот метод (во милиони денари)

| Компоненти на БДП | во мил. денари | | структура | |
|---|---|---|---|---|
| | 2022 | 2023[1)] | 2022 | 2023[1)] |
| **Бруто-домашен производ** | **816.084** | **897.694** | **100,0 %** | **100,0 %** |
| **Финална потрошувачка** | **690.080** | **748.691** | **84,6 %** | **83,4 %** |
| Финална потрошувачка на домаќинствата | 559.206 | 605.393 | 68,5 % | 67,4 % |
| Финална потрошувачка на непрофитните институции кои им служат на домаќинствата | 8.281 | 9.323 | 1,0 % | 1,0 % |
| Финална јавна потрошувачка | 122.593 | 133.975 | 15,0 % | 14,9 % |
| **Бруто-инвестиции** | **293.925** | **266.028** | **36,0 %** | **29,6 %** |
| Инвестиции во основни средства | 196.027 | 222.114 | 24,0 % | 24,7 % |
| Промена на резервите[2)] | 97.260 | 43.230 | 11,9 % | 4,8 % |
| Нето-стекнување на вредности | 637 | 684 | 0,1 % | 0,1 % |
| **Извоз на стоки и на услуги** | **593.990** | **608.795** | **72,8 %** | **67,8 %** |
| Извоз на стоки | 451.067 | 445.605 | 55,3 % | 49,6 % |
| Извоз на услуги | 142.923 | 16.3190 | 17,5 % | 18,2 % |
| **Увоз на стоки и на услуги** | **761.912** | **725.821** | **93,4 %** | **80,9 %** |
| Увоз на стоки | 665.360 | 607.811 | 81,5 % | 67,7 % |
| Увоз на услуги | 96.552 | 118.010 | 11,8 % | 13,1 % |

**1)Прелиминарни податоци**

**2) Вклучува разлика поради балансирање.**

**Извор: Државен завод за статистика**

Според трошочниот метод, финалната потрошувачка (домаќинства плус јавна) во 2023 година во структурата на БДП учествува со 83,4 %. Бруто-инвестициите со 29,6 %, додека учеството на нето-извозот изнесува -13,1 %.

**Табела 12. Бруто-домашен производ според производниот метод, тековни цени (во милиони денари)**

| Назив | во мил. денари | | Индекси | Структура | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2022 | 2023[1)] | 2023/2022 | 2022 | 2023[1)] |
| Земјоделство, шумарство и рибарство | 59.473 | 58.713 | 100,1 | 7,3 % | 6,6 % |
| Рударство и вадење камен; Преработувачка индустрија; Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација; Снабдување со вода; отстранување отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината | 132.366 | 133.347 | 111,2 | 17,0 % | 17,2 % |
| Градежништво | 101.431 | 104.115 | 110,9 | 6,0 % | 6,0 % |
| Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли; Транспорт и складирање; Објекти за сместување и сервисни дејности со храна | 46.179 | 46.188 | 110,4 | 18,8 % | 18,9 % |
| Информации и комуникации | 154.073 | 163.578 | 115,6 | 4,7 % | 4,9 % |
| Финансиски дејности и дејности на осигурување | 37.197 | 40.192 | 107,1 | 2,8 % | 2,8 % |
| Дејности во врска со недвижен имот | 22.911 | 24.506 | 109,8 | 11,2 % | 11,2 % |
| Стручни, научни и технички дејности; Административни и помошни услужни дејности | 91.199 | 95.363 | 119,8 | 4,2 % | 4,6 % |
| Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување; Образование; Дејности на здравствена и социјална заштита | 32.730 | 34.390 | 111,6 | 11,7 % | 11,9 % |
| Уметност, забава и рекреација; Други услужни дејности; Дејности на домаќинствата како работодавци; дејности на домаќинствата кои произведуваат разновидна стока и вршат различни услуги за сопствени потреби | 94.587 | 107.155 | 113,1 | 2,9 % | 3,0 % |
| **А. Додадена вредност** | 23.653 | 24.349 | **110,5** | **86,7 %** | **87,1 %** |
| Б. Нето-даноци на производи | 694.368 | 727.782 | 106,5 | 13,3 % | 12,9 % |
| **БРУТО-ДОМАШЕН ПРОИЗВОД (А+Б)** | 108.773 | 112.829 | **110,0** | **100,0 %** | **100,0 %** |

**1)Прелиминарни податоци**

**Извор: Државен завод за статистика**

Најголемо учество на додадената вредност со 18,9 % во структурата на БДП (според производствениот метод) во 2023 година имаат секторите: трговија на големо и трговија на мало и поправка на моторни возила и мотоцикли, транспорт и складирање и објекти за сместување и сервисни дејности со храна. Следни сектори по големина со учество од 17,2 % во БДП се рударството и вадење камен, преработувачка индустрија, снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација, снабдување со вода,

отстранување отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината. Високо учество во БДП, исто така, имаат јавна управа и одбрана, задолжително социјално осигурување, образование, дејности на здравствена и социјална заштита со 11,9 % и дејностите во врска со недвижен имот со 11,2 %.

Сектори што во 2023 имале најголеми стапки на раст на номинален БДП се стручни, научни и технички дејности и административни и помошни услужни дејности со 19,8 %, информации и комуникации со 16,6 % и уметност, забава и рекреација, други услужни дејности, дејности на домаќинствата како работодавци, дејности на домаќинствата кои произведуваат разновидна стока и вршат различни услуги за сопствени потреби со 13,1 %.

**Табела. Показатели за продуктивноста кај правните лица по сектор за 2022 и 2023**

| Дејности | Додадена вредност (по тековни цени од 2005 година) по вработен (просек, во илј. ден.) | | Годишна стапка на промена на додадената вредност по вработен (во %) | | Трошоци за труд по единица производ (Unit labour costs) | | Годишна стапка на промена на трошоците за труд по единица производ (во %) | | Приходи од редовната дејност по вработен, во милиони денари | | Нето-добивка по оданочување по вработен, во милиони денари | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2022 | 2023 | 2022 | 2023 | 2022 | 2023 | 2022 | 2023 | 2022 | 2023 | 2022 | 2023 |
| Земјоделство, шумарство и рибарство | 365 | 464 | 13,2 | 27,3 | 1,20 | 1,06 | -3,5 | -11,1 | 2,3 | 2,4 | 0,0 | 0,0 |
| Индустрија | 325 | 345 | 9,4 | 6,0 | 1,51 | 1,64 | 0,3 | 8,8 | 6,3 | 5,6 | 0,2 | 0,2 |
| Градежништво | 819 | 874 | 12,8 | 6,8 | 0,64 | 0,71 | -1,4 | 11,1 | 4,5 | 4,0 | 0,4 | 0,5 |
| Трговија на големо и мало, транспорт, складирање и угостителство | 498 | 529 | 11,4 | 6,2 | 1,00 | 1,08 | 0,6 | 8,0 | 6,7 | 6,9 | 0,3 | 0,3 |
| Информации и комуникации | 1.764 | 1.690 | 7,2 | -4,2 | 0,61 | 0,72 | 3,4 | 18,9 | 3,2 | 3,4 | 0,4 | 0,4 |
| Дејности во врска со недвижен имот, стручни, научни, технички, административни и помошни услужни дејности | 2.019 | 2.328 | 22,4 | 15,3 | 0,26 | 0,27 | -7,3 | 3,6 | 1,9 | 1,9 | 0,2 | 0,2 |
| **Вкупно** | **612** | **678** | **15,6** | **10,9** | **0,84** | **0,88** | **-3,2** | **5,2** | **5,6** | **5,4** | **0,3** | **0,3** |

**Извор: НБРСМ**

Во целина, продуктивноста по вработен се зголемила, но забавувањето на стапката на раст на додадената вредност по вработен (од 15,6 % на 10,9 %) и растот на трошоците за труд по единица производ од -3,2 % на 5,2 % укажуваат на тоа дека

продуктивноста не се зголемува во исто темпо како што растат трошоците за труд. Овој раст на трошоците за труд може да сигнализира дека компаниите се соочуваат со проблеми во контролата на трошоците и можеби не ја имаат истата ефикасност како во претходната година. Затоа, додадената вредност по вработен е поголема, но растот на продуктивноста се случува во контекст на зголемени трошоци за труд, што може да се смета како показател за помала ефикасност во контролата на трошоците и потенцијално за растечко притискање на профитабилноста.

# Правна регулатива

## Правна рамка

Малите и средните претпријатија (МСП) во Северна Македонија функционираат во рамките на правната регулатива која ги дефинира условите за нивно основање, работење и развој. Клучните закони и регулативи што го уредуваат овој сектор се:

1. **Законот за трговски друштва,** кој ги дефинира видовите трговски друштва. За МСП, најзначајни форми се друштво со ограничена одговорност ДОО, друштво со ограничена одговорност на едно лице ДООЕЛ, друштво со неограничена одговорност ДНО и командитни друштва. Со овој закон се поставуваат основните правила за нивното основање, организација и управување. Во изминатата година не е направена никаква измена на овој закон.
2. **Законот за работни односи** ја регулира работната сила поставувајќи стандарди за договори за вработување, плати, безбедност на работното место и други аспекти поврзани со вработувањето. Со Законот за изменување и дополнување на Законот за минимална плата во Република Северна Македонија, објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 41/2022, утврдено е дека исплатената висина на минималната плата во бруто-износ за месец март секоја година се усогласува со: 50 % од порастот на просечно исплатената нето-плата во Република Северна Македонија, за претходната година, според податоците на Државниот завод за статистика, и 50 % од порастот на индексот на трошоците на живот, за претходната година, според податоците на Државниот завод за статистика.

Според овој закон, висината на минималната плата не може да биде пониска од 57 % од висината на просечно исплатената нето-плата во Република Северна Македонија за претходната година, согласно податоците на Државниот завод за статистика. Просечниот износ на исплатената месечна нето-плата за работник кој работи помалку од полното работно време се пресметува сразмерно со бројот на одработените часови во месецот. Согласно претходното, минималната бруто-плата за 2023 година изнесува 29.739,00 ден., односно минималната нето-плата изнесува 20.175,00 ден. Просечната исплатена нето-плата за декември 2023 изнесува 39.998 ден. и е за 16,4 % повисока во споредба со декември 2022 година.

1. **Даночни и царински закони кои најмногу ги афектираат МСП се Законот за** персонален данок на доход, Законот за данок на добивка и Законот за данок на додадена вредност. Во 2023 нема менување на даночните стапки или, пак,

на царините. Единствена промена е прекласификација на одредени групи производи од една во друга даночна категорија во Законот за ДДВ.

2. **Законот за јавни набавки** има задача да овозможи транспарентност и правична конкуренција, важна за МСП кои се вклучуваат во јавни тендери. Овој закон е особено значаен со оглед на тоа дека сегментот на јавната потрошувачка покрива над една третина од вкупната потрошувачка. Според извештајот за мониторинг на јавните набавки на Центарот за граѓански комуникации за 2023, дури 41 % од анкетираните МСП сметаат дека има корупција во јавните набавки, понатаму за 35 % од јавните набавки е дадена само една понуда, а за 23 % само две понуди. Овие податоци укажуваат колку е важна соодветната примена на Законот за јавни набавки во работењето на МСП.

Покрај законите, постојат и голем број правни документи кои креираат рамка за **институционална поддршка на МСП.** Овие документи се однесуваат на регулирање на поддршката што ја добиваат МСП преку Агенцијата за промоција на претприемништвото, Министерството за економија и финансиски инструменти како кредитни линии и грантови, вклучувајќи ЕУ-програми (на пр., ИПА-фондови). Тука треба да се напомене дека клучен стратешки документ за ваква поддршка е **Националната стратегија за мали и средни претпријатија (2018-2023)** на Министерството за економија, која заврши во 2023 и веќе во 2024 се работи на Стратегијата за развој на МСП 2025 – 2030. За изработка на оваа стратегија е поставен проектот „ЕУ за развој на МСП 2025 – 2030 година“, кој започна со работа во јуни 2024 год. Главната цел на проектот е да се развие рамка на политики за МСП во согласност со стратешките приоритети на ЕУ и да се зголемат капацитетите на јавната администрација за подобар развој на програми и мерки за развој на МСП. Дополнително, во рамките на **иницијативите за иновации и дигитализација во повеќе развојни проекти се** обезбедуваат стимули за дигитализација и воведување технолошки решенија во работењето на МСП.

Како резултат на правната рамка и споменатите политики треба да се постигне унапредување на деловното опкружување преку реформи за поедноставување на административните процедури, што е потврдено со поранешните добри резултати во индексот „Леснотија на водење бизнис“ на Светската банка, каде што Р. Северна Македонија во 2021 беше на 17. место во светот. Овој индекс веќе не се мери од страна на Светската банка, но како соодветен пандан може да го земеме **Индексот на економска слобода** на Фондацијата „Херитиџ“ (**The Heritage Foundation), каде што резултатите** за Р. Северна Македонија се следни:

1. **2021 година**: Оцена од **68,6**, со што земјата е категоризирана како „умерено слободна“ и рангирана на **46. место** глобално. Ова ја позиционира малку под просекот за Европа, кој изнесува **69,0**.
2. **2022 година**: Оцената се намалува на **66,6**, но земјата сè уште се смета за „умерено слободна“. Рангот се спушта на **54. место** глобално, што покажува мал пад во критериуми како заштита на сопственичките права и фискална стабилност.
3. **Во 2023 година**: Р. Северна Македонија има оцена од **66,6**, исто како и во 2022 година, и повторно е категоризирана како „умерено слободна“. Земјата се наоѓа на **71. место** глобално, што претставува пад во споредба со претходните години. Овој резултат укажува на стабилност во одредени економски сегменти, но и на потребата за подобрување во области како транспарентност, владеење на правото и елиминирање на корупцијата.

Падот во Индексот на економската слобода главно се должи на незадоволително владеење на правото и соодветно, недоволна заштита на сопственичките права и корупцијата во судскиот систем. Огромен број истражувања на јавното мислење го посочуваат овој момент како проблем број 1 во државата, кој секако се одразува врз амбиентот во кој функционираат МСП.

## Едношалтерски систем и промени на бројот на деловни субјекти

Еден од показателите на овие слободи е и бројот на новоотворени и затворени бизниси, кој може да се види од податоците од Централниот регистар каде што е воспоставен едношалтерски систем како модел на организација кој овозможува сите услуги и информации што им се потребни на граѓаните или бизнисите да бидат достапни на едно место. Главната цел на овој систем е да се поедностават административните процеси, да се намалат трошоците и времето потребно за завршување одредени процедури. Така, преку Централниот регистар, новите компании можат да се регистрираат на едно место, при што се интегрирани сите релевантни институции, како даночните и статистичките органи. Предностите на едношалтерскиот систем се подобрена ефикасност, транспарентност и олеснување на пристапот до услуги, што е особено важно за мали и средни претпријатија.

**Табела 13. Основање, промени и бришења на трговски друштва, по години**

| | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 |
|---|---|---|---|---|---|
| **Број на уписи на основање** | 6.231 | 5.772 | 7.009 | 8.670 | 8.515 |
| **Број на уписи на промени** | 14.970 | 12.929 | 17.162 | 22.878 | 18.840 |
| **Број на уписи на бришења** | 6.483 | 5.373 | 5.893 | 6.862 | 4.335 |

**Извор: Статистички билтен на Централен регистар 2023, ЦРРСМ**

Според Централниот регистар на Република Северна Македонија (ЦРРСМ), во 2023 година уписи за основање реализирале 8.515 правни субјекти, што е намалување од 1,8 % или 155 правни субјекти помалку во споредба со 2022. Од друга страна, има дури 36,8 % помалку бришења, или 2.527 субјекти помалку од 2022 година. Промени во своите тековни состојби направиле 17,7 % или 4.038 субјекти помалку отколку во 2022 година.

**Табела 14. Основање, промени и бришења на самостојни вршители на дејност, по години**

| | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 |
|---|---|---|---|---|---|
| **Број на уписи на основање** | 686 | 611 | 706 | 693 | 670 |
| **Број на уписи на промени** | 1.329 | 1.277 | 872 | 715 | 599 |
| **Број на уписи на бришења** | 602 | 633 | 760 | 847 | 716 |

**Извор: Статистички билтен на Централен регистар 2023, ЦРРСМ**

Кај вршителите на самостојна дејност, во 2023 година уписи за основање реализирале 670 правни субјекти, што е намалување од 3,3 % или 23 правни субјекти помалку во споредба со 2022. Исто така, регистрирани се 15,5 % помалку бришења, или 131 вршител на дејност помалку од 2022 година. Промени во своите тековни состојби направиле 16,2 % или 116 самостојни вршители на дејност помалку отколку во 2022 година.

## Класификација на претпријатијата

Претпријатијата во Република Северна Македонија (РСМ) се класифицираат во четири категории: микро, мали, средни и големи претпријатија. Според бројот на вработени, микропретпријатијата се оние што имаат помалку од 10 вработени, мали претпријатија имаат од 10 до 50 вработени, средни претпријатија имаат од 50 до 250 вработени, додека големи претпријатија се оние со повеќе од 250 вработени. Класификацијата на претпријатијата во РСМ се базира и на бруто-годишниот приход (БГП). Микропретпријатија се тие што имаат БГП помал или еднаков на 50.000 евра. Мали претпријатија имаат БГП помал или еднаков на 2 милиона евра или годишен обрт

(вкупна актива) помал од 2 милиона евра. Средните претпријатија имаат БГП поголем или еднаков на 10 милиони евра, или годишен обрт помал од 11 милиони евра.

**Табела 15. Класификација на трговски друштва според големина**

| Големина на друштвото | ЕУ дефиниција | Закон за трговски друштва 2004 г (Изменет и дополнет 2013 г.) |
|---|---|---|
| **Микро** | < 10 вработени<br>≤ ЕУР 2 милиони обрт или биланс на состојба | < 10 вработени<br>≤ ЕУР 50.000 бруто годишен приход, изразен во МКД |
| **Мало** | 10 до 50 вработени<br>ЕУР 2-10 милиони обрт или биланс на состојба | ≤ 50 вработени, И вработени<br>≥ ЕУР 2 милиони годишен приход, изразен во МКД. ИЛИ<br>< ЕУР 2 милиони годишен обрт (вкупни средства во актива), изразен во МКД |
| **Средно** | < 250 вработени<br>≤ ЕУР 50 милиони обрт<br>≤ ЕУР 43 милиони биланс на состојба | ≤ 250 вработени, И<br>≥ 10 милиони ЕУР годишен приход, изразен во МКД. ИЛИ<br>< ЕУР 11 милиони годишен обрт (вкупни средства во актива), изразен во МКД |

**Извор: Национална стратегија за малите и средните претпријатија (2018 - 2023)**

Оваа класификација е уредена со член 470 од Законот за трговски друштва. Треба да се нагласи дека иако класификацијата во Република Северна Македонија е усогласена со онаа на Европската Унија во однос на бројот на вработени, постојат разлики во класификацијата за билансот на состојба (финансиската структура на претпријатието).

**Табела 16. Податоци за раст на претпријатија според големина**

| Број на вкупно вработени | 2021 | 2022 | Раст 21/22 | 2023 | Раст 21/23 |
|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно** | **66.363** | **67.296** | 1,4 % | **68.004** | 1,1 % |
| **0-9 лица** | 60.321 | 61.399 | 1,8 % | 62.193 | 1,3 % |
| **10-19 лица** | 3.231 | 3.126 | -3,2 % | 3.101 | -0,8 % |
| **20-49 лица** | 1.814 | 1.789 | -1,4 % | 1.754 | -2,0 % |
| **50-249 лица** | 843 | 825 | -2,1 % | 797 | -3,4 % |
| **250 и повеќе лица** | 154 | 157 | 1,9 % | 159 | 1,3 % |

**Извор: Државен завод за статистика**

Анализата според оваа класификација покажува дека од сите активни претпријатија во Р. Северна Македонија 91,5 % се микропретпријатија, 7,1 % се мали претпријатија, 1,2 % се средни претпријатија, додека само 0,2 % се големи претпријатија.

Бројот на вкупни активни претпријатија во 2023 пораснал за 1,1 %, и тоа најмногу е придвижен од растот на микропретпријатијата од 1,3 %, додека бројот на мали и средни претпријатија е во опаѓање. Раст од 1,3 % забележале и големите претпријатија. Сличен тренд може да се види и во 2022 г.

# Демографија на претпријатија

Овој дел од извештајот се фокусира на анализата на активните претпријатија во РС Македонија прикажувајќи ги клучните аспекти на нивната распределба, динамика и структурни карактеристики. Анализата опфаќа неколку клучни показатели и трендови кои го дефинираат претприемачкиот сектор, вклучувајќи ги промените во бројот и видот на активни претпријатија, нивната класификација по големина, сектор и регионална распределба. Овие информации се основа за разбирање на развојот на претпријатијата и можностите за поддршка и раст на стопанството.

Преку анализата на промените во бројот на активни претпријатија ќе се идентификуваат трендовите на раст и опаѓање на претприемачкиот сектор.

Последните достапни податоци од Државниот завод за статистика во врска со демографијата на претпријатијата за 2023 година се прелиминарни. Според нив, бројот на активни претпријатија изнесува 68.004 претпријатија, при што во вкупниот број активни претпријатија не се опфатени следниве дејности: земјоделство, шумарство и рибарство, финансиски и дејности на осигурување, јавна управа и одбрана и задолжително социјално осигурување.[11]

Од историските податоци за периодот од 2018 до 2023 година може да се согледа трендот на промени на бројот на активни претпријатија. Тие се прикажани на графикон 2.

**Графикон 2. Број на активни претпријатија за периодот од 2018 до 2023 година**




**Извор: Државен завод за статистика**

Од податоците претставени на графиконот може да забележиме дека бројот на активни претпријатија во РС Македонија од 2019 година, кога изнесувал 75.914 активни претпријатија, постепено се намалува и во 2022 година изнесува 71.228 активни претпријатија. Како причина за ваквото намалување може да се посочат повеќе

[11] ***Податоците се преземени од табелата Структурни деловни статистики од Макстат базата на Државниот завод за статистика. Сè уште не се достапни точните податоци за вкупниот број активни претпријатија за 2023 година***

фактори, вклучително и економските последици од пандемијата на ковид-19 и војната во Украина, кои преку зголемување на инфлацијата и растот на цените, придонесоа за значително зголемување на трошоците на производство, како и за намалување на куповната моќ на граѓаните. Ваквата состојба особено негативно се одрази врз помалите претпријатија во повеќе сектори, доведувајќи до привремено или трајно затворање на некои бизниси.

## Структура на активни претпријатија според големина и дејност

Од податоците за структурата на претпријатијата во 2023 година по дејности, претставена во табела 17, може да се забележи дека македонската економија е претежно сконцентрирана во неколку клучни сектори, и тоа трговија, преработувачка индустрија и стручни, научни и технички дејности.

**Табела 17. Активни претпријатија по сектори за 2022 и 2023 година**

| Сектории | Број на претпријатија | | | Промена 2023 |
|---|---|---|---|---|
| | 2022 | 2023 | | |
| **Вкупно** | **67.296** | **68.004** | **100,0 %** | 1,1 % |
| Рударство и вадење камен | 199 | 199 | 0,3 % | 0 % |
| Преработувачка индустрија | 7.981 | 7.981 | 11,7 % | 0 % |
| Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација | 373 | 478 | 0,7 % | 28 % |
| Снабдување со вода; отстранување отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината | 265 | 275 | 0,4 % | 4 % |
| Градежништво | 5.780 | 5.877 | 8,6 % | 2 % |
| Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли | 22.018 | 21.840 | 32,1 % | -1 % |
| Транспорт и складирање | 5.659 | 5.641 | 8,3 % | 0 % |
| Објекти за сместување и сервисни дејности со храна | 4.826 | 4.945 | 7,3 % | 2 % |
| Информации и комуникации | 2.614 | 2.809 | 4,1 % | 7 % |
| Дејности во врска со недвижен имот | 660 | 651 | 1,0 % | -1 % |
| Стручни, научни и технички дејности | 8.181 | 8.385 | 12,3 % | 2 % |
| Административни и помошни услужни дејности | 1.569 | 1.684 | 2,5 % | 7 % |
| Образование | 773 | 803 | 1,2 % | 4 % |
| Дејности на здравствена и социјална заштита | 3.096 | 3.087 | 4,5 % | 0 % |
| Уметност, забава и рекреација | 780 | 824 | 1,2 % | 6 % |
| Поправка на компјутери и предмети за лична употреба и за домаќинствата | 473 | 457 | 0,7 % | -3 % |
| Други лични услужни дејности | 2.049 | 2.068 | 3,0 % | 1 % |

**Извор: Државен завод за статистика**

Најзастапен сектор е трговија на големо и трговија на мало, поправка на моторни возила и мотоцикли, со 21.840 претпријатија, или 32,1 % од вкупниот број активни претпријатија. Овој сектор ја одразува високата ориентираност на економијата кон

трговските дејности и постојано ги поддржува потрошувачката и дистрибуцијата во земјата.

Секторот стручни, научни и технички дејности опфаќа 8.385 претпријатија, односно 12,3 % од вкупниот број. Овие бројки покажуваат дека значаен дел на претпријатијата се насочени кон професионални и технички услуги, што можеби ја прикажува и растечката побарувачка за специјализирани услуги во земјата.

Преработувачката индустрија зазема значителен дел од структурата на претпријатијата со 7.981 претпријатие, што претставува 11,7 % од вкупниот број. Овој сектор игра клучна улога во индустриското производство и економската продуктивност, обезбедувајќи додадена вредност преку различни производствени дејности. Секторот градежништво брои 5.877 претпријатија, или 8,6 % од вкупниот број, што ја истакнува важноста на овој сектор во изградба и развој на инфраструктурата, како и неговата улога во градежните проекти во земјата.

Има неколку сектори со помал број претпријатија, како што е рударство и вадење камен со само 199 претпријатија, што претставува 0,3 % од вкупниот број. Снабдувањето со електрична енергија, гас, пареа и климатизација има 478 претпријатија, или 0,7 %, додека снабдувањето со вода; отстранување отпадни води и управување со отпад учествува со 275 претпријатија, или 0,4 %.

Значаен е и бројот на претпријатија во секторот на објекти за сместување и сервисни дејности со храна, кој опфаќа 4.945 претпријатија, или 7,3 % од вкупниот број. Овој сектор го одразува потенцијалот на туризмот и угостителството во економијата, што би можело да се поврзе со туристичките активности во земјата.

Исто така, од табела 17 може да ја забележиме и динамиката на промени на бројот на претпријатија по сектор во споредба со претходната година, при што се забележува зголемување на бројот на претпријатија во повеќето сектори во 2023 година, со исклучок на секторот поправка на компјутери каде што има намалување од 3 %, потоа секторот дејности со недвижен имот и трговија, каде што е опаднат бројот на претпријатија за 1 %. Од друга страна, најзначајно зголемување е забележано во секторот снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација, каде што бројот на активни претпријатија се зголемил за 28 % во споредба со 2022 година. Овој пораст може да укаже на зголемена побарувачка за енергетски услуги и инвестиции во енергетската инфраструктура, што е особено релевантно со оглед на глобалните тенденции за подобрување на енергетската ефикасност и адаптација на климатските услови.

Разликите помеѓу значајноста на секторите можат да се видат и преку нивното учество во показатели како што се: вкупна вработеност, промет, додадена вредност по фактор трошок, трошоци за вработени и бруто-деловен вишок, кои се дадени во табела 18.

**Табела 18. Основни структурни деловни показатели по сектори за 2023 година во милиони денари**

| | Основни структурни деловни показатели по сектори за 2023 година | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Број на активни претпри јатија | Број на вкупно вработе ни | Промет | Додадена вредност по фактор трошок | Трошоци за вработен ите | Бруто-деловен вишок |
| | | | во милиони денари | | | |
| **Вкупно** | **68.004** | **433.008** | **2.078.605** | **445.041** | **229.053** | **215.988** |
| Рударство и вадење камен | 199 | 3.806 | 20.743 | 9.108 | 3.032 | 6.076 |
| Преработувачка индустрија | 7.981 | 117.977 | 534.378 | 115.324 | 62.412 | 52.912 |
| Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација | 478 | 8.551 | 186.969 | 22.964 | 7.221 | 15.743 |
| Снабдување со вода; отстранување отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината | 275 | 9.864 | 15.304 | 5.956 | 5.153 | 803 |
| Градежништво | 5.877 | 30.344 | 130.175 | 38.295 | 15.038 | 23.257 |
| Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли | 21.840 | 98.185 | 812.894 | 92.506 | 47.070 | 45.436 |
| Транспорт и складирање | 5.641 | 30.113 | 106.746 | 33.874 | 14.462 | 19.412 |
| Објекти за сместување и сервисни дејности со храна | 4.945 | 23.056 | 35.493 | 12.722 | 8.348 | 4.374 |
| Информации и комуникации | 2.809 | 22.525 | 72.707 | 40.577 | 24.612 | 15.965 |
| Дејности во врска со недвижен имот | 651 | 2.122 | 7.942 | 5.270 | 1.286 | 3.984 |
| Стручни, научни и технички дејности | 8.385 | 25.956 | 45.348 | 24.217 | 12.089 | 12.128 |
| Административни и помошни услужни дејности | 1.684 | 21.068 | 34.003 | 14.922 | 10.951 | 3.971 |
| Образование | 803 | 3.510 | 3.610 | 2.193 | 1.635 | 558 |
| Уметност, забава и рекреација | 3.087 | 20.353 | 18.776 | 11.838 | 8.874 | 2.964 |
| Дејности на здравствена социјална заштита | 824 | 9.912 | 49.502 | 13.279 | 5.347 | 7.932 |
| Поправка на компјутери и предмети за лична употреба и за домаќинствата | 457 | 933 | 1.293 | 432 | 307 | 125 |
| Други лични услужни дејности | 2.068 | 4.733 | 2.721 | 1.564 | 1.216 | 348 |

**Извор: Државен завод за статистика**

Доколку ги погледнеме поединечно секторите, најголем дел од вработените се сконцентрирани во преработувачката индустрија, со вкупно 117.977 вработени лица, што претставува 27,2 % од вкупниот број вработени, кој изнесува 433.008. Овој сектор придонесува со промет од 534.378 милиони денари, или учество од 25,7 %, што го прави еден од најголемите економски двигатели во земјата. Додадената вредност создадена од преработувачката индустрија изнесува 115.324 милиони денари, со трошоци за вработените од 62.412 милиони денари, додека бруто-деловниот вишок е 52.912

милиони денари, што претставува 24,5 % од вкупно остварениот деловен вишок. Овие бројки покажуваат дека преработувачката индустрија не само што генерира значителна додадена вредност, туку исто така овозможува стабилност во вработеноста и обезбедува долгорочен потенцијал за индустриски раст.

Трговијата на големо и мало, поправката на моторни возила и мотоцикли, е сектор кој има доминантно економско влијание и има највисок промет во споредба со преостанатите сектори од дури 812.894 милиони денари, или учество од 39,1 %. Овој сектор вработува 98.185 лица, или 22,7 % од вкупниот број вработени и придонесува со додадена вредност од 92.506 милиони денари и има трошоци за вработените од 47.070 милиони денари, а бруто-деловен вишок од 45.436 милиони денари. Овие податоци укажуваат дека трговијата е динамичен сектор со висок капацитет за генерирање приход, ликвидност и можности за вработување, што ја прави основа за економското движење на капиталот во земјата.

Секторите транспорт и складирање, градежништво и информации и комуникации, иако помали по обем, учествуваат со околу 6-7 % во вкупниот број вработени и 4-6 % во вкупниот промет, меѓутоа, остваруваат повисока стапка на деловен вишок споредено со прометот кој го остваруваат, која се движи од 18 до 20 %.

Во текот на 2023 година секторот транспорт и складирање остварил промет од 106.746 милиони денари, што претставува 79 % од вкупно остварениот промет. Додадената вредност што ја создава овој сектор изнесува 33.874 милиони денари, што е релативно висока сума имајќи предвид дека транспортот и складирањето во голема мера зависат од условите за инфраструктура и инвестиции во нови технологии и возила. Трошоците за вработените во овој сектор се 14.462 милиони денари, при што овој сектор е значаен работодавец, вработувајќи 7 % од вкупната работна сила. Бруто- деловниот вишок на секторот за 2023 година изнесува 19.412 милиони денари, што е значителен профитен потенцијал и покажува ефективност при генерирање вредност во однос на вложените ресурси, што ни покажува дека секторот не е само стабилен, туку и потенцијално рентабилен, што може да привлече дополнителни инвестиции и да создаде нови работни места.

Секторот градежништво, со 30.344 вработени, придонесува со промет од 130.175 милиони денари и додадена вредност од 38.295 милиони денари. Трошоците за вработените во овој сектор изнесуваат 15.038 милиони денари, додека бруто-деловниот вишок е 23.257 милиони денари. Градежништвото претставува сектор кој е особено значаен за инфраструктурниот развој на земјата и е чувствителен на економските промени, но истовремено нуди значителни можности за создавање нови работни места.

Секторот за информации и комуникации има 22.525 вработени и генерира промет од 72.707 милиони денари. Овој сектор обезбедува висока додадена вредност од 40.577

милиони денари, со трошоци за вработените кои изнесуваат 24.612 милиони денари и бруто-деловен вишок од 15.965 милиони денари. Овие бројки укажуваат на значењето на дигиталните технологии и комуникациите за економијата, каде што брзиот развој и примената на нови технолошки решенија го поттикнуваат економскиот раст и ја зголемуваат продуктивноста.

Во 2023 година секторот снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација вработил 8.551 лице, а остварил промет од 186.969 милиони денари. Секторот има додадена вредност од 22.964 милиони денари, што претставува значителен дел од неговата економска активност и укажува на важноста на енергијата како основен ресурс во поддршката на економскиот раст. Трошоците за вработените во секторот изнесуваат 7.221 милион денари, а бруто-деловниот вишок на секторот во 2023 година изнесува 15.743 милиони денари, што укажува дека е сектор кој е профитабилен и има капацитетот да генерира економски вишок. Оваа профитабилност е важна бидејќи овозможува секторот да инвестира во модернизација на инфраструктурата и подобрување на снабдувањето, како и во истражувања за нови, одржливи извори на енергија.

Иако дејностите на здравствената и социјалната заштита не се доминантен сектор по број на вработени и промет, тие имаат значајно социјално влијание. Со 9.912 вработени, овој сектор остварува промет од 49.502 милиони денари и додадена вредност од 13.279 милиони денари. Трошоците за вработените во здравствената заштита се 5.347 милиони денари, додека бруто- деловниот вишок изнесува 7.932 милиони денари.

Од друга страна, малите сектори, како административните и помошните услужни дејности, кои вработуваат 21.068 лица и остваруваат промет од 34.003 милиони денари, имаат додадена вредност од 14.922 милиони денари и бруто-деловен вишок од 3.971 милион денари. Иако тие не генерираат висок промет, обезбедуваат поддршка за преостанатите бизниси, што е значајно за зголемување на ефикасноста на економијата.

Вкупната слика укажува на потребата за континуирано вложување во сите сектори за одржлив раст и развој на економијата.

Кај податоците за активните претпријатија според класи на големина според бројот на вработени во периодот од 2021 до 2023 година можеме да забележиме дека доминираат микробизнисите до 9 вработени, кои сочинуваат 91,5 % во 2023 година, што претставува пораст од 91,2 % во 2022 и 90,9 % во 2021 година. За сметка на зголемување на микропретпријатијата, намален е бројот на мали претпријатија од 10 до 49 вработени, кој во 2023 изнесува 7,1 % од вкупниот број претпријатија, што претставува намалување во споредба со 2022 година кога изнесувал 7,3 % и 2021 кога изнесувал 7,6 %. Ова покажува дека микропретпријатијата се соочуваат со предизвик во поглед на растот и преодот од микро во мали.

**Графикон 3. Активни претпријатија по класи на големина според бројот на вработени (2021-2023 година)**




**Извор: Државен завод за статистика**

Од друга страна, нема значителни промени кај бројот на средни и големи претпријатија. Процентот на средни претпријатија е 1,2 %, додека бројот на големи претпријатија изнесува 0,2 % и нема значителни промени во последните три години. Релативно ниският процент на средни и големи претпријатија, исто така, укажува на предизвиците во формирањето поголеми деловни субјекти кои можат да го водат економскиот раст и да обезбедат стабилни вработувања.

Доколку ја погледнеме структурата според сектор и големина, може да заклучиме дека постојат одредени разлики помеѓу големината на претпријатијата и секторите на дејност.

## Табела 19. Структура на активни претпријатија според сектор и големина за 2023

| | Големина на претпријатија според број на вработени | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | микро (0-9) | мали (10 - 49) | средни (50-249) | МСП (микро + мали + средни) | големи (250+) | Вкупно |
| **Вкупно** | **62.193** | **4.855** | **797** | **67.845** | **159** | **68.004** |
| Рударство и вадење камен | 0,2 % | 0,7 % | 0,4 % | 0,3 % | 3,1 % | 0,3 % |
| Преработувачка индустрија | 10,6 % | 21,2 % | 34,5 % | 11,7 % | 35,8 % | 11,7 % |
| Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација | 0,7 % | 0,3 % | 1,1 % | 0,7 % | 1,9 % | 0,7 % |
| Снабдување со вода, отстранување отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината | 0,3 % | 1,1 % | 3,6 % | 0,4 % | 6,3 % | 0,4 % |
| Градежништво | 8,5 % | 10,3 % | 6,9 % | 8,7 % | 5,0 % | 8,6 % |
| Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли | 33,0 % | 24,0 % | 19,3 % | 32,1 % | 17,6 % | 32,1 % |
| Транспорт и складирање | 8,2 % | 9,9 % | 6,1 % | 8,3 % | 5,0 % | 8,3 % |
| Објекти за сместување и сервисни дејности со храна | 7,1 % | 9,6 % | 4,0 % | 7,3 % | 0,0 % | 7,3 % |
| Информации и комуникации | 4,0 % | 5,6 % | 8,5 % | 4,1 % | 6,9 % | 4,1 % |
| Дејности во врска со недвижен имот | 1,0 % | 0,5 % | 0,6 % | 1,0 % | 0,6 % | 1,0 % |
| Стручни, научни и технички дејности | 13,0 % | 6,0 % | 3,6 % | 12,4 % | 0,6 % | 12,3 % |
| Административни и помошни услужни дејности | 2,4 % | 3,2 % | 5,6 % | 2,5 % | 8,8 % | 2,5 % |
| Образование | 1,2 % | 1,2 % | 0,9 % | 1,2 % | 0,0 % | 1,2 % |
| Уметност, забава и рекреација | 4,5 % | 5,1 % | 2,0 % | 4,5 % | 1,3 % | 4,5 % |
| Дејности на здравствена социјална заштита | 1,2 % | 0,7 % | 2,4 % | 1,2 % | 6,9 % | 1,2 % |
| Поправка на компјутери и предмети за лична употреба и за домаќинствата | 0,7 % | 0,1 % | 0,0 % | 0,7 % | 0,0 % | 0,7 % |
| Други лични услужни дејности | 3,3 % | 0,5 % | 0,3 % | 3,0 % | 0,0 % | 3,0 % |

**Извор: Државен завод за статистика**

Големите претпријатија со над 250 вработени се најприсутни во преработувачката индустрија со 35,8 % од вкупниот број големи претпријатија, потоа секторот на трговија со 17,6 % од вкупниот број големи претпријатија и секторот на административни и помошни услужни дејности со 8,8 % од вкупниот број големи претпријатија. Од друга страна, најголем дел од МСП се сконцентрирани кај секторот трговија со 32,1 % од вкупниот број МСП, потоа секторот стручни, научни и технички дејности со 12,4 %. Кај овие два сектори, најголем процент се микропретпријатија, по што кај малите и

средните претпријатија опаѓа учеството во овие сектори. Од друга страна, на преработувачката индустрија отпаѓа 11,7 % од вкупниот број МСП, при што оваа индустрија има поголемо учество во вкупниот број мали и средни претпријатија, наспроти микропретпријатија.

**Табела 20. Основни структурни деловни показатели според големина за 2023 година**

| | Основни структурни деловни показатели | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Број на активни претпријатија | Број на вкупно вработени | Промет | Додадена вредност по фактор трошок |
| | | | во милиони денари | |
| **Вкупно** | **68.004** | **433.008** | **2.078.605** | **445.041** |
| Микро (0-9 вработени) | 91,5 % | 33,4 % | 22,6 % | 22,5 % |
| Мали (10-49 вработени) | 7,1 % | 21,4 % | 23,1 % | 23,4 % |
| Средни (50-249 вработени) | 1,2 % | 18,5 % | 20,3 % | 21,7 % |
| МСП (микро + мали + средни) | 99,8 % | 73,3 % | 65,9 % | 67,6 % |
| Големи (250+ вработени) | 0,2 % | 26,7 % | 34,1 % | 32,4 % |

**Извор: Државен завод за статистика**

Ако ги погледнеме податоците за учество на претпријатијата по големина во вкупниот број вработени, прометот и додадена вредност по фактор трошок, МСП-секторот вработува три четвртини, или 73,3 % од вкупната работна сила и генерира две третини од вкупниот промет (65,9 %) и додадената вредност по фактор трошок (67,6 %).

## Структура на активни претпријатија според географска распределеност

Од аспект на поделбата на активни претпријатија по региони во однос на дејноста и големината, како и поделбата по општини и големина на претпријатија, ќе бидат коментирани последните достапни податоци за 2022 година.

Податоците за активни деловни субјекти по статистички региони покажуваат дека Скопскиот Регион се издвојува како најголем центар на деловна активност, со дури 39 % од сите активни деловни субјекти. Ова го прави да биде најразвиен регион во однос на деловната густина и ефикасност. Полошкиот Регион е следен со околу 1 2% од активните деловни субјекти, а по него следуваат Пелагонискиот и Југозападниот Регион со по 10 %. Југоисточниот и Источниот Регион имаат речиси еднаква застапеност, со околу 8 % од активните деловни субјекти, додека Вардарскиот Регион учествува со 7 % од активните деловни субјекти. Најмала деловна активност е забележана во Североисточниот Регион, каде што се наоѓаат само 6 % од активните деловни субјекти. Постои потенцијал за дополнителни инвестиции и развојни иницијативи со цел да се поттикне економската активност во овој дел од земјата.

Важно е да се нагласи дека во оваа статистика не се вклучени бизнисите од сивата економија, кои можат да имаат значително влијание врз официјалната демографија.

**Графикон 4. Активни деловни субјекти по статистички региони за 2022 година**




**Извор: Државен завод за статистика**

Распределеноста на претпријатија по сектор и регион може да ја видиме во табела 21.

**Табела 21. Број на активни претпријатија по региони според сектори за 2022**

| | Статистички регион | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | Вардарски Регион | Источен Регион | Југозападен Регион | Југоисточен Регион | Пелагониски Регион | Полошки Регион | Североисточен Регион | Скопски Регион |
| **Вкупно** | **71228** | **5212** | **5444** | **7135** | **5583** | **7418** | **8485** | **4167** | **27784** |
| Земјоделство, шумарство и рибарство | 3,2 % | 9,8 % | 5,8 % | 2,1 % | 4,4 % | 6,5 % | 1,9 % | 2,8 % | 1,1 % |
| Рударство и вадење камен | 0,3 % | 0,4 % | 0,4 % | 0,3 % | 0,3 % | 0,3 % | 0,2 % | 0,2 % | 0,3 % |
| Преработувачка индустрија | 11,1 % | 11,1 % | 15,6 % | 10,7 % | 11,1 % | 11,0 % | 14,1 % | 12,8 % | 9,1 % |
| Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација | 0,5 % | 0,3 % | 0,4 % | 0,4 % | 0,4 % | 0,4 % | 0,3 % | 0,2 % | 0,7 % |
| Снабдување со вода, отстранување отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината | 0,4 % | 0,5 % | 0,5 % | 0,4 % | 0,4 % | 0,4 % | 0,4 % | 0,4 % | 0,3 % |
| Градежништво | 7,9 % | 5,0 % | 5,3 % | 11,1 % | 5,6 % | 5,3 % | 11,7 % | 7,5 % | 8,3 % |
| Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли | 30,4 % | 30,3 % | 30,5 % | 31,6 % | 35,8 % | 33,6 % | 33,4 % | 32,4 % | 26,8 % |
| Транспорт и складирање | 7,7 % | 14,2 % | 8,5 % | 5,2 % | 10,5 % | 8,2 % | 4,7 % | 7,5 % | 7,3 % |
| Објекти за сместување и сервисни дејности со храна | 6,7 % | 5,1 % | 6,6 % | 11,2 % | 6,9 % | 6,3 % | 9,2 % | 7,1 % | 5,1 % |
| Информации и комуникации | 3,6 % | 1,7 % | 1,7 % | 2,2 % | 2,2 % | 2,5 % | 1,8 % | 1,8 % | 6,0 % |
| Финансиски дејности и дејности на осигурување | 0,6 % | 0,3 % | 0,3 % | 0,6 % | 0,5 % | 0,5 % | 0,4 % | 0,7 % | 0,9 % |
| Дејности во врска со недвижен имот | 1,0 % | 0,4 % | 1,1 % | 0,8 % | 0,8 % | 0,6 % | 0,5 % | 0,5 % | 1,6 % |
| Стручни, научни и технички дејности | 11,3 % | 9,1 % | 8,6 % | 9,0 % | 9,0 % | 9,6 % | 8,0 % | 8,6 % | 15,2 % |
| Административни и помошни услужни дејности | 2,2 % | 1,0 % | 1,1 % | 2,0 % | 1,5 % | 2,0 % | 2,0 % | 1,8 % | 3,1 % |
| Јавна управа и одбрана, задолжително социјално осигурување | 0,4 % | 0,3 % | 0,4 % | 0,3 % | 0,3 % | 0,3 % | 0,2 % | 0,3 % | 0,5 % |
| Образование | 1,8 % | 1,6 % | 1,9 % | 1,4 % | 1,5 % | 2,1 % | 1,5 % | 2,0 % | 2,0 % |
| Дејности на здравствена и социјална заштита | 4,7 % | 4,7 % | 5,2 % | 4,7 % | 4,9 % | 5,4 % | 4,8 % | 5,4 % | 4,3 % |
| Уметност, забава и рекреација | 1,5 % | 1,4 % | 1,1 % | 1,2 % | 1,1 % | 1,5 % | 0,9 % | 1,2 % | 1,9 % |
| Други услужни дејности | 4,7 % | 2,6 % | 4,9 % | 4,7 % | 3,0 % | 3,6 % | 3,9 % | 6,7 % | 5,6 % |

**Извор: Државен завод за статистика**

Од аспект на дејноста, земјоделството, шумарството и рибарството се најзастапени во Вардарскиот Регион, каде што приближно 10 % од вкупниот број претпријатија во тој регион се земјоделски. Потоа следуваат Пелагонискиот Регион со 6,5 % и Источниот со 5,8 % од вкупниот број претпријатија во регионот. Земјоделството како сектор е

најмалку застапено во Скопскиот Регион, само 1,1 % од вкупниот број претпријатија се во овој сектор.

Секторот трговија на големо и мало, поправка на моторни возила и мотоцикли е еден од најголемите сектори. Тој е застапен во сите региони и има најголемо учество од вкупниот број претпријатија. Овој сектор има поголемо учество во Југоисточниот, Пелагонискиот и Полошкиот Регион, а помалку во Скопскиот Регион.

Најмногу активни претпријатија од градежниот сектор има во Полошкиот и Југозападниот Регион, додека од секторот преработувачка индустрија повисок процент на претпријатија има во Полошкиот и Источниот Регион. Секторот транспорт и складирање поголемо учество има во Вардарскиот и Југоисточниот Регион, кои имаат добар пристап до инфраструктура и патни коридори, што е клучно за логистичките активности и трговијата.

Гледано по региони, во Скопскиот Регион застапени се оние претпријатија што бараат значителни капитални вложувања и технолошки вештини, како што се информациските и комуникациските дејности кои учествуваат со 6,0 % од вкупниот број претпријатија, стручни, научни и технички дејности со 15,2 %, административни и помошни услужни дејности со 3,1 %, како и дејности врзани со недвижен имот кои учествуваат со 1,6 %. Оваа структура ја прави економијата на Скопскиот Регион високо диверзифицирана, што придонесува за неговата улога како финансиски и технолошки центар.

Во Полошкиот Регион, кој има приближно 12 % од вкупниот број активни претпријатија, доминира преработувачката индустрија со 14,1 %, што го прави овој регион важен индустриски центар. Полошкиот Регион има значајна застапеност и во градежниот сектор, што придонесува за неговиот индустриски раст и развој на локалната инфраструктура. Покрај тоа, во регионот се присутни и претпријатија од секторот трговија и здравство, за што може да се каже дека во овој регион има балансирана економија со акцент на индустријата и услугите.

Југозападниот Регион покажува висока ориентација кон туризмот, со најголема концентрација на претпријатија во секторот услужни дејности со сместување и храна од 11,2 %, што е речиси двојно повеќе споредено со преостанатите региони. Оваа дејност е основа на економијата во Југозападниот Регион, привлекувајќи туристи и поддржувајќи ја локалната економија. За Југоисточниот Регион, карактеристично е поголемо учество на претпријатија од секторот земјоделие и транспорт и складирање.

Источниот Регион има умерена економска активност, со висока застапеност во земјоделството и преработувачката индустрија, што обезбедува стабилен економски раст. Североисточниот Регион е со најмала економска активност и најмал број активни

претпријатија. Неговата економија се базира на земјоделството и градежништвото, кои се клучни сектори за локалниот развој.

Во целост, оваа анализа укажува на тоа дека економската активност по региони во Македонија е разновидна. Секој регион има свои специфични предности, кои може дополнително да се искористат со таргетирани политики и инвестиции. Ова би поттикнало поголема економска рамномерност и интеграција помеѓу регионите, што е од суштинско значење за одржлив економски развој на национално ниво.

Податоците за бројот на активни претпријатија по региони и според класи на големина во однос на бројот на вработени за 2022 година покажуваат дека најголем дел од претпријатијата се микро со помалку од 10 вработени.

**Графикон 5. Активни деловни субјекти по региони, по големина според бројот на вработени за 2022 година**




**Извор: Државен завод за статистика**

Најголем број микропретпријатија има во Полошкиот Регион (93,4 %), додека најмал број микропретпријатија има во Скопскиот и Источниот Регион, по 88,3 % во секој регион и Југоисточниот Регион каде што 88,8 % од претпријатијата се микро. За сметка на микропретпријатијата во овие региони има поголем број мали претпријатија со 10 до 49 вработени. Односно, 8,8 % во Скопскиот Регион, 8,9 % во Југоисточниот Регион и 8,6 % во

Источниот Регион. Тоа се истовремено и регионите каде што има најмногу средни по големина претпријатија, кои имаат од 50 до 249 вработени. Најголем број големи претпријатија се присутни во Скопскиот Регион (0,5 %) и Пелагонискиот Регион (0,3 %), додека најмал број големи претпријатија има во Полошкиот и Североисточниот Регион, односно 0,1 %.

Податоците за активните претпријатија и бројот на вработени по региони и општини во 2022 година покажуваат дека од вкупно 71.228 активни претпријатија, дури 84 % се микропретпријатија, што ја потенцира важноста на малите бизниси за локалната економија.

Скопскиот Регион има најголем број претпријатија и најразновидна економска структура, со 27.784 активни претпријатија. Најзначајна е Општина Центар, со 7.054 претпријатија, од кои 245 се средни компании со 50-249 вработени, а 80 се големи претпријатија со над 250 вработени. Значајна деловна активност покажуваат и општините: Карпош (4.328 претпријатија), Аеродром (3.644 претпријатија), Кисела Вода (2.918 претпријатија) и Гази Баба (2.630 претпријатија), што придонесува кон водечката улога на Скопје во националната економија. Овој регион, исто така, има најголем број големи претпријатија (141), што ја нагласува неговата централна економска позиција. При анализата на податоците треба да се има предвид дека дел од претпријатијата се регистрирани со седиште во Скопје иако операциите на овие компании се извршуваат во друг регион.

Полошкиот Регион, со 8.485 претпријатија, е втор по број на претпријатија и слично како и во Скопје, во него доминираат микропретпријатија. Општина Тетово има најголем број активни претпријатија во регионот (3.716), а по Општина Тетово следува Општина Гостивар со 2.520 претпријатија. Овие општини претставуваат значајни локални центри, додека помалите општини, како Боговиње и Брвеница, се карактеризираат со претежно микропретпријатија.

Источниот и Североисточниот Регион имаат помал број претпријатија и ограничен број големи компании. Во Источниот Регион, Штип (1.784 претпријатија) и Кочани (1.292 претпријатија) се најактивни општини, но повеќето компании имаат мал број вработени. Главен центар на Североисточниот Регион е Општина Куманово со 3.058 претпријатија, а претпријатијата со поголем број вработени се ретки, што претставува предизвик за вработувањето и економскиот развој на овој дел од земјата.

Југозападниот Регион, со 7.135 активни претпријатија, е исто така значаен деловен центар. Општина Охрид има 2.570 претпријатија, а Струга 2.159. Во двете општини доминираат микро и мали претпријатија. Големите компании се ретки и во овој регион, што укажува на потребата за поддршка на поголемите деловни субјекти.

Во Југоисточниот Регион најистакнати општини каде што има активни претпријатија се Струмица со 2.285 претпријатија и Гевгелија со 1.143 активни претпријатија. Во овие две општини главно преовладуваат микропретпријатија. Пелагонискиот Регион е воден од Општина Битола, со 3.539 активни претпријатија, што ја прави еден од најзначајните економски центри надвор од Скопје. Прилеп со 2.567 претпријатија е втор најактивен во регионот, но и во Пелагонискиот Регион, па како и во другите региони надвор од Скопје, големите претпријатија се малобројни.

Од податоците може да се забележи дека македонската економија се темели на мали и микропретпријатија, особено во регионите надвор од Скопскиот, каде што доминираат претпријатија со мал број вработени. Скопскиот Регион, со најголем број претпријатија и голем број големи компании, ја нагласува централизираната економска структура што укажува на потребата за поддршка на развојот на средни и големи претпријатија во помалите региони, со цел да се поттикне рамномерен економски развој и да се создадат нови работни места низ целата земја.

**Табела 22. Активни претпријатија по големина и општини во 2022 година**

| | Вкупно | Големина на претпријатие според број на вработени | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | микро (0 до 9) | мали (10 до 49) | средни (50-249) | големи (250+) |
| **Вкупно** | **71.228** | **64.141** | **5.417** | **1.443** | **227** |
| **Вардарски Регион** | **5.212** | **4.728** | **377** | **95** | **12** |
| Велес | 1.699 | **1.559** | **103** | 32 | 5 |
| Градско | 62 | **53** | **7** | 2 | - |
| Демир Капија | 86 | **73** | **11** | 2 | - |
| Кавадарци | 1.648 | **1.475** | **137** | 30 | 6 |
| Лозово | 44 | **40** | **4** | - | - |
| Неготино | 736 | **645** | **76** | 15 | - |
| Росоман | 113 | **106** | **6** | 1 | - |
| Свети Николе | 739 | **699** | **26** | 13 | 1 |
| Чашка | 85 | **78** | **7** | - | - |
| **Источен Регион** | **5.444** | **4.805** | **466** | **160** | **13** |
| Берово | 374 | **345** | **22** | 7 | - |
| Виница | 488 | **421** | **45** | 20 | 2 |
| Делчево | 525 | **461** | **48** | 16 | - |
| Зрновци | 49 | **41** | **7** | 1 | - |
| Карбинци | 67 | **55** | **11** | 1 | - |
| Кочани | 1.292 | **1.146** | **114** | 31 | 1 |
| Македонска Каменица | 192 | **181** | **8** | 2 | 1 |
| Пехчево | 130 | **114** | **14** | 2 | - |
| Пробиштип | 421 | **396** | **14** | 10 | 1 |
| Чешиново-Облешево | 122 | **111** | **10** | 1 | - |
| Штип | 1.784 | **1.534** | **173** | 69 | 8 |
| **Југозападен Регион** | **7.135** | **6.629** | **387** | **107** | **12** |
| Вевчани | 96 | **87** | **8** | 1 | - |
| Дебар | 532 | **508** | **17** | 6 | 1 |
| Дебарца | 114 | **104** | **7** | 3 | - |
| Кичево | 1.407 | **1.336** | **47** | 23 | 1 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Македонски Брод | 144 | **132** | **8** | 4 | - |
| Охрид | 2.570 | **2.333** | **191** | 39 | 7 |
| Пласница | 43 | **38** | **3** | 2 | - |
| Струга | 2.159 | **2.025** | **103** | 28 | 3 |
| Центар Жупа | 70 | **66** | **3** | 1 | - |
| **Југоисточен Регион** | **5.583** | **4.960** | **498** | **112** | **13** |
| Богданци | 253 | **225** | **23** | 5 | - |
| Босилово | 237 | **204** | **29** | 4 | - |
| Валандово | 332 | **290** | **32** | 9 | 1 |
| Василево | 196 | **176** | **17** | 3 | - |
| Гевгелија | 1.143 | **1.019** | **93** | 27 | 4 |
| Дојран | 107 | **92** | **14** | 1 | - |
| Конче | 64 | **60** | **3** | 1 | - |
| Ново Село | 178 | **152** | **21** | 3 | 2 |
| Радовиш | 788 | **715** | **59** | 12 | 2 |
| Струмица | 2.285 | **2.027** | **207** | 47 | 4 |
| **Пелагониски Регион** | **7.418** | **6.771** | **488** | **135** | **24** |
| Битола | 3.539 | **3.222** | **233** | 74 | 10 |
| Демир Хисар | 211 | **191** | **15** | 4 | 1 |
| Долнени | 181 | **169** | **8** | 4 | - |
| Кривогаштани | 118 | **107** | **10** | 1 | - |
| Крушево | 185 | **169** | **13** | 3 | - |
| Могила | 140 | **135** | **5** | - | - |
| Новаци | 69 | **67** | **1** | 1 | - |
| Прилеп | 2.567 | **2.349** | **166** | 40 | 12 |
| Ресен | 408 | **362** | **37** | 8 | 1 |
| **Полошки Регион** | **8.485** | **7.923** | **455** | **100** | **7** |
| Боговиње | 443 | **412** | **26** | 5 | - |
| Брвеница | 326 | **300** | **20** | 5 | 1 |
| Врапчиште | 426 | **412** | **10** | 4 | - |
| Гостивар | 2.520 | **2.385** | **108** | 26 | 1 |
| Желино | 345 | **316** | **20** | 8 | 1 |
| Јегуновце | 183 | **168** | **12** | 3 | - |
| Маврово и Ростуша | 124 | **105** | **16** | 3 | - |
| Теарце | 402 | **378** | **19** | 5 | - |
| Тетово | 3.716 | **3.447** | **224** | 41 | 4 |
| **Североисточен Регион** | **4.167** | **3.794** | **293** | **75** | **5** |
| Кратово | 199 | **178** | **17** | 4 | - |
| Крива Паланка | 574 | **531** | **32** | 11 | - |
| Куманово | 3.058 | **2.781** | **219** | 53 | 5 |
| Липково | 252 | **232** | **15** | 5 | - |
| Ранковце | 47 | **43** | **3** | 1 | - |
| Старо Нагоричане | 37 | **29** | **7** | 1 | - |
| **Скопски Регион** | **27.784** | **24.531** | **2.453** | **659** | **141** |
| Аеродром | 3.644 | **3.336** | **244** | 56 | 8 |
| Арачиново | 116 | **107** | **7** | 2 | - |
| Бутел | 1.406 | **1.204** | **155** | 46 | 1 |
| Гази Баба | 2.630 | **2.274** | **286** | 56 | 14 |
| Ѓорче Петров | 1.499 | **1.387** | **86** | 26 | - |
| Зелениково | 68 | **60** | **5** | 2 | 1 |
| Илинден | 672 | **546** | **86** | 28 | 12 |
| Карпош | 4.328 | **3.829** | **395** | 87 | 17 |
| Кисела Вода | 2.918 | **2.648** | **219** | 45 | 6 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Петровец | 200 | **160** | **32** | 8 | - |
| Сарај | 582 | **524** | **44** | 13 | 1 |
| Сопиште | 136 | **127** | **8** | 1 | - |
| Студеничани | 280 | **250** | **26** | 4 | - |
| Центар | 7.054 | **5.998** | **731** | 245 | 80 |
| Чаир | 1.824 | **1.698** | **94** | 32 | - |
| Чучер-Сандево | 201 | **170** | **26** | 5 | - |
| Шуто Оризари | 226 | **213** | **9** | 3 | 1 |

**Извор: Државен завод за статистика**

## Бизнис-демографија и бизнис-динамика

Бизнис-демографијата и динамиката на претпријатијата се клучни индикатори кои ги отсликуваат структурата и стабилноста на приватниот сектор. Демографските податоци за бизнисите опфаќаат информации за активните претпријатија, нивната структура според големина, сектор и географска локација, како и нивната улога во економскиот систем на земјата. Овие податоци нудат увид во организацијата на локалната економија и покажуваат каде има најголем фокус на деловната активност во земјата.

Покрај тоа, динамиката на бизнисот ги следи промените во деловниот сектор низ времето, како што се стапките на раст, новите отворања и затворања на претпријатијата, како и нивната способност да се адаптираат на променливите пазарни услови. Овие информации се неопходни за да се разберат предизвиците со кои се соочуваат претприемачите и да се идентификуваат факторите што влијаат врз стабилноста и одржливоста на бизнисите.

Во последните години дигитализацијата и напредокот на вештачката интелигенција создадоа нови барања за брза адаптација на компаниите кон глобалните промени и комуникациските канали. Бизнис-моделите сега се насочени кон одржливи и еколошки практики, а МСП-секторот се соочува со потреба за иновации и приспособување на новите услови на пазарот.

За поддршка на претприемачите во овој динамичен контекст, Владата и донаторите спроведуваат различни програми и иницијативи, овозможувајќи им неопходна поддршка и поттик за развој. Следењето на бизнис-демографијата и бројот на новоосновани, изменети и затворени претпријатија е од суштинско значење за планирање релевантни и навремени мерки, како што беа програмите за економско закрепнување од ковид-кризата. Оваа анализа на демографијата и динамиката на претпријатијата е основа за креирање соодветни програми кои ќе го поддржат развојот и растот на деловниот сектор, придонесувајќи кон долгорочната стабилност на економијата.

Во периодот од 2018 до 2023 година податоците за бројот на новорегистрирани трговски друштва (основања) бележат раст, од 5.861 новоосновани во 2018 година на 8.670 новоосновани претпријатија во 2022 година, што претставува највисок број на новоформирани трговски друштва во анализираниот период. Во 2023 година се забележува пад на растот на новоформирани претпријатија и има 8.515 уписи на основање. Податоците за бришење на претпријатијата (нивно затворање) покажуваат дека во 2023 година се забележани помал број згаснати претпријатија во споредба со изминатите години.

**Табела 23. Број на новорегистрирани и згаснати трговски друштва за последните седум години (2018 - 2024 година)**

| | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Број на уписи на основање** | 5.861 | 6.231 | 5.772 | 7.009 | 8.670 | 8.515 |
| **Број на уписи на промени** | 15.919 | 14.970 | 12.929 | 17.162 | 22.878 | 18.840 |
| **Број на уписи на бришења** | 6.193 | 6.483 | 5.373 | 5.893 | 6.862 | 4.335 |

**Извор: Централен регистар на РСМ**

Од анализираните податоци може да се истакне дека податоците за новорегистрирани трговски друштва во Македонија за периодот од 2018 до 2023 година покажуваат тренд на раст на основања и значително намалување на затворање или бришење на компаниите. Ова може да биде сигнал за раст на претприемничката активност, поволни бизнис-услови или подобрена економска клима. Меѓутоа, потребно е понатамошно анализирање на причините за намалувањето на бројот на бришења, како и на намалениот број на промени во последните години, затоа што овој тренд може да укажува на стабилизација на компаниите или на промена на нивните стратегии и структури.

Во текот на изминатите три години (2021-2023), според организациониот облик и структурата на активните и новосоздадените претпријатија во Македонија, може да се забележи дека најголем дел од активните претпријатија се составени од друштва со ограничена одговорност и акционерски друштва. Во овој сегмент, процентот на активни претпријатија се движи од 79 % во 2021 до 80,6 % во 2023, на чија сметка намален е бројот на претпријатија со форма трговец поединец или самостоен вршител на дејност од 19,9% во 2021 на 18,6 % во 2023 година.

**Графикон 6. Структура на активни и новосоздадени претпријатија според правната форма за последните три години (2021-2023 година)**




**Извор: Централен регистар на РСМ**

Слична е структурата според организациониот облик и кај новосоздадените претпријатија. Најголем дел, или 82,1 % од новоформираните претпријатија се друштва со ограничена одговорност или акционерски друштва, по што следува правната форма трговец поединец и физичко лице самостоен вршител на дејност со учество од 17,1 %. Доколку се споредат податоците со претходните години, може да се заклучи дека се намалува бројот на новосоздадени претпријатија како друштва со ограничена одговорност и акционерско друштво, а се зголемува бројот на новорегистрирани претпријатија кои имаат форма на трговец поединец и физичко лице самостоен вршител на дејност. Кај новосоздадените претпријатија со преостанати правни форми се само 0,8 % од вкупниот број новорегистрирани претпријатија.

Овие податоци ни покажуваат дека друштвата со ограничена одговорност и акционерските друштва доминираат во структурата на активните претпријатија и се атрактивни за претприемачите на долг рок. Од друга страна, трговците поединци се

најзастапени меѓу новосоздадените претпријатија, што сугерира дека постои силен интерес за самостојно работење, но со потенцијални предизвици за одржливост.

Доколку ги анализираме податоците за новосоздадени претпријатија и сектори, може да забележиме дека има зголемен број новоотворени претпријатија во одредени индустрии. Во 2023 година 14 % од вкупниот број новоотворени претпријатија биле од градежниот сектор, што претставува индикатор за економски раст и урбанизација. Исто така, има повисок број новосоздадени претпријатија, чие учество изнесува 15 % од вкупниот број новосоздадени претпријатија во 2023 година, а тоа е секторот за објекти за сместување и сервисни дејности со храна. Оваа динамика може да се поврзе со зголемениот интерес за туристички активности, како и со закрепнувањето на секторот по пандемијата.

Секторот за снабдување со електрична енергија, исто така, бележи континуиран раст кај бројот на новосоздадени претпријатија кој изнесува 1,7 % во 2021 г., 4,4 % во 2022 г. и 2,6 % во 2023 г.. Овој сектор за 2023 година има највисок процент (20,1 %) во поглед на новосоздадени претпријатија споредено со активните претпријатија за 2023 година. Оваа динамика покажува зголемен интерес за енергетски услуги, кој е поттикнат од зголемената побарувачка за одржливи енергетски решенија и обновливи извори на енергија.

Севкупно, македонската економија покажува стабилност со доминација на традиционалните сектори, како трговијата и преработувачката индустрија, кои продолжуваат да имаат најголем удел меѓу активните претпријатија. Сепак, растот на новосоздадени претпријатија во секторите сместување и угостителство, информации и комуникации и снабдување со енергија, укажува на промени во економските приоритети, со зголемено внимание кон туризмот, технологијата и енергетиката.

**Табела 24. Активни и новосоздадени претпријатија по сектори за последните три години (2021-2023)**

| Сектори | 2021 | | 2022 | | 2023 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Активни претпријатија | Новосоздадени претпријатија | Активни претпријатија | Новосоздадени претпријатија | Активни претпријатија | Новосоздадени претпријатија | Новосоздадени претпријатија, % од активните |
| Земјоделство, шумарство и рибарство | 3,8 % | 3,2 % | 3,7 % | 2,7 % | 3,5 % | 2,1 % | 4,8 % |
| Рударство и вадење камен | 0,3 % | 0,3 % | 0,3 % | 0,1 % | 0,3 % | 0,2 % | 5,4 % |
| Преработувачка индустрија | 11,5 % | 11,3 % | 11,3 % | 10,5 % | 11,2 % | 9,6 % | 7,0 % |
| Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација | 0,6 % | 1,7 % | 0,9 % | 4,4 % | 1,0 % | 2,6 % | 20,1 % |
| Снабдување со вода; отстранување отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината | 0,4 % | 0,5 % | 0,4 % | 0,4 % | 0,4 % | 0,4 % | 8,4 % |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Градежништво | 7,8 % | 11,5 % | 8,0 % | 10,7 % | 8,3 % | 14,0 % | 13,7 % |
| Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли | 30,3 % | 28,3 % | 29,6 % | 26,0 % | 29,2 % | 24,6 % | 6,9 % |
| Транспорт и складирање | 7,2 % | 6,3 % | 7,2 % | 6,9 % | 7,1 % | 5,1 % | 5,9 % |
| Објекти за сместување и сервисни дејности со храна | 6,8 % | 11,0 % | 6,9 % | 10,3 % | 7,1 % | 15,3 % | 17,6 % |
| Информации и комуникации | 3,2 % | 5,7 % | 3,5 % | 6,0 % | 3,7 % | 5,0 % | 11,0 % |
| Финансиски дејност и дејности на осигурување | 0,7 % | 0,5 % | 0,7 % | 0,6 % | 0,7 % | 0,5 % | 6,3 % |
| Дејности во врска со недвижен имот | 1,0 % | 1,0 % | 1,1 % | 1,1 % | 1,1 % | 0,9 % | 6,8 % |
| Стручни, научни и технички дејности | 10,2 % | 9,8 % | 10,4 % | 9,8 % | 10,5 % | 9,4 % | 7,3 % |
| Административни и помошни услужни дејности | 4,9 % | 3,2 % | 4,9 % | 4,1 % | 4,9 % | 3,7 % | 6,3 % |
| Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување | 0,3 % | 0,1 % | 0,3 % | 0,1 % | 0,3 % | 0,1 % | 2,5 % |
| Образование | 1,6 % | 0,9 % | 1,6 % | 1,1 % | 1,6 % | 1,1 % | 5,3 % |
| Дејности на здравствена и социјална заштита | 4,0 % | 1,4 % | 4,0 % | 1,6 % | 3,9 % | 1,3 % | 2,8 % |
| Уметност, забава и рекреација | 5,2 % | 3,4 % | 5,3 % | 3,6 % | 5,4 % | 4,1 % | 6,2 % |
| Други услужни дејности | 15,9 % | 14,5 % | 16,2 % | 14,3 % | 16,1 % | 12,2 % | 6,2 % |
| Дејности на домаќинствата како работодавци; дејности на домаќинствата кои произведуваат разновидна стока и вршат различни услуги за сопствени потреби | 0,0 % | 0,0 % | 0,0 % | 0,0 % | 0,0 % | 0,0 % | 0,0 % |
| Дејности на екстратериторијални организации и тела | 0,1 % | 0,1 % | 0,1 % | 0,1 % | 0,1 % | 0,1 % | 4,3 % |

**Извор: Централен регистар на РСМ**

## Самостојни извршители на дејност

Самостојните извршители на дејности претставуваат професионалци кои работат независно, без потреба од вработување во рамките на конкретна компанија или организација. Оваа категорија вклучува различни дејности и специјализирани професии, кои играат значајна улога во економскиот систем и социјалната структура на општеството.

Во групата самостојни извршители спаѓаат слободните уметници, занаетчиите, адвокатите, нотарите и земјоделците. Сите тие работат во различни полиња, но ги поврзува заедничката карактеристика на самостојност во нивната работа. Слободните уметници и занаетчиите ја развиваат својата дејност во креативни и специјализирани области, кои не само што имаат културно и социјално значење, туку и значително влијание врз економијата. Тие создаваат нови пазари и поттикнуваат иновации, што е клучно за економскиот напредок.

Адвокатите и нотарите играат важна улога во правниот систем обезбедувајќи правна сигурност и транспарентност. Нивната работа е неопходна за функционирањето на правниот ред и за заштита на правата на граѓаните.

Земјоделците, од друга страна, го обезбедуваат основниот извор на храна и ресурси, што директно влијае врз стабилноста на економијата. Нивната активност е основа за одржување на социјалната структура и за опстанокот на населението.

Со оглед на значењето на самостојните извршители, важно е да се анализираат нивните демографски карактеристики, како и влијанието што го имаат врз економските и социјалните аспекти на општеството.

Бројот на активни занаетчии-самостојни извршители на дејност останува релативно стабилен во периодот од 2021 до 2023 година, со минимални варијации. Во 2021 година бројот на активни претпријатија изнесува 5.676, во 2022 година се намалува незначително на 5.643, а во 2023 година повторно се зголемува на 5.675. Ова укажува на тоа дека нема значителни флуктуации во вкупниот број активни претпријатија во разгледуваниот период.

Во однос на уписите/основањата на нови претпријатија занаетчии-самостојни извршители на дејност, во 2022 година може да се забележи најголем број нови основања со 558 уписи, што претставува зголемување во споредба со 2021 година кога има 508 уписи. Сепак, во 2023 година бројот на нови основања е намален на 544 нови уписи. Бројот на уписи на бришења кај занаетчиите-самостојни извршители на дејност се зголемува од 514 во 2021 година на 591 во 2022 година, што покажува пораст на затворање на претпријатија во таа година. Меѓутоа, во 2023 година овој број се намалува

на 513, што укажува на одредено стабилизирање на бизнис-секторот по порастот на бришењата во претходната година.

Вкупно земено, овие податоци укажуваат на стабилност во бројот на активни претпријатија, со пораст на новите уписи/основања и на бришењата во 2022 година, а потоа стабилизација во 2023 година.

**Графикон 7. Демографија на занаетчии-самостојни извршители на дејност за последните три години (2021-2023)**




Извор: Централен регистар на РСМ

Од 2010 година Министерството за економија, преку различни мерки, обезбедува континуирана поддршка на занаетчиството како значаен сектор во локалната економија. Во текот на изминатата деценија Министерството финансира 163 занаетчии и поддржа 41 проект на занаетчиски комори со вкупна инвестиција од 340.000 евра. Целта на оваа финансиска поддршка е зајакнување на занаетчиите преку подобрување на нивната инфраструктура, обезбедување алатки и опрема, како и развој на вештини и иновации во занаетчиските дејности.

Во 2023 и 2024 година Министерството продолжува со интензивирана поддршка. Во 2024 година беа доделени договори за кофинансирање проекти на четири занаетчиски комори, во вредност од 707.000 денари. Дополнително, во текот на 2024 година рекорден број занаетчии добија субвенции, со вкупна вредност од 4,4 милиони денари. Оваа поддршка е проширена и со четвртиот пакет мерки, кој предвидува дополнителни 12 милиони денари за поддршка на набавка на алати и опрема, како и достапност на бескаматни кредити до 5.000 евра за занаетчиите, што се очекува да ги охрабри и поттикне нивните деловни активности.

Во рамките на идните мерки планирано е намалување на стапката на ДДВ за занаетчиските услуги од 18 % на 5 %, почнувајќи од 1 јануари 2025 година. Оваа мерка се очекува да им помогне на занаетчиите да бидат ценовно конкурентни и ќе ја стимулира потрошувачка на домашни услуги.[12]

[12] https://vlada.mk/node/22840

# Надворешна трговија

Република Северна Македонија, сместена во стратегиски важен регион на Југоисточна Европа, има склучено повеќе трговски договори чија цел е да го поттикнат економскиот раст и да ја унапредат трговската размена. Овие договори се насочени кон зајакнување на економските односи со соседните земји од Балканот, Европската Унија, како и со други значајни глобални трговски партнери, создавајќи поволни услови за раст на економијата и поттикнување нови инвестиции.

Еден од најзначајните трговски договори за Република Северна Македонија е **Договорот за стабилизација и асоцијација (ДСА)** потпишан со Европската Унија во 2001 година, кој стапува во сила од 2004 година. Овој договор служи како рамка за поблиски политички и економски односи и обезбедува основа за слободна трговија помеѓу Северна Македонија и ЕУ. Дополнително, со добивањето на статусот земја кандидат за членство во Европската Унија, Северна Македонија доби можност за уште поголемо зајакнување на својата трговска соработка со ЕУ.

Во поглед на зајакнувањето на регионалната соработка, Северна Македонија од 2000 година е член на ЦЕФТА (**CEFTA – Central European Free Trade Agreement),** што претставува договор помеѓу повеќе земји од Југоисточна Европа, и тоа Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Молдавија, Црна Гора, Северна Македонија и Србија. Целта на овој договор е да ја олесни трговијата преку елиминирање царини и нетарифни бариери помеѓу членките, поттикнувајќи поширока регионална економска интеграција. Како членка на ЦЕФТА, Северна Македонија има билатерални аранжмани во рамките на договорот кои дополнително ја зајакнуваат трговијата со земји како Србија, Црна Гора, Босна и Херцеговина и Албанија. Овие договори помагаат во олеснување на регионалната трговија, особено во областа на индустриските производи и земјоделството.

Во тој контекст треба да се спомене дека Северна Македонија од 2021 година е дел од иницијативата „**Отворен Балкан**“ помеѓу Северна Македонија, Албанија и Србија, при што се потпишани договори чија цел е да ги олеснат увозот и извозот на стоки, да понудат слободен пристап до пазарот на трудот и меѓусебно признавање на лабораториски тестови и резултати помеѓу трите земји. Со потпишувањето на овие договори воведени се посебни зелени ленти на граничните премини на трите земји, со кои се олеснува движењето на земјоделските и прехранбените производи, се намалува времето на чекање и се дозволува царинските формалности да бидат извршени на финалната дестинација кај земјата увозник.

Освен со земји од ЕУ и регионот, Северна Македонија има склучено и договор со **ЕФТА (Европската асоцијација за слободна трговија)** во 2000 година, кој ги вклучува земјите Исланд, Лихтенштајн, Норвешка и Швајцарија. Договорот ги опфаќа

индустриските производи, рибните производи и преработените земјоделски производи. Ова партнерство помага во промоција на либерализацијата на трговијата помеѓу Северна Македонија и земјите членки на ЕФТА.

Северна Македонија стана полноправна членка на **Светската трговска организација (СТО)** во 2003 година, со што ја доби обврската за следење на правилата на СТО за либерализација на трговијата, недискриминација и транспарентност, со што се поттикна меѓународната трговија со голем број земји. Дополнително, воспоставени се повеќе билатерални договори, како што се договорите со Украина и со Турција, кои овозможуваат слободен извоз на индустриски производи и на некои земјоделски производи, обезбедувајќи им пристап на македонските извозници до поголем пазар и зголемувајќи ја економската соработка на Северна Македонија со овие две земји.

Сите потпишани договори се дел од стратегијата за интегрирање на државата на светските пазари и поттикнување на економскиот раст преку меѓународна трговија.

Податоците на Државниот завод за статистика ги покажуваат промените во надворешната трговија од година на година. Тие се претставени на табелата подолу.

**Табела 25. Податоци за увоз, извоз и покриеност во периодот 2018 – 2023 во илјади денари**

| | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **извоз** | 361.222.203 | 395.684.046 | 356.547.559 | 429.546.580 | 511.540.793 | 512.368.615 |
| **увоз** | 472.173.953 | 519.167.787 | 468.688.576 | 594.629.641 | 747.537.594 | 686.299.500 |
| **трговски дефицит** | -110.951.750 | -123.483.741 | -112.141.017 | -165.083.061 | -235.996.801 | -173.930.885 |
| **покриеност** | **76,5 %** | **76,2 %** | **76,1 %** | **72,2 %** | **68,4 %** | **74,7 %** |

**Извор: Државен завод за статистика**

Споредбата на податоците за извозот, увозот, трговскиот дефицит и стапката на покриеност на увозот со извозот во периодот од 2018 до 2023 година покажува континуиран раст на вредноста на извозот, увозот и трговскиот дефицит од година на година. Исклучок е само 2020 година кога под влијание на пандемијата и мерките поврзани со неа, значително беше намалена трговската размена меѓу сите земји во светот, па и меѓу Северна Македонија и нејзините трговски партнери од странство.

Вредноста на извозот во 2023 година достигна 512.368.615 илјади денари, што е незначително зголемување од 0,2 % во споредба со 2022 година. Од друга страна, на страната на увозот се забележува пад од 8,2 % во 2023 година во споредба со претходната година. Трговскиот дефицит за 2023 година изнесува 173.930.885 илјади денари, што претставува намалување во однос на дефицитот од 2022 година, па оттука во 2023 година зголемена е покриеноста на увозот со извоз на ниво од 74,7 %.

Во табелата подолу се претставени податоците за стоковната размена во 2022 и 2023 година според основните економски категории.

**Табела 26. Стоковна размена според основните екон. категории за 2022/23 година, во илјади денари**

| | ИЗВОЗ | | | УВОЗ | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2022 | 2023 | % промена | 2022 | 2023 | % промена |
| Вкупно | 511.540.793 | 512.368.615 | 0,2 % | 747.537.594 | 686.299.500 | -8,2 % |
| Интермедијарни производи | 393.199.551 | 374.701.845 | -4,7 % | 554.053.463 | 469.632.847 | -15,2 % |
| Капитални производи | 33.222.386 | 46.126.634 | 38,8 % | 61.788.034 | 67.846.751 | 9,8 % |
| Производи за широка | 84.183.278 | 90.382.381 | 7,4 % | 112.999.001 | 124.939.415 | 10,6 % |
| Останати | 935.578 | 1.157.756 | 23,7 % | 18.697.096 | 23.880.487 | 27,7 % |

**Извор: Државен завод за статистика**

Според податоците, најголем дел од извозот и увозот во 2022 и во 2023 година опфаќаат интермедијарните производи (храна и пијалаци за индустриски потреби, индустриски набавки, горива и мазива, како и производи за инвестиции и транспортна опрема), потоа доаѓаат производите за широка потрошувачка, капиталните производи и останатите производи. На страната на извозот, најголема позитивна промена бележат капиталните производи со раст од 38,8 %, додека пак намалување има само кај извозот на интермедијарни производи. На страната на увозот, пак, зголемување има кај капиталните производи (9,8 %), производите за широка потрошувачка (10,6 %) и останатите производи (27,7 %). Во табела 27 е претставена структурата на увозот и извозот во 2022 и 2023 година по дејности.

**Табела 27. Структура на извоз и увоз според класификација на производите по дејности во периодот 2018 – 2023**

| | ИЗВОЗ | | УВОЗ | |
|---|---|---|---|---|
| | 2022 | 2023 | 2022 | 2023 |
| Земјоделски производи, производи на шумарството и риболовот | 3,3 % | 3,6 % | 1,4 % | 1,5 % |
| Рударство и вадење камен | 3,2 % | 2,9 % | 3,6 % | 3,0 % |
| Производи на преработувачката индустрија | 89,4 % | 89,5 % | 89,5 % | 92,5 % |
| Електрична енергија, гас, пареа и климатизација | 2,5 % | 2,8 % | 4,8 % | 1,9 % |
| Снабдување со вода; отстранување отпадни води; ракување со отпад и дејности за санација на околината | 1,3 % | 1,0 % | 0,5 % | 0,8 % |
| Услуги за информации и комуникации | 0,1 % | 0,1 % | 0,1 % | 0,1 % |
| Стручни, научни и технички услуги | 0,0 % | 0,0 % | 0,0 % | 0,0 % |
| Услуги за уметност, забава и рекреација | 0,0 % | 0,0 % | 0,0 % | 0,0 % |
| Нераспределено | 0,1 % | 0,1 % | 0,1 % | 0,2 % |

**Извор: Државен завод за статистика**

Од прикажаните податоци воочливо е големото учество на производите на преработувачката индустрија со над 89 % и на страната на увозот и на страната на извозот во двете разгледувани години.

Значаен дел од анализата на надворешната трговија е прегледот на стоковната размена по земја, кој ни ги покажува најголемите трговски партнери на Северна Македонија.

**Графикон 8. Учество на најголемите пет трговски партнери во извозот и увозот за 2023 година**




**Извор: Државен завод за статистика**

Од графикон 8 може да забележиме дека најголем извозен пазар за 2023 година е Германија, со 44 % од вкупната вредност на извозот, по што следуваат Бугарија, Србија, Косово и Грција со околу 5 % од вредноста на вкупниот извоз. Од друга страна, во 2023 година Северна Македонија најмногу има увезено производи од Велика Британија со удел од 12,5 % од вредноста на вкупниот увоз, Германија со 10,4 %, Грција и Кина околу 9 % и Србија 6,1 %.

Деталните податоци за увозот и извозот на Северна Македонија, според земја во последните шест години се претставени во табела 28.

**Табела 28. Стоковна размена според земји во периодот 2018 – 2023, во евра**

| | | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Увоз | Србија | 519.344.451 | 606.819.419 | 558.563.069 | 662.534.649 | 754.864.503 | 680.510.519 |
| | Кина | 443.817.898 | 487.251.961 | 522.621.171 | 643.919.029 | 949.821.817 | 1.002.656.588 |
| | Грција | 650.632.913 | 684.049.479 | 452.575.494 | 738.367.737 | 1.363.006.827 | 1.043.877.066 |
| | Германија | 890.174.273 | 961.698.385 | 809.612.613 | 981.029.243 | 1.038.549.529 | 1.159.169.587 |
| | В. Британија | 729.584.087 | 969.170.727 | 1.170.467.986 | 1.701.277.415 | 1.925.045.826 | 1.398.586.374 |
| Извоз | Грција | 190.463.860 | 173.768.752 | 176.559.949 | 211.385.845 | 327.874.766 | 306.526.248 |
| | Косово | 226.401.708 | 302.314.300 | 233.777.280 | 311.523.062 | 378.770.997 | 403.023.707 |
| | Србија | 235.446.700 | 250.651.688 | 223.288.943 | 305.214.865 | 385.551.518 | 400.854.020 |
| | Бугарија | 306.701.490 | 314.231.250 | 272.351.374 | 343.587.967 | 414.214.939 | 365.491.036 |
| | Германија | 2.765.128.014 | 3.129.268.604 | 2.717.494.390 | 3.239.432.503 | 3.741.699.454 | 3.665.016.946 |

**Извор: Државен завод за статистика**

Претставените статистички податоци ни покажуваат дека во периодот од 2018 до 2022 година извозот на Северна Македонија на главните извозни пазари во Германија, Бугарија, Србија, Косово и Грција бележи благ, но континуиран раст, со исклучок на 2020 година кога извозот кај сите споменати трговски партнери, освен Грција, бележи пад. Во 2023 година забележуваме намалување на вредноста на извозот во споредба со 2022 година на пазарите во Германија, Бугарија, Косово и Грција, а зголемување на вредноста на извозот само на српскиот пазар.

Слична е состојбата и на страната на увозот, односно со исклучок на 2020 година, увозот од главните пет трговски партнери од 2018 година до 2022 година континуирано расте. Во 2023 година зголемен е увозот од Кина, Грција и од Германија, додека има намалување на вредноста на увозот од Србија и од Велика Британија.

## Клучни показатели и трендови во извозот

Како што беше претходно споменато, приближно 90 % од извозот отпаѓа на производи на преработувачката индустрија. Структурата на извозот според класификација на производите во преработувачката индустрија е прикажана во табела 29.

**Табела 29. Структура на извозот на производите од преработувачката индустрија според класификација на производите за 2022 и 2023 (во илјади денари)**

| | 2022 | | 2023 | |
|---|---|---|---|---|
| | Вредност | Структура % | Вредност | Структура % |
| Хемикалии и хемиски производи | 160.848.674 | 35,2 % | 152.860.065 | 33,3 % |
| Моторни возила, приколки и полуприколки | 59.353.707 | 13,0 % | 68.082.022 | 14,8 % |
| Електрична опрема | 37.687.101 | 8,2 % | 44.268.723 | 9,7 % |
| Метали | 48.240.593 | 10,5 % | 36.397.123 | 7,9 % |
| Облека | 25.150.224 | 5,5 % | 26.784.650 | 5,8 % |
| Прехранбени производи | 20.940.385 | 4,6 % | 22.183.782 | 4,8 % |
| Мебел | 16.278.299 | 3,6 % | 21.080.696 | 4,6 % |
| Машини и опрема, неспоменати на друго место | 17.368.800 | 3,8 % | 17.846.373 | 3,9 % |
| Гума и пластични производи | 10.230.292 | 2,2 % | 10.612.638 | 2,3 % |
| Основни фармацевтски производи и фармацевтски препарати | 7.756.656 | 1,7 % | 9.930.103 | 2,2 % |
| Текстил | 12.189.861 | 2,7 % | 9.381.742 | 2,0 % |
| Други неметални минерални производи | 7.100.805 | 1,6 % | 6.746.108 | 1,5 % |
| Кокс и рафинирани нафтени производи | 9.478.888 | 2,1 % | 6.220.974 | 1,4 % |
| Пијалаци | 5.410.246 | 1,2 % | 6.185.992 | 1,3 % |
| Готови метални производи, освен машини и опрема | 5.734.281 | 1,3 % | 5.479.916 | 1,2 % |
| Компјутери, електронски и оптички производи | 4.091.661 | 0,9 % | 5.428.351 | 1,2 % |
| Останата опрема за транспорт | 1.849.919 | 0,4 % | 2.098.820 | 0,5 % |
| Кожа и слични производи од кожа | 2.225.087 | 0,5 % | 1.948.064 | 0,4 % |
| Други индустриски производи | 2.070.061 | 0,5 % | 1.906.241 | 0,4 % |
| Хартија и производи од хартија | 2.071.398 | 0,5 % | 1.799.671 | 0,4 % |
| Дрво и производи од дрво и плута, освен мебел, предмети и од слама и материјали за плетење | 815.391 | 0,2 % | 759.146 | 0,2 % |
| Тутунски производи | 422.429 | 0,1 % | 556.694 | 0,1 % |
| Услуги за печатење и снимање | 1.511 | 0,0 % | 2.324 | 0,0 % |
| **Вкупно** | **457.316.270** | **100,0 %** | **458.560.220** | **100,0 %** |

**Извор: Државен завод за статистика**

Од табелата се забележува дека најголемо учество во извозот на производи од преработувачката индустрија имаат хемикалиите и хемиските производи, чиј извоз учествува со 33,3 % во 2023 година, односно 35,2 % во 2022 година. Намалување на

извозот реализиран во 2023 има и кај категоријата метали од 10,5 % на 7,9 %. Од друга страна, податоците покажуваат зголемување на извозот во 2023 година во споредба со 2022 година кај категоријата моторни возила, приколки, полуприколки, од 13 % во 2022 на 14,8 % во 2023 година, како и кај категоријата електрична опрема од 8,2 % во 2022 на 9,7 % во 2023 година. Структурата на реализиран извоз во периодот од 2018 до 2023 година според економски групации е прикажана во табелата 30.

**Табела 30. Структура на извоз по вредност според економски групации и земји во периодот 2018 – 2023 година**

| Економски групации | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Европска Унија | 82,1% | 80,7% | 77,5% | 77,1% | 78,3% | 78,7% |
| Западен Балкан | 11,0% | 11,5% | 11,0% | 12,1% | 12,1% | 12,6% |
| Медитеранска унија | 1,5% | 1,4% | 1,6% | 2,0% | 2,8% | 2,4% |
| Организација за економска соработка на земји од Азиско-пацифичкиот регион | 1,1% | 2,4% | 2,6% | 2,4% | 0,8% | 1,4% |
| Европска асоцијација за слободна трговија | 0,7% | 0,6% | 0,7% | 0,8% | 0,8% | 1,0% |
| Заедница на независни држави | 0,8% | 1,0% | 1,2% | 1,0% | 1,2% | 0,9% |
| Северноамериканска зона на слободна трговија | 1,2% | 1,0% | 0,9% | 1,1% | 1,2% | 0,8% |
| Организација на земји извознички на нафта и нафтени деривати | 0,3% | 0,5% | 0,7% | 0,3% | 0,3% | 0,2% |
| Асоцијација на земјите од Југоисточна Азија | 0,1% | 0,1% | 0,5% | 0,2% | 0,1% | 0,1% |
| Африкански, карипски и пацифички земји | 0,6% | 0,2% | 0,1% | 0,1% | 0,2% | 0,1% |
| Нови индустријализирани азиски земји | 0,1% | 0,1% | 0,4% | 0,1% | 0,1% | 0,1% |
| Јужноамерикански заеднички пазар | 0,1% | 0,1% | 0,1% | 0,1% | 0,1% | 0,1% |
| Јужноазиска асоцијација за регионална соработка | 0,4% | 0,3% | 0,1% | 0,1% | 0,1% | 0,0% |
| Друго-земји на друго место неспоменати | 0,0% | 0,2% | 2,6% | 2,6% | 2,0% | 1,6% |

**Извор: Државен завод за статистика**

Податоците од табелата ни покажуваат дека Северна Македонија најмногу извезува во земјите од Европската Унија, со приближно 80 % од вкупниот извоз, по што следуваат земјите од Западен Балкан со околу 12 % од извозот. Динамиката на извозот по година ни покажува дека во последните пет години може да се забележи благ пад на извозот во земјите од Европската Унија, а пораст на извозот во земјите од Западен Балкан.

Најголем трговски партнер на земјата од Европска Унија е Германија, по што следуваат Бугарија, Грција, Унгарија и Белгија. Од Западен Балкан, најмногу се извезува во Косово и Србија, додека од Медитеранската Унија најмногу се извезува во Турција.

**Графикон 9. Земји каде што најмногу се извезува за 2023 година (во милиони денари)**




**Извор: Државен завод за статистика**

Гледано според сектори на СМТК, најмногу се извезуваат производи од категоријата хемиски производи, со вкупна вредност од 169.225 милиони денари, потоа машини и транспортни уреди во вредност од 136.046 милиони денари, производи класирани според материјалот во вредност од 57.725 милиони денари, како и разни готови производи во вредност од 60.119 денари. Од аспект на тоа на кои пазари најмногу се извезуваат овие производи, можеме да забележиме дека најголем дел од извозот го сочинува извозот на хемиски производи (89,8 %), машини и транспортни уреди (88,6 %) и разни готови производи (90,1 %) во земјите од Европската Унија. Од друга страна, во земјите од Западен Балкан, како втор најголем извозен пазар, најмногу се извезуваат производи класирани според материјалот, каде што спаѓаат производи класифицирани според примарниот материјал на изработка, на пример, дрво, метал, гума, стакло и слично (26 %), потоа категоријата хемиски и сродни производи (7,2 %), како и храна и живи животни (42 %).

**Табела 31. Податоци за извоз според економски групации и сектори на СМТК, за 2023 година (во милиони денари)**

| Економска групација / Сектор | Храна и живи животни | Пијалаци и тутун | Суровини (кои не се храна) освен гориво | Минерални горива, мазива и сродни производи | Животински и растителни масла, | Хемиски и сродни производи, н.н. | Производи класирани според материјалот | Машини и транспортни уреди | Разни готови производи | Останати стоки и трансакции | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Европска Унија | 14.078 | 7.731 | 15.277 | 7.984 | 251 | 151.993 | 32.987 | 120.567 | 51.982 | 183 | 403.034 |
| Западен Балкан | 12.605 | 4.324 | 1.695 | 11.116 | 544 | 12.152 | 14.732 | 4.702 | 2.653 | 102 | 64.625 |
| Медитеранска унија | 337 | 243 | 999 | 124 | 1 | 129 | 6.417 | 3.563 | 307 | 40 | 12.161 |
| Организација за економска соработка на земји од Азиско-пацифичкиот регион | 316 | 115 | 2.488 | 1 | 2 | 54 | 2.468 | 1.634 | 165 | 2 | 7.243 |
| Европска асоцијација за слободна трговија | 438 | 99 | 12 | 1.561 | 0 | 94 | 457 | 622 | 2.007 | 1 | 5.290 |
| Заедница на независни држави | 1.140 | 108 | 4 | 5 | 0 | 3.003 | 77 | 402 | 44 | 1 | 4.784 |
| Северноамериканска зона на слободна трговија | 876 | 776 | 104 | 51 | 1 | 72 | 225 | 1.944 | 145 | 50 | 4.245 |
| Организација на земји извознички на нафта и нафтени деривати | 98 | 81 | 2 | 0 | 0 | 185 | 149 | 268 | 133 | 36 | 952 |
| Асоцијација на земјите од Југоисточна Азија | 5 | 0 | 3 | 0 | 0 | 228 | 0 | 4 | 267 | 37 | 544 |
| Африкански, карипски и пацифички земји | 9 | 18 | 15 | 18 | 0 | 29 | 16 | 131 | 50 | 188 | 473 |
| Јужноамерикански заеднички пазар | 4 | 93 | 3 | 0 | 1 | 0 | 0 | 308 | 9 | 0 | 419 |
| Нови индустријализирани азиски земји | 2 | 336 | 1 | 7 | 0 | 0 | 2 | 53 | 40 | 0 | 441 |
| Јужноазиска асоцијација за регионална соработка | 0 | 0 | 52 | 0 | 0 | 0 | 3 | 105 | 1 | 1 | 162 |
| Друго-земји на друго место неспоменати | 444 | 41 | 1.607 | 232 | 0 | 1.288 | 193 | 1.745 | 2.316 | 1 | 7.866 |
| **Вкупно** | **30.352** | **13.966** | **22.261** | **21.099** | **802** | **169.225** | **57.725** | **136.046** | **60.119** | **642** | **512.238** |

**Извор: Државен завод за статистика**

Земајќи ги последните достапни податоци од Државниот завод за статистика за 2022 година, може да забележиме дека од вкупно 71.228 претпријатија, 3.892 имаат извозни активности, што претставува 5,5 % од вкупниот број претпријатија.

**Графикон 10. Извозни претпријатија според регион за 2022 година**




**Извор: Државен завод за статистика**

Најголем дел од извозните претпријатија доаѓаат од Скопскиот Регион, без разлика дали се гледа структурата според бројот на претпријатија или вредноста на извозот, како што може да се забележи од графикон 10.

**Графикон 11. Структура на извозни претпријатија според големина за 2022 година**




**Извор: Државен завод за статистика**

Иако од аспект на број на претпријатија најголем дел од извозните претпријатија се микро, односно 55 % од вкупниот број извозни претпријатија се микропретпријатија, 28,4 % се мали, 9,0 % се средни и 3,0 % се големи.

**Графикон 12. Процент од вкупен број претпријатија (според големина) кои имаат извозни активности за 2022 година**




Доколку ги земеме податоците како процент од вкупниот број претпријатија, може да забележиме дека само 3,3 % од сите микропретпријатија се извозни, додека 51,1 % од сите големи претпријатија се извозни, иако тие сочинуваат само 3 % од вкупниот број извозни претпријатија, како што може да се види на графикон 12.

Доколку се погледне структурата на вредноста на извозот според дејности и големина на претпријатие за 2022 година, како последни достапни податоци, може да заклучиме дека големите претпријатија главно извезуваат во неколку сектори, и тоа метали, моторни возила, текстил; додека малите и средните претпријатија повеќе доминираат во категории како производство на прехранбени производи, гума, поправка и инсталирање на машини и опрема, информации и комуникации, транспорт и складирање и слично.

## Табела 32. Структура на вредноста на извозот според големина на претпријатие и сектор за 2022 година

| Дејност | МСП | Големи | Непознато | Недостига податок |
|---|---|---|---|---|
| Земјоделство, шумарство и рибарство | 64,3 % | 35,3 % | 0,5 % | 0,0 % |
| Рударство и вадење камен | 5,8 % | 0,0 % | 0,0 % | 94,2 % |
| Производство на прехранбени производи | 80,2 % | 19,8 % | 0,0 % | 0,0 % |
| Производство на пијалаци | 31,1 % | 0,0 % | 0,0 % | 68,9 % |
| Производство на текстил | 31,9 % | 68,0 % | 0,1 % | 0,0 % |
| Производство на облека | 71,2 % | 28,8 % | 0,0 % | 0,0 % |
| Производство на кожа и слични производи од кожа | 50,8 % | 0,0 % | 0,0 % | 49,2 % |
| Преработка на дрво и производи од дрво и плута, слама и плетарски материјал | 99,0 % | 0,0 % | 1,0 % | 0,0 % |
| Производство на хартија и производи од хартија | 64,4 % | 0,0 % | 0,0 % | 35,6 % |
| Печатење и репродукција на снимени медиуми (записи) | 100,0 % | 0,0 % | 0,0 % | 0,0 % |
| Производство на хемикалии и хемиски производи | 99,8 % | 0,0 % | 0,2 % | 0,0 % |
| Производство на основни фармацевтски производи и фармацевтски препарати | 0,0 % | 0,0 % | 0,0 % | 100,0 % |
| Производство на производи од гума и пластични маси | 99,8 % | 0,0 % | 0,2 % | 0,0 % |
| Производство на други неметални минерални производи | 99,2 % | 0,0 % | 0,8 % | 0,0 % |
| Производство на метали | 14,8 % | 85,2 % | 0,0 % | 0,0 % |
| Производство на фабрикувани метални производи | 71,6 % | 0,0 % | 0,0 % | 28,4 % |
| Производство на компјутерски, електронски и оптички производи | 2,5 % | 0,0 % | 0,0 % | 97,5 % |
| Производство на електрична опрема | 32,0 % | 0,0 % | 0,0 % | 68,0 % |
| Производство на машини и уреди | 0,5 % | 0,0 % | 0,0 % | 99,5 % |
| Производство на моторни возила, приколки и полуприколки | 4,0 % | 96,0 % | 0,0 % | 0,0 % |
| Производство на мебел | 78,7 % | 0,0 % | 0,0 % | 21,3 % |
| Останата производствена индустрија | 9,6 % | 0,0 % | 0,0 % | 90,4 % |
| Поправка и инсталирање на машини и опрема | 100,0 % | 0,0 % | 0,0 % | 0,0 % |
| Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација | 60,3 % | 0,0 % | 0,0 % | 39,7 % |
| Снабдување со вода; отстранување отпадни води, управување со отпад и дејности за санација | 90,7 % | 0,0 % | 0,0 % | 9,3 % |
| Градежништво | 44,7 % | 54,8 % | 0,4 % | 0,0 % |
| Трговија на големо и на мало со моторни возила и мотоцикли и поправка на моторни возила и мотоцикли | 99,2 % | 0,0 % | 0,8 % | 0,0 % |
| Трговија на големо | 76,6 % | 22,8 % | 0,6 % | 0,0 % |
| Трговија на мало | 31,6 % | 68,0 % | 0,4 % | 0,0 % |
| Транспорт и складирање | 98,7 % | 0,3 % | 1,1 % | 0,0 % |
| Информации и комуникации | 89,3 % | 10,0 % | 0,7 % | 0,0 % |
| Дејности во врска со недвижен имот | 14,0 % | 0,0 % | 0,0 % | 86,0 % |
| Стручни, научни и технички дејности | 79,5 % | 0,0 % | 20,5 % | 0,0 % |
| Административни и помошни услужни дејности | 96,7 % | 0,0 % | 0,0 % | 3,3 % |
| Останати | 66,4 % | 20,2 % | 13,4 % | 0,0 % |
| **ВКУПНО** | **27,5 %** | **71,8 %** | **0,8 %** | **0,0 %** |

**Извор: Државен завод за статистика**

## Клучни показатели и трендови во увозот

Во овој дел се подетално претставени податоците за увозни активности во 2023 година и споредено со 2022.

Имајќи предвид дека приближно 90 % од увозот доаѓа од производи на преработувачката индустрија, подолу во табела X може да видиме каква е структурата на увозот според поединечните производи од преработувачката индустрија.

**Табела 33. Структура на увоз според класификација на производите во преработувачката индустрија за 2022 и 2023 (во илјади денари)**

| | 2022 | | 2023 | |
|---|---|---|---|---|
| | **вредност** | **структура %** | **вредност** | **структура %** |
| Метали | 139.466.926 | 20,8 % | 111.904.091 | 17,6 % |
| Хемикалии и хемиски производи | 77.665.416 | 11,6 % | 62.611.629 | 9,9 % |
| Кокс и рафинирани нафтени производи | 73.426.306 | 11,0 % | 56.988.876 | 9,0 % |
| Прехранбени производи | 52.867.383 | 7,9 % | 56.080.011 | 8,8 % |
| Електрична опрема | 50.293.841 | 7,5 % | 55.253.379 | 8,7 % |
| Компјутери, електронски и оптички производи | 40.790.095 | 6,1 % | 40.882.478 | 6,4 % |
| Машини и опрема, неспоменати на друго место | 32.688.909 | 4,9 % | 36.112.272 | 5,7 % |
| Други неметални минерални производи | 35.519.149 | 5,3 % | 35.487.147 | 5,6 % |
| Моторни возила, приколки и полуприколки | 24.745.524 | 3,7 % | 32.987.263 | 5,2 % |
| Текстил | 28.742.444 | 4,3 % | 27.549.538 | 4,3 % |
| Гума и пластични производи | 23.291.940 | 3,5 % | 24.252.569 | 3,8 % |
| Готови метални производи, освен машини и опрема | 18.493.445 | 2,8 % | 19.233.978 | 3,0 % |
| Основни фармацевтски производи и фармацевтски препарати | 15.017.891 | 2,2 % | 16.800.537 | 2,6 % |
| Хартија и производи од хартија | 10.869.248 | 1,6 % | 9.819.039 | 1,5 % |
| Други индустриски производи | 7.577.390 | 1,1 % | 8.903.513 | 1,4 % |
| Облека | 8.908.220 | 1,3 % | 8.845.013 | 1,4 % |
| Кожа и слични производи од кожа | 6.849.200 | 1,0 % | 8.172.278 | 1,3 % |
| Мебел | 6.260.916 | 0,9 % | 6.533.803 | 1,0 % |
| Дрво и производи од дрво и плута, освен мебел, предмети и од слама и материјали за плетење | 6.950.481 | 1,0 % | 6.429.255 | 1,0 % |
| Пијалаци | 4.705.991 | 0,7 % | 5.601.030 | 0,9 % |
| Тутунски производи | 1.990.755 | 0,3 % | 2.317.519 | 0,4 % |
| Останата опрема за транспорт | 1.846.642 | 0,3 % | 2.223.580 | 0,4 % |
| Услуги за печатење и снимање | 34.599 | 0,0 % | 42.501 | 0,0 % |
| **ВКУПНО** | **457.316.270** | **100,0 %** | **458.560.220** | **100,0 %** |

**Извор: Државен завод за статистика**

Најголемо учество во увозот според класификација на производите по дејности имаат металите, кои учествуваат со 17,6 %, потоа хемикалии и хемиски производи со 9,9 %, како и кокс и рафинирани нафтени производи со 9 %. Кај сите овие категории се забележува пад во вредноста на увозот и соодветно структурното учество во споредба со 2022

година. Следни две категории на производи кои најмногу се увезуваат се прехранбени производи со 8,8 % и електрична опрема со 8,7 %, чија вредност на увозот бележи раст во споредба со 2022 година.

**Табела 34. Структура на увоз по вредност според економски групации и земји во периодот 2018 – 2023 година**

| Економска групација | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Европска Унија | 62,4 % | 62,4 % | 46,3 % | 46,2 % | 46,8 % | 49,2 % |
| Друго-земји на друго место неспоменати | 0,2 % | 0,2 % | 15,5 % | 17,8 % | 16,0 % | 12,6 % |
| Организација за економска соработка на земји од Азиско-пацифичкиот регион | 7,3 % | 7,4 % | 8,6 % | 8,2 % | 8,9 % | 10,3 % |
| Западен Балкан | 8,8 % | 9,2 % | 9,6 % | 9,4 % | 8,6 % | 8,9 % |
| Медитеранска унија | 5,4 % | 5,4 % | 5,8 % | 6,2 % | 6,9 % | 6,4 % |
| Заедница на независни држави | 3,2 % | 3,1 % | 3,0 % | 3,1 % | 4,3 % | 2,8 % |
| Северноамериканска зона на слободна трговија | 3,1 % | 3,7 % | 3,2 % | 2,2 % | 1,7 % | 2,5 % |
| Асоцијација на земјите од Југоисточна Азија | 2,1 % | 1,7 % | 1,9 % | 1,7 % | 1,8 % | 1,9 % |
| Јужноазиска асоцијација за регионална соработка | 1,0 % | 0,8 % | 0,8 % | 0,8 % | 0,8 % | 1,3 % |
| Нови индустријализирани азиски земји | 0,7 % | 0,6 % | 0,7 % | 0,7 % | 0,8 % | 1,0 % |
| Европска асоцијација за слободна трговија | 0,9 % | 0,7 % | 1,2 % | 1,0 % | 1,1 % | 1,0 % |
| Јужноамерикански заеднички пазар | 0,8 % | 0,8 % | 0,7 % | 0,6 % | 0,7 % | 0,9 % |
| Организација на земји извозници на нафта и нафтени деривати | 0,4 % | 0,6 % | 0,6 % | 0,9 % | 0,9 % | 0,7 % |
| Африкански, карипски и пацифички земји | 3,7 % | 3,4 % | 2,1 % | 1,2 % | 0,6 % | 0,5 % |
| Организација за економски развој и соработка | 0,0 % | 0,0 % | 0,0 % | 0,0 % | 0,0 % | 0,0 % |

**Извор: Државен завод за статистика**

Доколку се погледне структурата на увозот по вредност, според економски групации и земји, Северна Македонија најмногу увезува од земјите во Европската Унија, и тоа 49,2 %, потоа следуваат земјите кои не се спомenати во некоја од наведените економски групации со 12,6 %, организацијата за економска соработка на земји од Азиско-пацифичкиот регион со 10,3 %, земјите од Западен Балкан со 8,9 % и Медитеранската Унија со 6,4 %.

Гледано поединечно по земја, најголем партнер на Северна Македонија од Европската Унија е Германија (71.355 милиони денари), по што следуваат Грција, Бугарија, Унгарија и Белгија. Од регионот на Западен Балкан, најмногу се увезува од Србија (41.893 милиони денари), значително повеќе од останатите земји, додека од Медитеранската Унија најмногу се увезува од Турција. Дополнително, едни од најголемите трговски партнери, односно пазари од каде што се увезуваат производи се Велика Британија, и тоа во вредност од 86.106 милиони денари, и Кина во вредност од 61.716 милиони денари.

**Графикон 13. Земји од каде што најмногу се увезува, во милиони денари за 2023**




**Извор: Државен завод за статистика**

Според сектори на СМТК, од табела 35 може да забележиме дека најмногу се увезуваат производи класирани според материјалот – во вредност од 216.054 милиони денари, машини и транспортни уреди во вредност од 161.099 милиони денари, како и минерални горива, мазива и сродни производи во вредност од 89.246 милиони денари и хемиски и сродни производи во вредност од 87.620 милиони денари. Кога ќе ги вкрстиме овие податоци со економските групации од каде што се увезува, може да забележиме дека најголем дел од производите се увезуваат од земјите на ЕУ, и тоа машини и транспортни уреди, производи класирани според материјалот и минерални горива, мазива и сродни производи. Од останати земји, поконкретно Велика Британија, најмногу се увезуваат производи класирани според материјалот (76,7 %), од организацијата за економска соработка на земјите од Азиско-пацифичкиот регион, односно Кина, најмногу се увезуваат машини и транспортни уреди (59,4 %) од вредноста на увозот кој доаѓа од Кина, додека од земјите на Западен Балкан најмногу се увезуваат производи класирани според материјалот (24 %), како и храна и живи животни (26 %) од вкупната вредност која се увезува од овие земји.

**Табела 35. Податоци за увоз според економски групации и сектори на СМТК, за 2023 година (во милиони денари)**

| Економска групација / Сектор | Храна и живи животни | Пијалаци и тутун | Суровини (кои не се храна) освен гориво | Минерални горива, мазива и сродни производи | Животински и растителни масла, масти и восоци | Хемиски и сродни производи, н.н. | Производи класирани според материјалот | Машини и транспортни уреди | Разни готови производи | Останати стоки и трансакции | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Европска Унија | 29.250 | 3.031 | 5.878 | 64.035 | 1.051 | 46.051 | 84.525 | 82.962 | 20.399 | 293 | 337.475 |
| Друго-земји на друго место неспоменати | 729 | 322 | 65 | 18 | 0 | 16.683 | 66.155 | 2.216 | 467 | 7 | 86.662 |
| Организација за економска соработка на земји од Азиско-пацифичкиот регион | 1.063 | 30 | 626 | 13 | 173 | 4.909 | 17.527 | 49.757 | 9.361 | 157 | 83.617 |
| Западен Балкан | 15.928 | 3.778 | 3.163 | 8.010 | 1.364 | 5.103 | 14.676 | 6.140 | 2.992 | 114 | 61.269 |
| Медитеранска унија | 3.085 | 30 | 405 | 476 | 8 | 4.587 | 18.228 | 9.057 | 7.813 | 75 | 43.763 |
| Заедница на независни држави | 956 | 57 | 124 | 14.583 | 534 | 897 | 1.964 | 124 | 170 | 0 | 19.408 |
| Северноамериканска зона на слободна трговија | 1.209 | 142 | 167 | 739 | 1 | 2.888 | 5.325 | 5.132 | 1.106 | 601 | 17.307 |
| Јужноазиска асоцијација за регионална соработка | 556 | 1 | 283 | 655 | 2 | 1.987 | 1.631 | 1.484 | 2.238 | 0 | 8.837 |
| Јужноамерикански заеднички пазар | 6.051 | 64 | 260 | 0 | 23 | 22 | 389 | 130 | 61 | 3 | 7.003 |
| Европска асоцијација за слободна трговија | 284 | 1 | 10 | 249 | 10 | 1.733 | 1.118 | 2.274 | 783 | 184 | 6.646 |
| Нови индустријализирани азиски земји | 5 | 9 | 68 | 1 | 0 | 419 | 2.077 | 1.278 | 168 | 0 | 4.025 |
| Организација на земји извознички на нафта и нафтени деривати | 651 | 2 | 39 | 420 | 0 | 2.234 | 513 | 21 | 7 | 0 | 3.887 |
| Африкански, карипски и пацифички земји | 176 | 39 | 1.351 | 0 | 0 | 101 | 1.571 | 114 | 28 | 163 | 3.543 |
| Асоцијација на земјите од Југоисточна Азија | 125 | 16 | 209 | 47 | 589 | 7 | 355 | 410 | 1.096 | 0 | 2.855 |
| **Вкупно** | **60.069** | **7.523** | **12.649** | **89.246** | **3.756** | **87.620** | **216.054** | **161.099** | **46.687** | **1.596** | **686.300** |

**Извор: Државен завод за статистика**

Земајќи ги последните достапни податоци од Државниот завод за статистика за 2022 година, може да забележиме дека од вкупно 71.228 претпријатија, 10.284 имаат увозни активности, што претставува 14,4 % од вкупниот број претпријатија.

**Графикон 14. Увозни претпријатија според регион, за 2022 година**




**Извор: Државен завод за статистика**

Најголем дел од увозните претпријатија доаѓаат од Скопскиот Регион, без разлика дали се гледа структурата според број на претпријатија или вредност на извозот, како што може да се забележи од графикон 14.

**Графикон 15. Структура на увозни претпријатија според големина за 2022 година**




**Извор: Државен завод за статистика**

Од податоците наведени во графикон 15 се забележува дека најголем дел од увозните претпријатија се микро, односно 63,9 % од вкупниот број увозни претпријатија се микро, 22,2 % се мали, а 6,0 % се средни.

**Графикон 16. Структура на увозни претпријатија според големина за 2022 година**




**Извор: Државен завод за статистика**

Доколку ги земеме податоците како процент од вкупниот број претпријатија, може да забележиме дека само 10,2 % од сите микропретпријатија имаат увозни активности, додека 64,8 % од сите големи имаат увозни активности, што може да се забележи од графикон 16.

Доколку се погледне структурата на вредноста на увозот според дејност и големина на претпријатие за последните достапни податоци од 2022 година, може да заклучиме дека големите претпријатија главно увезуваат во неколку сегменти, и тоа производство на текстил, метали, како и моторни возила, приколки и полуприколки; додека малите и средните претпријатија повеќе увезуваат во дејности како производство на хемикалии, преработка на дрво, производи од гума, поправка и инсталирање на машини и опрема и слично.

**Табела 36. Структура на вредноста на увоз според големина на претпријатие и сектор за 2022 година**

| Дејност | МСП | Големи | Непознато | Недостига податок |
|---|---|---|---|---|
| Земјоделство, шумарство и рибарство | 87,1 % | 12,2 % | 0,7 % | 0,0 % |
| Рударство и вадење камен | 44,7 % | 55,3 % | 0,0 % | 0,0 % |
| Производство на прехранбени производи | 77,2 % | 22,7 % | 0,0 % | 0,0 % |
| Производство на пијалаци | 41,5 % | 0,0 % | 0,0 % | 58,5 % |
| Производство на текстил | 25,9 % | 74,1 % | 0,1 % | 0,0 % |
| Производство на облека | 70,6 % | 29,3 % | 0,1 % | 0,0 % |
| Производство на кожа и слични производи од кожа | 49,7 % | 0,0 % | 0,0 % | 50,3 % |
| Преработка на дрво и производи од дрво и плута, освен мебел, произ. на предмети од слама и плетарски материјал | 99,4 % | 0,0 % | 0,6 % | 0,0 % |
| Производство на хартија и производи од хартија | 71,8 % | 0,0 % | 0,0 % | 28,2 % |
| Печатење и репродукција на снимени медиуми (записи) | 99,8 % | 0,0 % | 0,2 % | 0,0 % |
| Производство на хемикалии и хемиски производи | 99,9 % | 0,0 % | 0,1 % | 0,0 % |
| Производство на основни фармацевтски производи и фармацевтски препарати | 2,5 % | 0,0 % | 0,0 % | 97,5 % |
| Производство на производи од гума и пластични маси | 99,9 % | 0,0 % | 0,1 % | 0,0 % |
| Производство на други неметални минерални производи | 100,0 % | 0,0 % | 0,0 % | 0,0 % |
| Производство на метали | 18,2 % | 81,8 % | 0,0 % | 0,0 % |
| Производство на фабрикувани метални производи, освен машини и опрема | 78,7 % | 0,0 % | 0,0 % | 21,3 % |
| Производство на компјутерски, електронски и оптички производи | 6,1 % | 0,0 % | 0,0 % | 93,9 % |
| Производство на електрична опрема | 36,2 % | 0,0 % | 0,0 % | 63,8 % |
| Производство на машини и уреди, неспоменати на друго место | 0,9 % | 0,0 % | 0,0 % | 99,1 % |
| Производство на моторни возила, приколки и полуприколки | 3,7 % | 96,3 % | 0,0 % | 0,0 % |
| Производство на мебел | 95,7 % | 0,0 % | 0,0 % | 4,3 % |
| Останата производствена индустрија | 20,9 % | 0,0 % | 0,0 % | 79,1 % |
| Поправка и инсталирање на машини и опрема | 99,9 % | 0,0 % | 0,2 % | 0,0 % |
| Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација | 78,2 % | 6,4 % | 15,4 % | 0,0 % |
| Снабдување со вода; отстранување отпадни води, управување со отпад и дејност за санација на околината | 97,5 % | 0,0 % | 2,4 % | 0,0 % |
| Градежништво | 69,8 % | 25,8 % | 4,5 % | 0,0 % |
| Трговија на големо и на мало со моторни возила и мотоцикли и поправка на моторни возила и мотоцикли | 99,5 % | 0,0 % | 0,5 % | 0,0 % |
| Трговија на големо, освен трг. со моторни возила и мотоцикли | 72,2 % | 27,2 % | 0,6 % | 0,0 % |
| Трговија на мало, освен трг. со моторни возила и мотоцикли | 50,9 % | 48,7 % | 0,4 % | 0,0 % |
| Транспорт и складирање | 94,9 % | 3,6 % | 1,5 % | 0,0 % |
| Информации и комуникации | 33,9 % | 65,8 % | 0,2 % | 0,0 % |
| Финансиски дејности и дејности за осигурување | 100,0 % | 0,0 % | 0,0 % | 0,0 % |
| Дејности во врска со недвижен имот | 55,6 % | 0,0 % | 0,0 % | 44,4 % |
| Стручни, научни и технички дејности | 100,0 % | 0,0 % | 0,0 % | 0,0 % |
| Административни и помошни услужни дејности | 95,4 % | 2,4 % | 2,3 % | 0,0 % |
| **ВКУПНО** | **46,8 %** | **51,6 %** | **1,6 %** | **0,0 %** |

**Извор: Државен завод за статистика**

## Електронска трговија и дигитална подготвеност

Во време на глобална економска поврзаност, електронската трговија станува клучен инструмент за микро, мали и средни претпријатија (МСП), овозможувајќи им пристап до значително поширок пазар надвор од нивната физичка локација. Ова е особено корисно за претпријатија што нудат специфични производи бидејќи им овозможува да достигнат глобална публика. Електронската трговија, исто така, ги намалува оперативните трошоци бидејќи онлајн продажбата бара помалку инвестиции во физички простори и работна сила, додека процесите како управувањето со резерви и продажбата можат да бидат автоматизирани. Понатаму, е-трговијата им овозможува на малите и средни претпријатија лесно да ги следат навиките и преференциите на своите клиенти, обезбедувајќи 24/7 достапност на производите и услугите, како и повеќе можности за зголемување на приходите преку нови методи на продажба и континуиран однос со потрошувачите. Со дигитализацијата, малите компании можат да се натпреваруваат со поголемите, користејќи ги предностите на маркетингот преку социјалните медиуми и онлајн рекламирањето. Овој тренд се забележува и во РС Македонија, каде што податоците од НБРСМ за безготовински плаќања покажуваат значителен пораст, особено по пандемијата на ковид-19.

**Графикон 17. Структура на безготовински плаќања според број на трансакции и тип на платен инструмент за периодот 2021 – 2023 година**




**Извор: НБРСМ**

Од податоците достапни преку НБРСМ за безготовински плаќања, може да забележиме дека вкупниот број трансакции за 2023 година изнесува 226 милиони, од кои 34 милиони, или 15,4 %, се хартиени кредитни трансфери, а 39 милиони, или 17,5 %, се електронски кредитни трансфери, додека 152 милиони трансакции, или 67,1 % од вкупниот број безготовински плаќања се направени преку платежни картички. Во

споредба со 2022 и 2021 година, може да се забележи дека е зголемен бројот на трансакции направен преку платежни картички.

Ако ја погледнеме подетално статистиката за плаќањата извршени со платежни картички во последните три години, може да забележиме дека нецели 10 % од вкупниот број трансакции се извршени преку виртуелни места на продажба, при што за 2023 година е зголемено учеството на трансакции извршени со платежни картички преку физички места и изнесува 139 милиони, што е за 24 милиони повеќе од 2022 година, додека бројот на трансакции на виртуелни места изнесува 12 милиони, што е зголемување за 1 милион во споредба со 2022 година.

**Графикон 18. Структура на безготовински плаќања со платежни картички по место на продажба за периодот од 2021 до 2023 година**




**Извор: НБРСМ**

Доколку се погледне статистиката во однос на безготовински плаќања во земјата и странство преку платежна картичка, во последните три години може да забележиме тренд на раст на плаќања со платежна картичка кои се извршени во странство.

**Графикон 19. Структура на безготовински плаќања со платежни картички во земјата и странство за периодот од 2021 до 2023 година**




**Извор: НБРСМ**

Зголемената улога на е-трговијата може да се забележи и преку зголемениот број трговци што прифаќаат платежни картички, како на физички места на продажба така и на виртуелни, што е особено евидентно во периодот по ковид-19. Имено, во 2019 година имало само 875 трговци што прифаќале платежни картички на виртуелни места на продажба, додека во 2023 година тој број е речиси дуплиран.

**Графикон 20. Број на трговци што прифаќаат платежни картички во периодот 2018 – 2023**




**Извор: НБРСМ**

Од аспект на надоместоците што банките и другите обезбедувачи на платежни услуги ги наплаќаат од трговците на продажни места во земјата, тие зависат од нивната дејност и висината на годишниот промет остварен со платежни картички. Во табела 37

се наоѓа преглед на надоместоци по сектор во периодот од 2018 до 2023 година, при што тие се изразени како просечни пондерирани надоместоци користејќи го како пондер остварениот годишен промет на трговецот. Можеме да забележиме дека просечните пондерирани надоместоци се движат помеѓу 0,50 и 1,57 во зависност од секторот, при што се намалуваат за повеќето дејности во тој период, со исклучок на дејности како угостителство и туризам, хотелиерство, игри на среќа и сл.

**Табела 37. Податоци за надоместоци според сектори**

| Вид дејност на трговецот | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Прехранбени производи и пијалаци | 1,11 | 1,12 | 1,24 | 1,10 | 1,08 | 1,04 |
| Хотелиерство | 1,35 | 1,34 | 1,35 | 1,37 | 1,37 | 1,40 |
| Угостителство и туризам | 1,40 | 1,41 | 1,47 | 1,42 | 1,42 | 1,45 |
| Игри на среќа | 1,41 | 1,52 | 1,68 | 1,66 | 1,65 | 1,69 |
| Трговија со текстил и кожа | 1,30 | 1,29 | 1,35 | 1,23 | 1,22 | 1,20 |
| Здравствени услуги и поликлиники | 1,32 | 1,29 | 1,28 | 1,28 | 1,30 | 1,29 |
| Фармација | 1,08 | 1,10 | 1,21 | 1,12 | 1,10 | 1,08 |
| Информатичка технологија и бела техника | 1,08 | 1,10 | 0,99 | 1,03 | 1,12 | 1,04 |
| Бензински станици | 0,88 | 0,88 | 0,88 | 0,75 | 0,56 | 0,50 |
| Изнајмување превозни средства | 1,35 | 1,35 | 1,29 | 1,39 | 1,46 | 1,41 |
| Осигурителни компании и станици за технички преглед | 1,38 | 1,39 | 1,35 | 1,28 | 1,26 | 1,23 |
| Јавни и комунални дејности | 1,64 | 1,45 | 1,34 | 1,48 | 1,29 | 1,28 |
| Државни институции | 1,99 | 1,70 | 1,65 | 1,67 | 1,65 | 1,57 |
| Електронска трговија | 1,64 | 1,63 | 1,56 | 1,38 | 1,24 | 1,22 |
| Останати дејности | 1,21 | 1,21 | 1,15 | 1,20 | 1,17 | 1,14 |

**Извор: НБРСМ**

За сè поголемата важност на новите информатичко-комуникациски технологии говорат и податоците од Државниот завод за статистика, според кои, во 2023 година 96,4 % од деловните субјекти користеле компјутер во својата работа, при што пристап до широкопојасен интернет преку фиксна конекција имале 91,6 % од деловните субјекти со десет или повеќе вработени. Од вкупниот број деловни субјекти, 52,5 % имале веб-страница или почетна страница. Во однос на е-трговијата, 14,7 % од деловните субјекти со е-продажба примиле нарачки преку компјутерските мрежи, а 14,3 % од деловните субјекти примиле нарачки за стоки или услуги преку веб-продажба.[13]

И покрај ваквите статистики, нивото на дигитализација кај малите и средни претпријатија може да се оцени како релативно ниско, особено во делот на дигитализација на внатрешните процеси. Дигиталната трансформација меѓу македонските компании варира, при што микро, малите и средните претпријатија (МСП) често заостануваат зад поголемите фирми и се соочуваат со значителни

[13] https://www.stat.gov.mk/PrikaziSoopstenie.aspx?id=77&rbr=14491

предизвици во усвојувањето на дигиталните технологии и нивното искористување за подобрување на нивните бизниси согласно анализата на Бизнис-конфедерацијата на Северна Македонија, направена меѓу македонските компании за дигитална трансформација во текот на 2023 година. Како главни бариери и пречки за дигитална трансформација во ова истражување се наведуваат недостигот на кадар, особено на дигитално квалификувана работна сила, инерција на менаџерските способности, конзервативната корпоративна култура и слично, и покрај тоа што земјата има високи оцени во поглед на развојот на широкопојасната инфраструктура и регулаторната рамка на ИКТ.[14]

Истражувањето сугерира дека иако има предизвици, постојат и значителни можности и капацитети за дигитална трансформација кај македонските претпријатија. Преку прифаќање на дигиталните технологии и развивање поддржувачки екосистем за дигитално усвојување, бизнисите во Северна Македонија можат да ја зголемат својата продуктивност, ефикасност и конкурентност и да придонесат за севкупниот економски раст и развој на земјата.

Во нацрт-националната ИКТ-стратегија за периодот од 2023 до 2027 година, која се базира на четири столба, и тоа: дигитална поврзливост и ИКТ-инфраструктура, развивање дигитални вештини кај граѓаните, развој на дигитална влада, како и поддршка за дигитализација на бизниси и поттикнување дигитални иновации, во делот наменет за бизнис-секторот се предвидени повеќе програми, меѓу кои и развој на платформа за интероперабилност со еднократна најава, отворени податоци и поддршка на дигитална трансформација на претпријатијата преку промовирање дигитални иновациски хабови и поддршка на бизнис-иновации. Додека се пишува оваа студија, во тек е изработка на нова стратегија за ИКТ, чија цел ќе биде да ја зајакне конкурентноста на земјата, при што ќе бидат опфатени горенаведените области.

Во тој контекст може да се издвојат следниве иницијативи кои се најавени во текот на 2024 година, а чија цел е да ја помогнат дигиталната трансформација на земјата.

**Центар за дигитална трансформација „Go digital“** наменет за дигитализација на микро, мали и средни компании во државава кои се успешни во работата, но им недостигаат дигитални вештини за да бидат конкурентни и меѓународно видливи и да бидат поттикнати за извоз на глобалните пазари. Центарот е основан од бордот на „Северна Македонија 2025“ како непрофитна организација со цел да создаде екосистем за поддршка на дигитализацијата на компаниите, преку поддршка во планирањето, имплементација на конкретни проекти, како и помош за нивно финансирање, при што

[14] https://bcm.mk/wp-content/uploads/2024/08/Preview_Analysis-Full_Mk.pdf

веќе е распишана иницијатива насочена кон МСП за ваучери за кофинансирање од 6.000 до 10.000 евра.[15]

**Дигитален центар за иновации ДигитМак,** чие формирање беше најавено со цел да ја зајакне дигиталната подготвеност и капацитет кај бизнисите и јавните организации преку зголемување на соработката помеѓу бизнис-секторот и академијата, давајќи му ги на приватниот сектор потребните алатки, знаења и вештини за дигитализација. Во рамките на оваа иницијатива предвидени се можности за процена на потребите за дигитализација на малите и средните претпријатија во државата, пристап до финансии, како и пристап до лаборатории специјализирани во рамките на Универзитетот кои овозможуваат тестирање на нивните идејни решенија. Дополнително, преку Европската мрежа за претприемништво, хабот ќе нуди можност за вмрежување на компаниите како во државата така и во цела Европа. Тој е основан од конзорциум на четири партнерски институции, секоја со соодветна експертиза во услугите за поддршка на дигиталната трансформација, вклучително и основната инфраструктура. Основачи се Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Стопанската комора на Република Северна Македонија, Бизнис-акцелераторот УКИМ, како и Фондацијата за менаџмент и индустриско истражување. Финансирањето на ваквите инцијативи се одвива главно преку проектите на ЕУ, како „Хоризонт Европа“ и „Дигитална Европа“.[16]

[15] https://godigital.mk/

[16] https://digitmak.mk/mk/

# Пазар на труд

Малите и средни претпријатија (МСП) играат клучна улога на пазарот на трудот, значително придонесувајќи за вработувањето и економскиот развој. Во рамките на овој дел ќе се разгледаат аспектите како што се: улогата на пазарот на трудот, вработувањето, примањата, невработеноста и стратегиите и програмите за поддршка на вработувањето и претприемништвото во земјата.

Секторот на мали и средни претпријатија е основен двигател на пазарот на трудот бидејќи претставува значителен дел од вкупното вработување и има важна улога во обезбедувањето работни места. Од друга страна, пазарот на трудот е многу значаен за развојот на МСП бидејќи овие претпријатија често се главни вработувачи во локалните заедници и носители на иновации и претприемништво. Како таков, здравиот и динамичен пазар на труд е основа за раст и одржливост на МСП.

Пазарот на трудот се темели на неколку значајни теории.

Според теоријата за понуда и побарувачка на труд, рамнотежата на овој пазар зависи од интеракцијата помеѓу понудата на работна сила, односно лицата што сакаат и се подготвени да работат, од една страна, и побарувачката за труд, односно претпријатијата што нудат работа, од друга страна. Врз понудата на работна сила влијаат повеќе фактори, меѓу кои висина на плати, вештини, демографски фактори итн., додека пак фактори што влијаат врз побарувачката на труд се продуктивност, технологии, карактеристики на индустријата, законска регулатива итн. Односот меѓу понудата и побарувачката влијае врз нееднаквоста на платите, невработеноста и недостигот на работни места.

Теоријата за човечки капитал објаснува како инвестирањето во вештини и образование на работната сила може да ги подобри продуктивноста и конкурентноста на претпријатијата, вклучително и МСП. Следствено на ова, компаниите што вложуваат во обука и развој на своите вработени не само што го зголемуваат нивото на продуктивност туку и го намалуваат ризикот од структурна невработеност, бидејќи работниците стануваат поприспособливи на новите технологии и барања на пазарот.

Теоријата на претприемништво ја нагласува улогата на иновациите и новите деловни модели во создавањето нови можности за вработување. Според оваа теорија, МСП се катализатори за економскиот раст преку воведување нови производи, услуги и процеси, кои придонесуваат за зголемена конкурентност на пазарот и создавање нови работни места. Ова ја истакнува важноста на поддршката за претприемништвото преку програми за финансирање, обуки и поволни деловни услови.

На крајот, теоријата за пазарни неуспеси ја истакнува важноста на владините интервенции во случаи кога пазарните сили не успеваат да постигнат оптимални

резултати. На пример, без владините активни мерки на пазарот на трудот може да се случи зголемување на невработеноста или несоодветност помеѓу вештините што ги нуди работната сила и оние што ги бараат работодавците. Затоа, владините мерки, како што се субвенции за вработување, програми за обука и стимулации за самовработување, се од суштинско значење за поддршка на малите и средни претпријатија и за намалување на невработеноста.

Овие теории ја даваат основата за понатамошна анализа на заемната поврзаност помеѓу пазарот на трудот и МСП-секторот, и прикажуваат како влијае динамиката на пазарот на трудот врз одржливоста и растот на малите и средните претпријатија.

## Податоци за активност на населението и вработување

Статистичките податоци од Државниот завод за статистика ни даваат детална слика за состојбите на пазарот на трудот од аспект на вработеноста и невработеноста на населението во РС Македонија. Тие се прикажани во табела 38.

**Табела 38. Активно население и стапки на активност за последните три години (2021 – 2023 година)**

| Година | Вкупно работоспособно население | Активно население | | | Стапка на активност | Стапка на вработеност | Стапка на невработеност |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Вкупно | Вработени | Невработени | | | |
| 2023 | **1.515.107** | **791.647** | **688.296** | **103.351** | **52,3** | **45,4** | **13,1** |
| 2022 | 1.464.493 | 808.079 | 692.034 | 116.045 | 55,2 | 47,3 | 14,4 |
| 2021 | 1.468.734 | 819.893 | 693.494 | 126.398 | 55,8 | 47,2 | 15,4 |

**Извор: Државен завод за статистика**

Според податоците од табелата, вкупното работоспособно население во 2023 година изнесува 1.515.107 лица. Од нив, активно население се 791.647, од кои 688.296 се вработени, а 103.351 се невработени лица. Оттука, пресметаната стапка на активност изнесува 52,3, што значи дека нешто повеќе од половина од работоспособното население учествува на пазарот на трудот. Од податоците во табелата може да се забележи дека бројот на вкупното работоспособно население во 2023 г. споредено со 2022 г. се зголемува, додека пак бројот на вкупното активно население се намалува.

Ваквиот тренд укажува на тоа дека дел од работоспособното население повеќе не учествува на пазарот на трудот, односно не е ниту вработено ниту бара работа. Една од причините за ваквата состојба е континуираното иселување на населението кое, според

прогнозите на Државниот завод за статистика, ќе продолжи со истата стапка како и досега, просечно околу 12.000 луѓе на годишно ниво.[17]

Стапката на вработеност, која го покажува процентот на лица од вкупното работоспособно население што се вработени, во 2023 година изнесува 45,4 %. Ова е благ пад во споредба со претходната 2022, кога стапката на вработеност изнесувала 47,3 %.

Показател кој најчесто се користи за укажување на состојбата на пазарот на трудот е стапката на невработеност. Според статистичките податоци, стапката на невработеност во 2023 година изнесувала 13,1 %. Во последните години овој показател има позитивен тренд на континуирано намалување од 15,4 % во 2021 година на 13,1 % во 2023 година.

Значаен показател за состојбата на пазарот на трудот е и структурата на ангажираната работна сила според пол и возрасни групи. Таа е прикажана во табела 39.

**Табела 39. Вработени по пол и возрасни групи за 2021, 2022 и 2023**

| | 2021 | | | 2022 | | | 2023 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | Мажи | Жени | Вкупно | Мажи | Жени | Вкупно | Мажи | Жени |
| **15-24** | 5,7 % | 3,7 % | 2,0 % | 5,8 % | 3,9 % | 1,9 % | 5,7 % | 3,8 % | 1,9 % |
| **25-34** | 22,4 % | 12,8 % | 9,6 % | 22,1 % | 12,6 % | 9,5 % | 21,8 % | 12,3 % | 9,5 % |
| **35-44** | 27,6 % | 15,2 % | 12,4 % | 27,9 % | 15,4 % | 12,5 % | 27,3 % | 15,0 % | 12,3 % |
| **45-54** | 25,0 % | 14,2 % | 10,8 % | 24,9 % | 14,3 % | 10,6 % | 25,8 % | 14,5 % | 11,3 % |
| **55-64** | 17,7 % | 11,2 % | 6,5 % | 17,8 % | 11,2 % | 6,6 % | 18,2 % | 11,2 % | 7,0 % |
| **65+** | 1,6 % | 1,2 % | 0,4 % | 1,5 % | 1,1 % | 0,4 % | 1,2 % | 0,8 % | 0,4 % |
| **Вкупно** | **100,0 %** | **58,3 %** | **41,7 %** | **100,0 %** | **58,5 %** | **41,5 %** | **100,0 %** | **57,6 %** | **42,4 %** |

**Извор: Државен завод за статистика**

Од податоците во табелата може да се заклучи дека од година на година има незначителни разлики во структурата на вработеното население анализирано според пол и возраст. Во сите возрасни категории поголемо е учеството на мажите во споредба со жените.

Попрецизна слика за состојбата на пазарот на трудот даваат и податоците за статусот на вработувањето. Според Државниот завод за статистика се користат четири класификации за статус на вработеност, и тоа: вработен, работодавец, вработен за сопствена сметка и неплатен семеен работник. Деталните статистички податоци за структурата на вработени според статусот на вработеност и според пол за 2022 и 2023 година се прикажани во следниот графикон.

[17]https://www.slobodnaevropa.mk/a/severna-makedonija-kje-zagubi-polovina-milion-zhiteli-za-50-godini/32732351.html

**Графикон 21. Структура на вработени според статусот на вработеност и пол за 2022 и 2023 година**




**Извор: Државен завод за статистика**

Од податоците прикажани на графиконот се забележува дека и во 2022 и во 2023 година доминира делот на вработени лица со статус вработен, за разлика од вработените лица со статус работодавец, вработен за сопствена сметка или неплатен семеен работник. Процентот на мажи со статус вработен се намалил од 47 % во 2022 година на 46,4 % во 2023 година, додека пак процентот на жени со статус вработен е зголемен од 36,2 % во 2022 на 37,6 % во 2023 година. Кај категоријата вработување со статус работодавец може да се забележи зголемување на уделот од 3,1 % кај мажите во 2022 година на 4,6 % во 2023 година и од 1 % кај жените во 2022 година на 1,4 % кај жените во 2023 година. Во однос на категоријата вработен за сопствена сметка може да се каже дека уделот и на мажите и на жените во 2023 година е намален во споредба 2022 година. И во 2022 и во 2023 година процентот на мажи со статус на вработување работодавец или вработен за сопствена сметка е тројно поголем во споредба со процентот на жени со ист статус, што укажува на потреба од поддршка на програми за поттикнување на женското претприемништво со цел подобрување на нивната позиција и постигнување поголема родова еднаквост.

Категоријата неплатен семеен работник има многу ниско учество во бројот на вработени и во 2022 и во 2023 година и се движи од околу 1 % до околу 2 %. Во оваа категорија жените имаат двојно поголемо учество во споредба со мажите.

На графиконот подолу се претставени податоците за структурата на вработените според статус на вработеност и возраст за 2022 и 2023 година.

**Графикон 22. Структура на вработени според статусот на вработеност и возраст за 2022 и 2023 година**




**Извор: Државен завод за статистика**

Од податоците на графиконот се забележува дека најголем дел од лицата чие вработување е со статус вработен се на возраст од 25 до 54 години. Најголема промена кај оваа категорија е зголемувањето на процентот на лица на возраст од 45 до 55 години

од 10 % во 2022 на 10,5 % во 2023 година и кај лицата на возраст 55 до 64 години од 6,8 % во 2022 година на 7,1 % во 2023 година. Ваквото зголемување од 0,5 %, односно 0,3 % е значајно кога се има предвид стабилноста на структурата на преостанатите категории на статус на вработеност по возраст од година на година.

Друга значајна промена што може да се забележи е порастот на процентот на лица чиј статус е работодавец во периодот од 2022 до 2023 година, кај сите возрасни групи.

Структурата на вработеноста може да се анализира и од аспект на нивото на образование на вработените. На графиконот 24 се прикажани статистичките податоци за структурата на вработеноста според школска подготовка и пол за 2023 година.

**Графикон 23. Вработеност според школската подготовка и полот за 2023 година**




**Извор: Државен завод за статистика**

Од графиконот може да се забележат значајни разлики во вработеноста според нивото на образование меѓу мажите и жените. Имено, поголем дел од вработените со основно и средно образование се мажи, додека пак меѓу вработените со вишо и високо образование поголем удел имаат жените за разлика од мажите.

Во продолжение се прикажани податоци во однос на структурата на вработените во 2022 и 2023 година, според тоа дали работат со полно или со скратено работно време.

**Графикон 24. Структура на вработените според полно и скратено работно време во 2022 и 2023 година**




**Извор: Државен завод за статистика**

Од податоците претставени на графиконот може да се забележи дека на пазарот на трудот им се дава предност на работни позиции со полно работно време. Учеството на работни места со скратено работно време бележи пад од 3,8 % во 2022 година на 2,8 % во 2023 година.

Од аспект на вработеност согласно сопственоста на претпријатието, може да се разликува поделба на претпријатијата:

1. во приватна и друга сопственост (мешовита, задружна, државна и недефинирана),
2. на домашно контролирани и странско контролирани претпријатија.

Последните достапни податоци за структурата на вработеност според овие две класификации се претставени на графиконите подолу.

**Графикон 25. Структура на вработеност според сопственост на претпријатие за 2022**




**Извор: Државен завод за статистика**

Од податоците прикажани во графиконот може да се забележи дека најголем дел од активните претпријатија во 2022 година биле домашно контролирани претпријатија, а само 2,6 % биле странско контролирани. И покрај значително нискиот удел на странски претпријатија во земјата, тие вработуваат дури 20,9 % од работната сила во земјата.

**Графикон 26. Структура на вработеност според сопственост на претпријатие за 2022 и 2023 година**




**Извор: Државен завод за статистика**

Податоците на графиконот ни покажуваат дека и во 2022 и во 2023 година дури три четвртини од вработените работат во приватен сектор, односно во компании кои се во приватна сопственост.

Во табелата подолу се претставени податоци за структурата на вработени според секторите на економска активност.

**Табела 40. Структура на вработени според економски сектори во 2023 година**

| | ДЕЛОВНИ СУБЈЕКТИ ВО: | | |
|---|---|---|---|
| | Вкупно | Приватна сопственост | Друга сопственост |
| **ВКУПНО ВРАБОТЕНИ** | 100,0 % | 74,6 % | 25,4 % |
| Земјоделство, лов и шумарство и рибарство | 7,8 % | 7,5 % | 0,3 % |
| Рударство и вадење камен | 0,6 % | 0,4 % | 0,2 % |
| Преработувачка индустрија | 19,6 % | 19,4 % | 0,2 % |
| Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација | 1,3 % | 0,5 % | 0,8 % |
| Снабдување со вода; отстранување отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината | 2,3 % | 0,4 % | 1,7 % |
| Градежништво | 7,3 % | 6,7 % | 0,6 % |
| Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли | 15,4 % | 15,2 % | 0,1 % |
| Транспорт и складирање | 5,3 % | 4,5 % | 0,8 % |
| Објекти за сместување и сервисни дејности со храна | 3,9 % | 3,8 % | 0,1 % |
| Информации и комуникации | 3,5 % | 3,3 % | 0,2 % |
| Финансиски дејности и дејности за осигурување | 1,8 % | 1,7 % | 0,1 % |
| Дејности во врска со недвижен имот | 0,1 % | 0,1 % | - |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Стручни, научни и технички дејности | 2,7 % | 2,5 % | 0,2 % |
| Административни и помошни услужни дејности | 2,4 % | 2,1 % | 0,3 % |
| Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување | 7,5 % | - | 7,5 % |
| Образование | 7,1 % | 0,8 % | 6,3 % |
| Дејности на здравствена и социјална заштита | 7,1 % | 2,6 % | 4,5 % |
| Уметност, забава и рекреација | 2,1 % | 1,5 % | 0,6 % |
| Други услужни дејности | 2,0 % | 1,5 % | 0,5 % |
| Дејности на домаќинствата како работодавци; дејности на домаќинствата кои произведуваат разновидна стока и вршат различни услуги за сопствени потреби | 0,1% | 0,1 % | - |
| Дејности на екстериторијални организации и тела | 0,1 % | - | 0,1 % |

**Извор: Државен завод за статистика**

Од податоците во табела 40, може да се забележи дека најголем дел од работната сила во земјата е вработен во претпријатијата од преработувачка индустрија во приватна сопственост (19,4 %) и претпријатијата од секторот трговија на големо и мало во приватна сопственост (15,2 %).

Други дејности што покриваат значаен дел од вработените во приватниот сектор се земјоделство, градежништво и транспорт и складирање, додека, пак, најголем дел од вработените во претпријатија од друга сопственост работат во јавна управа и одбрана, образование и дејности на здравствена и социјална заштита.

## Анализа на примањата

Со цел да се идентификуваат трендовите на заработувачката моќ на вработените во земјата, во продолжение ќе бидат претставени релевантните статистички податоци поврзани со нивото на исплатени нето-плати во земјата.

Податоците за просечната и минималната нето-плата исплатени во изминатите шест години се претставени на следниот графикон.

**Графикон 27. Просечна нето-плата по вработен, во денари, за последните шест години (2018 – 2023 година)**




**Извор: Државен завод за статистика**

Од податоците на графиконот може да се согледа дека во периодот од 2018 до 2023 година просечната и минималната исплатена нето-плата бележат континуиран раст. Во 2018 година просечната годишна нето-плата била 24.276 денари, додека во 2023 година просечната годишна нето-плата достигнала 36.614 денари. Ова претставува вкупен раст на просечната годишна нето-плата од приближно 51 % за период од шест години. Овој тренд на раст на просечната нето-плата делумно се должи на континуираниот раст на минималната плата во истиот период.

Доколку се разгледаат висините на исплатените просечни нето-плати по сектор, може да се увидат значајни разлики. Соодветните статистички податоци се прикажани во табела 41.

**Табела 41. Просечна исплатена нето-плата по вработен, по сектор, во денари, за периодот 2018 – 2023 година**

| | ПРОСЕЧНА НЕТО-ПЛАТА ПО ВРАБОТЕН, ВО ДЕНАРИ | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 |
| **Вкупно** | **24.276** | **25.213** | **27.182** | **28.718** | **31.859** | **36.614** |
| Земјоделство, шумарство и рибарство | 19.015 | 20.066 | 21.747 | 22.837 | 25.436 | 28.948 |
| Рударство и вадење камен | 34.394 | 34.507 | 36.027 | 38.838 | 43.171 | 47.952 |
| Преработувачка индустрија | 20.073 | 21.146 | 22.946 | 24.258 | 27.811 | 32.186 |
| Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација | 38.194 | 38.890 | 40.639 | 41.180 | 42.760 | 49.040 |
| Снабдување со вода; отстранување отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината | 20.768 | 21.335 | 22.595 | 23.032 | 25.182 | 29.187 |
| Градежништво | 22.008 | 23.393 | 25.375 | 27.038 | 30.690 | 36.473 |
| Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли | 22.706 | 22.997 | 25.017 | 26.865 | 30.677 | 34.718 |
| Транспорт и складирање | 23.204 | 25.204 | 25.883 | 26.960 | 30.273 | 34.382 |
| Објекти за сместување и сервисни дејности со храна | 17.775 | 18.317 | 18.041 | 20.023 | 23.675 | 27.244 |
| Информации и комуникации | 44.085 | 44.980 | 50.049 | 55.142 | 61.622 | 70.013 |
| Финансиски дејности и дејности на осигурување | 41.409 | 42.205 | 43.763 | 45.052 | 47.225 | 52.771 |
| Дејности во врска со недвижен имот | 26.399 | 26.207 | 26.741 | 28.305 | 31.588 | 35.005 |
| Стручни, научни и технички дејности | 28.495 | 29.221 | 31.333 | 34.299 | 38.830 | 44.012 |
| Административни и помошни услужни дејности | 17.907 | 18.963 | 19.998 | 21.549 | 24.591 | 28.795 |
| Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување | 27.898 | 28.783 | 29.995 | 30.875 | 32.573 | 38.323 |
| Образование | 23.447 | 24.589 | 27.349 | 27.765 | 29.551 | 34.593 |
| Дејности на здравствена и социјална заштита | 26.885 | 29.415 | 32.242 | 33.515 | 35.832 | 39.617 |
| Уметност, забава и рекреација | 22.571 | 22.228 | 23.923 | 26.376 | 30.692 | 35.121 |
| Други услужни дејности | 28.399 | 29.007 | 31.391 | 34.691 | 39.075 | 43.802 |

**Извор: Државен завод за статистика**

Податоците од табелата ни укажуваат на позитивен тренд на зголемување на платите во повеќето сектори. Сектори што се издвојуваат со највисоки просечни нето-плати во 2023 година се: информации и комуникации (70.013 денари), снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација (49.040 денари) и финансиски дејности и осигурување (52.771 денар).

Од друга страна, сектори со најниска просечна нето-плата и побавен раст на платите се објекти за сместување и сервиси за храна, со исплатена просечна нето-плата од 27.244 денари, и административни и помошни услужни дејности каде што просечната нето-плата во 2023 година изнесува 28.795 денари.

## Невработеност во Република Северна Македонија

Со цел поцелосно согледување на состојбата на пазарот во трудот, во продолжение ќе бидат разгледани клучните индикатори поврзани со невработеноста во земјата. Согласно методологијата на Државниот завод за статистика, кој е главен извор на прикажаните податоци, како невработени се сметаат лицата кои се невработени во референтната недела, активно барале работа во изминатите четири недели и ќе бидат достапни за вработување во следните две недели од крајот на референтната недела.

Според податоците на Државниот завод за статистика, во 2023 година бројот на невработени лица изнесува 103.351, што е за 12.694 помал од бројот на невработени лица во претходната 2022 година. Соодветно стапката на невработеност бележи пад од 14,4 во 2022 година на 13,1 во 2023 година.

Во продолжение се претставени најважните индикатори на демографската структура на невработеното население за 2023 година.

**Графикон 28. Структура на невработени според полот за 2023 година**




**Извор: Државен завод за статистика**

Податоците од половата структура на невработените во 2023 година ни покажуваат дека речиси две третини од невработените лица во земјата се мажи, а нешто повеќе од една третина се жени.

Од друга страна, податоците на графиконот 30 ни покажуваат дека најголем број од невработените се на возраст од 25 до 29 години, како и на возраст од 30 до 34 години.

**Графикон 29. Структура на невработени според возраст за 2023 година**




**Извор: Државен завод за статистика**

Значаен податок во анализата на демографската структура на невработените е нивото на школска подготовка. Статистичките показатели за образовната структура на невработените во 2023 се прикажани на следниот графикон.

**Графикон 30. Структура на невработени според школска подготовка во 2023**




**Извор: Државен завод за статистика**

Од податоците претставени на графиконот се гледа дека половина од невработените во 2023 година биле лица со четиригодишно средно образование, 19 % со завршено основно и 18 % со завршено високо образование.

Друг значаен податок кој треба да се земе предвид при анализа на структурата на невработените е должината на невработеноста. Според статистичките податоци, половина од невработените имаат статус на невработени веќе четири или повеќе години, една четвртина, односно 26 % од невработените го имаат овој статус помалку од една година, а останатите 24 % го имаат статусот невработени помеѓу една и три години.

**Графикон 31. Структура на невработени според должината на невработеноста во 2023 година**




**Извор: Државен завод за статистика**

Со цел да добиеме целосна слика за демографскиот профил на невработените лица, во продолжение ќе бидат претставени графички прикази на вкрстени статистички податоци по две демографски варијабли.

**Графикон 32. Структура на невработени според должината на невработеноста и полот во 2023 година**




**Извор: Државен завод за статистика**

Од податоците претставени на графиконот 32 може да се забележи дека најголемо учество во групата на лица со статус на невработени во период од четири години или подолго имаат мажите и тоа речиси двојно повеќе од жените. За разлика од нив, пак жените се двојно побројни од мажите во групата на невработени од 2 до 5 месеци и групата невработени од 12 до 17 месеци.

На следниот графикон е прикажана структурата на невработени според возраст и школска подготовка на невработените во 2023 година.

**Графикон 33. Структура на невработени според школската подготовка и старосната структура во проценти, во 2023 година**




**Извор: Државен завод за статистика**

Од податоците на графиконот се забележува дека лицата без образование или со незавршено основно образование имаат значајно учество во невработеноста кај возрасната група од 40 до 44 години, па и во севкупниот број невработени. Оваа состојба ја потврдува силната врска меѓу нивото на образование и можностите за вработување.

Анализата на податоците за невработеност според возраст и школска подготовка ни покажуваат дека повеќе од половина од невработените на возраст од 20 до 24 години имаат завршено средно образование и повеќе од една третина од невработените на возраст од 25 до 29 години имаат завршено високо образование. Ваквата состојба укажува дека младите луѓе се соочуваат со сериозни предизвици при преминот од образование кон пазарот на труд, без оглед на тоа дали станува збор за лица со завршено средно или за лица со завршено високо образование. Сепак, понатамошната анализа на податоците покажува дека учеството на невработени лица со високо образование во возрасните групи над 35 години континуирано се намалува со зголемување на возраста. Овој податок ја потврдува важната улога на образованието во процесот на вработување.

Со цел да се добие слика за трендот на промени во бројот на невработени според должината на невработеноста, во следната табела се претставени соодветните статистички податоци за период од шест години, од 2018 до 2023 година.

**Табела 42. Број на невработени според должината на невработеноста за последните шест години (2018 – 2023 година)**

| | Вкупно невработени | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 |
| **вкупно** | **176.382** | **147.169** | **135.600** | **126.397** | **116.044** | **103.351** |
| **до 1 месец** | 9.695 | 8.954 | 5.353 | 3.185 | 4.696 | 6.575 |
| **2-5 месеци** | 20.735 | 16.707 | 14.408 | 10.405 | 9.552 | 10.453 |
| **6-11 месеци** | 15.367 | 10.730 | 14.301 | 11.314 | 8.838 | 9.853 |
| **12-17 месеци** | 11.358 | 13.982 | 12.323 | 13.101 | 8.843 | 7.960 |
| **18-23 месеци** | 9.114 | 13.867 | 10.988 | 9.656 | 7.310 | 6.262 |
| **2 години** | 1.402 | 5.522 | 2.260 | 1.973 | 1.381 | 1.190 |
| **3 години** | 13.868 | 9.857 | 12.140 | 13.432 | 14.555 | 9.249 |
| **4 и повеќе години** | 94.843 | 67.550 | 63.827 | 63.331 | 60.869 | 51.809 |

**Извор: Државен завод за статистика**

Во периодот од 2018 до 2023 година вкупниот број на невработени бележи тренд на значително намалување, особено во делот на долгорочната невработеност, што укажува на подобрувања во интеграцијата на невработените лица во пазарот на трудот, особено оние што се невработени четири или повеќе години.

## Анализа на вработеноста во креативните индустрии

Во последните неколку децении група дејности под називот креативни индустрии почнуваат да се издвојуваат според една заедничка нишка – креативноста на вработените во овие дејности како клучен фактор за креирање вредност. Според Прегледот на креативната економија подготвен од Конференцијата на Обединетите нации за трговија и развој (УНКТАД), оваа група на дејности вклучува: маркетинг и рекламирање, архитектура, аудио-визуелни медиуми (филм и телевизија), издаваштво на книги, музичка индустрија, индустрија за видеоигри и визуелни уметности (сликарство, вајарство и сл.)[18].

Поради тесната поврзаност меѓу креативните индустрии и секторот култура, во статистичките анализи на ЕУ и ЕУ-стратегијата за индустриски развој се користи терминот екосистем на креативни и културни индустрии (Cultural and creative industries ecosystem).

Последните податоци покажуваат дека овој екосистем придонесува за околу 3,95 % од додадената вредност креирана од ЕУ-земјите и околу 8 милиони вработувања вклучени во 1,2 милиони компании, од кои над 99,9 % се мали и средни компании[19]. Но развиеноста на креативните индустрии и соодветно нивниот ефект врз економијата значително се разликуваат од земја до земја. Имено, според податоците на УНКТАД, во светски рамки вкупниот извоз на креативни услуги во 2022 година достигнал вредност од 1.378 милијарди долари, од кои 1.104 милијарди долари се извоз од развиените земји, а само 275 милијарди долари од неразвиените земји[20].

Главни фактори за развој на креативните индустрии се човечкиот капитал и дигиталната инфраструктура на една земја. Оттаму, во листата со најголеми извозници на креативни услуги се вбројуваат САД, Кина, Италија, Франција, Хонгконг и Германија.

Во однос на структурата на вработеност во креативните индустрии по пол, застапеноста на жените во креативните индустрии варира од земја до земја. На пример, во Велика Британија 63 % од вработените во креативните индустрии се мажи наспроти 37 % жени. За споредба, учеството на жените во вкупната економија на земјата е 47 %[21]. Според статистичките податоци на Меѓународната организација за труд во врска со уметност, забава и рекреација, просечното учество на жените во креативните

[18] https://unctad.org/system/files/official-document/ditctsce2024d2_en.pdf
[19] https://single-market-economy.ec.europa.eu/sectors/cultural-and-creative-industries_en
[20] https://unctad.org/system/files/official-document/ditctsce2024d2_en.pdf
[21] Creative Industries Policy and Evidence Centre (2021). Social mobility in the creative economy: Rebuilding and levelling up?

индустрии се движи од 80,5 % во Доминиканската Република до 6,5 % во Индија, при што глобалниот просек е на ниво од околу 38 %[22].

Во последните години креативните индустрии добиваат сè поголемо внимание во Северна Македонија. Во 2018 година Министерството за култура изработи Стратегијата за развој на креативните индустрии во Република Северна Македонија во чиј фокус е создавањето поволни услови за развој на креативните индустрии и нивна интеграција со економскиот и социјалниот развој на земјата. Во 2019 година основана е првата Унија на македонски професионални асоцијации во креативните индустрии – Умпаки, чија цел е поддршка на сите правни лица и организации што припаѓаат на креативните индустрии. Во таа насока, Умпаки неколку години по ред организира Меѓународен форум на креативни индустрии со поддршка на УНЕСКО и Министерството за култура и туризам.

[22] ILOStat. Available at https://ilostat.ilo.org/data/ (accessed 11 February 2024).

## Програми за поддршка на вработувањето и претприемништвото

Со цел активна поддршка на вработувањето и претприемништвото, Северна Македонија има развиена рамка на политики, утврдени со Програмата на Владата, ревидираната Програма за реформи во вработувањето и социјалната политика и други релевантни стратешки документи.

Клучни институции што ги спроведуваат овие политики преку имплементација на соодветни програми и мерки се Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија (АВРСМ) и Агенцијата за поддршка на претприемништвото (АПП). Понатаму овие програми и мерки се имплементираат во тесна координација со другите институции што имаат директна или индиректна улога во нивното спроведување и реализација.

Во согласност со Глобалниот пакт за работни места на Меѓународната организација на трудот, како и со планот Гаранција за млади 2023 – 2026 година, фокусот е ставен на активирање на невработените, особено младите, долгорочно невработените и корисниците на гарантирана минимална помош. Планот опфаќа програми и мерки за вработување кои ја следат насоката на диверзитет и инклузивност за сите општествени групи. Во Гаранцијата за млади, за периодот од 1.1.2023 до 31.12.2023 година, беа вклучени 23.619 млади невработени лица, од кои 8.404 се вработиле, а 1.849 лица биле вклучени во некоја од активните мерки за вработување. Според тоа, успешноста на Гаранцијата за млади во 2023 година изнесува 43 %.

Оперативниот план на АВРСМ опфаќа повеќе програми и мерки за вработување. Од извештајот на Агенцијата за 2023 година како позначајни за зголемување на вработувањето се издвојуваат:

1. **Програма за самовработување,** која е клучна за поддршка на нови претприемачи. Оваа програма им нуди финансиска поддршка и професионално насочување на лицата што сакаат да основаат свој бизнис, при што добиваат финансиска поддршка во висина од 307.500 или до 615.000 денари доколку се основа правен субјект од двајца содружници. Во 2023 година биле склучени 1.501 ваков договор од вкупно пријавени 2.078 лица, при што 19 од овие договори се со лица со попреченост.
2. **Поддршка за креирање нови работни места,** преку:
    - субвенционирање плата за вработување невработени лица кои потешко се вклучуваат на пазарот на трудот. Со оваа мерка во 2023 година биле опфатени 1.156 работодавци и биле вработени 1.360 лица;
    - вработување и раст на правни субјекти во МСП, социјални претпријатија или граѓански организации со грантови за вработување

на едно лице кои се движат помеѓу 92.000 и 220.000 денари. Во 2023 година преку оваа мерка биле вработени 545 невработени лица од страна на 420 работодавци.

3. **Обуки,** кои вклучуваат обуки на работно место кај конкретен работодавец, обука според стручни квалификации согласно барање на работодавците, развој на вештини преку обуки за зголемување на вработливоста на ранливите повратници од земјите на ЕУ, со посебно внимание на Ромите, обуки за побарувани занимања, обуки за возачи за Ц, Д и Е категорија. Со оваа мерка во 2023 година биле опфатени вкупно 1.443 лица во рамките на сите овие категории.
4. **Обуки за развој на дигитални вештини** со обуки за напредни ИТ-вештини и обуки за специјалист за човечки ресурси. Во 2023 година со оваа мерка биле опфатени вкупно 805 лица.
5. **Практикантство** со цел стекнување на практични знаења и вештини за извршување работни задачи на одредени работни места. Со оваа мерка во 2023 година биле опфатени 1.290 работодавци и 1.575 практиканти.
6. **Програма за работно ангажирање,** чија цел е вклучување невработени лица со ниски квалификации во проекти од инфраструктура и заштита на животна средина на локално ниво. Со оваа мерка во 2023 биле опфатени 465 лица.
7. **Економија на грижа,** каде што се вклучени општествено корисна работа и обуки и вработување лица за обезбедување услуги на грижа во заедницата со цел зголемување на вработливоста преку работно ангажирање на невработени лица, насочени кон обезбедување социјални и здравствени услуги на локално ниво. Со оваа мерка биле опфатени 622 лица.
8. **Поддршка за креирање нови работни места преку зелени инвестиции** заради поттикнување создавање нови вработувања и воедно заради катализирање на процесот на зелена трансформација на приватниот сектор преку воведување зелени производи, услуги, технологии или процеси во претпријатијата. Во рамките на оваа мерка биле опфатени 90 работодавци и 139 невработени лица.
9. **Програмата „Втора шанса“** се реализира во рамките на проектот „Активација на ранливи групи на пазарот на трудот“ и во фокус ги има долгорочно невработените лица и им овозможува преквалификација и практикантство, создавајќи нови можности за стекнување релевантни вештини и квалификации, што им го олеснува пристапот до пазарот на трудот.

При реализација на наведените мерки, проекти и програми, Агенцијата за вработување води сметка за промоција на рамномерен регионален развој преку обезбедување поголема поддршка за помалку развиените региони, а со цел полесен пристап до вработување и економски развој на локалните заедници. Воедно, со транспарентни

процеси на селекција и постојана поддршка од Агенцијата за вработување се осигурува еднаков пристап до програмите за сите евидентирани невработени лица и работодавци.

Агенцијата за поддршка на претприемништвото (АППРСМ), преку реализација на програмата за поддршка на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на МСП за 2023 година, реализира повеќе активности. Активности што се вклучени во оваа програма се следните:

1. **Поддршка на самовработувањето** како дел од оперативниот план за 2023 на Министерството за труд и социјална политика. Во рамките на оваа мерка сите заинтересирани невработени лица имаа можност да добијат ваучер за советување при изработката на бизнис-план од избрани овластени советници. Според податоците на Агенцијата за вработување, реализацијата на оваа мерка придонесе за отворање 1.796 нови фирми во кои се вработија 2.278 невработени лица.
2. **Програмата за ваучерско (субвенционирано) советување** им нуди поддршка на потенцијалните претприемачи и на постојни претпријатија кои сакаат да реализираат некоја бизнис-идеја. Оваа програма го подржува обезбедувањето услуги на советување и развој на деловна активност во форма на ваучери. Ваучерите им дозволуваат на корисниците да изберат овластени советници според мониторингот и методологијата одобрени од АППРСМ. Помошта за самовработување се обезбедува бесплатно за невработените, додека поддршката за МСП е во вид на соодветен грант, односно 50 % учество на клиентот и 50 % субвенција. Со оваа активност во 2023 година биле вклучени 39 клиенти кои реализирале 66 ваучери.
3. **Стандардизирани менторски услуги** во чии рамки во текот на 2023 година биле реализирани 2.275 менторски часа во 58 компании.
4. **Проект „Инфо пулт“, чија** цел е поврзување на институциите на системот како носители на економската политика и стратегија со малите и средни претпријатија, при што тие можат да добијат најразлични информативни услуги и конкретни информации за малото стопанство. Во рамките на оваа активност биле опфатени 630 клиенти.
5. **Претприемничко образование и организирање обуки за изработка на бизнис-план,** вклучува обуки за подигнување на свеста и знаењето за отпочнување претприемачки потфати и промоција на претприемништвото кај младите луѓе, развој на претприемачкиот дух и култура потребни за отворање сопствен бизнис, како и учење практични вештини, како што е пишување бизнис-план.
6. **Организацијата на обуки за подготовка на бизнис-план** имаше цел да ги мотивира и обучи слушателите за самостојно изработување поедноставен

бизнис-план врз основа на дигитален и зелен бизнис-модел. Во 2023 година на овие обуки учествувале 160 ученици и студенти.

7. **Обуки за наставници и професори кои го предаваат предметот Претприемништво и бизнис.** Во текот на 2023 година биле реализирани три вакви обуки со кои биле опфатени 138 наставници.

Освен овие, во текот на 2023 година АППРСМ има имплементирано и други активности, како организација на меѓународни конференции за претприемништво, организирање работилници за подигнување на свеста за дигитализација кај МСП, поддршка на женско претприемништво и кофинансирање на Junior Achievement.

Наведените програми, мерки и проекти за поттикнување на претприемништвото се клучен елемент во напорите на РС Македонија за поттикнување на претприемништвото и зајакнување на економијата, со цел поддршка на новите генерации и интеграција на ранливите групи во работната сила.

# Финансиска состојба и финансирање на МСП

Финансирањето на малите и средни претпријатија (МСП) е од клучно значење за нивниот раст и одржливост. Пристапот до финансии на МСП им овозможува да инвестираат во нови технологии, да се прошират на нови пазари, да развијат нови производи, што за возврат ја зголемува нивната конкурентност. На тој начин се зголемува и производството, се отвораат нови работни места и се дава придонес кон економскиот развој на земјата.

Од друга страна, недостигот на финансирање може да го ограничи потенцијалот на МСП, особено во периоди на криза или раст. Затоа, пристапот до кредити, инвестиции и поддршка од финансиски институции е неопходен за нивна стабилност и развој и помага во поттикнување на иновациите и одржување на економската динамика.

Самиот процес на финансирање на претпријатија вклучува различни механизми и извори на средства, кои се неопходни за нивно функционирање и развој. Оттука, овој дел од годишниот извештај ќе се фокусира на разгледување на дефинициите за финансирање, факторите што влијаат врз пристапот до финансиски средства, податоците за финансиската состојба и долгот на претпријатијата, како и различните финансиски инструменти и поддршка достапни за МСП.

## Основни поими во секторот финансирање на МСП

Начинот на финансирање на МСП може да биде формален и неформален. Кај **неформалниот начин на финансирање**, извор на финансии можат да бидат личните финансии и капиталот на претприемачот, заеми од роднини и пријатели, како и пари што доаѓаат од таканаречените бизнис-ангели кои претставуваат форма на неформален ризичен капитал (joint venture). Овие форми на финансирање се најважни во раните фази на формирање и развој, кога претпријатијата не можат лесно да добијат формални средства за финансирање од финансиските институции. Во **формални начини на финансирање** спаѓаат финансии кои доаѓаат од официјалните финансиски институции, како што се банките или штедилниците, формален ризичен капитал (joint venture) и финансии што може да се мобилизираат преку берза. Овие формални извори на финансирање се значајни и позастапени во подоцнежните фази на раст и развој на претпријатијата.

Дополнително, литературата разликува и **интерно финансирање на претпријатијата,** односно средства кои произлегуваат од самото работење на претпријатието, како и **екстерно финансирање,** односно извори на средства кои не се стекнати низ процесот на работење на претпријатието, при што тука најголем удел имаат сопственото финансирање од страна на сопственикот и кредитирање.

Заемите што ги даваат финансиските институции можат да се категоризираат во неколку категории зависно од нивната цел, структура и начин на враќање. Тие можат да бидат **краткорочни заеми,** кои вообичаено се користат за обртни средства или тековно работење, или пак **долгорочни заеми,** кои се наменети за финансирање на некоја подолгорочна инвестиција. Заемите можат да бидат обезбедени и необезбедени, при што необезбедените имаат повисоки каматни стапки како резултат на ризикот што го презема банката. Понатаму постојат специјализирани заеми, микрозаеми, кредитни линии, државно гарантирани заеми и слично, кои претпријатијата ги користат во своето работење зависно од потребите.

## Анализа на факторите што влијаат врз пристапот до финансии

Извештајот на Светска банка – „Enterprise surveys Северна Македонија 2023, профил на земја“[23] презентира податоци за пристапот до финансии и перцепцијата на претпријатијата за него. Овие податоци доаѓаат од истражување што е спроведено во периодот од април 2023 до февруари 2024 година на примерок од 360 компании, при што се интервјуирани сопственици на бизниси и врвни менаџери. Во графиконот 34 даден во продолжение може да видиме податоци за употреба на заеми од страна на претпријатијата во 2023 година.

**Графикон 34. Податоци за употреба на заеми**




**Извор: enterprisesirveys.org**

Приближно половина, или 46,8 %, од претпријатијата се изјасниле дека користат некаков заем, при што може да се забележи дека стапката на користење заеми е поврзана со големината на претпријатието. Дури 68 % од анкетираните претпријатија со повеќе од 100 вработени користеле заеми од банка, додека од малите претпријатија

23 https://espanol.enterprisesurveys.org/content/dam/enterprisesurveys/documents/country/North-Macedonia-2023-MKD.pdf

со 5 до 19 вработени само 43 % користеле заеми. Заем за финансирање основни средства користат 34,2 % од претпријатијата, додека заем за обртни средства користат 30,5 %.

Послабото користење заеми може да се должи на структурата на економијата или како причини може да се посочат и аверзијата кон ризик, која постои кај македонските претприемачи, и делумниот недостиг на знаење и долгорочно планирање, што може да се види од податоците од спроведеното истражување за финансиска писменост кое е презентирано подолу во извештајот.

За тоа колку пристапот до финансии им претставува сериозна пречка во работењето на претпријатијата, може да се види од графикон 35.

**Графикон 35. Претпријатија што се соочуваат со тешкотии при земање заем**




**Извор: enterprisesirveys.org**

Околу 14 % од претпријатијата се изјасниле дека се соочуваат со некакви тешкотии при земањето заем (не се кредитоспособни, биле одбиени за заем и сл.), што е поспецифично за помалите претпријатија, на кои банките гледаат како на поризични и може да не ги исполнуваат потребните услови за добивање заем. Процентот на мали претпријатија до 19 вработени што се изјасниле дека се соочуваат со некаков предизвик при земање заем е поголем во споредба со средните претпријатија, каде што тој процент е 5,7 %, или пак големите, каде што процентот е 2,7 %.

Во графикон 36 се претставени главните пречки што претпријатијата во истражувањето ги посочиле како проблем во нивното работење.

**Графикон 36. % на претпријатија што одбрале како најголема пречка**




**Извор: enterprisesirveys.org**

Иако околу 14 % од претпријатијата одговориле дека се соочуваат со некакви тешкотии при земање заем, само **6,9 % од претпријатијата навеле дека пристапот до финансии им претставува главна пречка во нивното работење.** Наспроти тоа, како најголеми проблеми се наведуваат политичката нестабилност (20,5 %), недостиг на квалификувана работна сила (17,4 %) и сивата економија (16,6 %).

Во извештајот на „Македонија 2025“ од 2020 година - „Пречки во пристапот до финансиски средства за МСП во РС Македонија“[24] е наведено дека како пречки во пристапот до финансии банките ги посочуваат лошата финансиска писменост на МСП и неподготвеноста да откриваат и споделуваат деловни информации, лошото корпоративно известување и слабите вештини за деловно планирање и познавања на МСП. Од друга страна, како главни пречки од страна на претпријатијата во истиот извештај се наведуваат неповолните услови во смисла на високи камати и договорен залог, како и долги и сложени административни постапки и аверзијата кон ризик која постои кај банките. И банките и претпријатијата го потврдуваат фактот дека не постојат доволно корисни и развиени извори на алтернативно финансирање, како ризичен капитал или бизнис-ангели, или пак претпријатијата не се доволно запознаени со нив.

Во тој контекст, повеќе информации околу финансиската писменост, како и свесноста за и употребата на финансиските производи може да се видат во извештајот

[24] „Пречки во пристапот до финансиски средства за МСП во РС Македонија – преглед на постојни податоци и сознанија“, Македонија 2025, 2020 година

„Финансиска писменост и дигитализација на МСП во Југоисточна Европа" од OECD[25]. Ова истражување е спроведено на примерок од 1.000 сопственици на бизниси и менаџери на МСП во текот на 2022 година и 2021 година (Грузија), со цел да се измери финансиската писменост, свесноста и употребата на финансиски производи и дигитализација во земјите од Југоисточна Европа, и ги вклучува Бугарија, Хрватска, Молдавија, Црна Гора, РС Македонија, Романија и Грузија.

Финансиската писменост во истражувањето се мери како комбинација на свесност, познавање, вештини, ставови и однесување кои потенцијалниот претприемач или сопственик на бизнис би требало да ги има за да може да носи ефикасни финансиски одлуки во врска со бизнисот, обезбедувајќи негова одржливост и раст. Индексот се мери како збир од поени составен од три елементи: **финансиско знаење,** кое преку неколку прашања го мери познавањето на испитаниците на различни финансиски концепти, **финансиско однесување**, кое мери работи поврзани со начинот на однесување во поглед на финансиите, и **финансиски став,** кој главно ја мери способноста за планирање на долг рок, толеранција на ризик и сл.

Според овој индекс на финансиска писменост, РС Македонија има 69 поени, што е на ниво на преостанатите земји од Југоисточна Европа (ЈИЕ) и укажува на добра финансиска писменост кај сопствениците или менаџери на МСП.

**Табела 43. Резултати за просечна финансиска писменост (од 100)**

| | Финансиска писменост (max 100) | Финансиско знаење (max 29) | Финансиско однесување (max 53) | Финансиски ставови (max 18) |
|---|---|---|---|---|
| **Бугарија** | 67 | 20 | 37 | 10 |
| **Хрватска** | 71 | 22 | 38 | 11 |
| **Грузија** | 60 | 18 | 33 | 9 |
| **Молдавија** | 64 | 17 | 35 | 11 |
| **Црна Гора** | 69 | 18 | 39 | 11 |
| **РС Македонија** | 69 | 20 | 38 | 11 |
| **Романија** | 69 | 20 | 39 | 11 |
| **Просек за ЈИЕ** | 67 | 19 | 37 | 11 |

**Извор: OECD**

[25] OECD (2023), Financial literacy and digitalisation for MSMEs in South East Europe: A tool for empowering owners and managers, OECD Business and Finance Policy Papers, OECD Publishing, Paris, https://doi.org/10.1787/b63091ad-en

## Табела 44. Елементи на индексот на финансиска писменост

| | Просек за ЈИЕ | РС Македонија | Бугарија | Хрватска | Грузија | Молдавија | Црна Гора | Романија |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Финансиско знаење** | | | | | | | | |
| Познавање на дивиденди | 49 % | 49 % | 32 % | 66 % | 34 % | 54 % | 60 % | 45 % |
| Познавање на капитал (equity) | 51 % | 55 % | 51 % | 49 % | 62 % | 40 % | 41 % | 57 % |
| Познавање за односот помеѓу ризик и поврат | 78 % | 83 % | 80 % | 86 % | 75 % | 81 % | 65 % | 75 % |
| Познавање на инфлација | 85 % | 91 % | 94 % | 92 % | 71 % | 81 % | 83 % | 85 % |
| Познавање на заем и камати | 64 % | 64 % | 75 % | 74 % | 62 % | 41 % | 65 % | 69 % |
| **Финансиско однесување** | | | | | | | | |
| Раздвојување на деловните и финансиските сметки на домаќинствата | 55 % | 70 % | 60 % | 65 % | 35 % | 57 % | 51 % | 48 % |
| Разгледуваат повеќе опции за финансиски услуги од различни банки | 46 % | 42 % | 47 % | 51 % | 30 % | 34 % | 62 % | 54 % |
| Формално бележење на финансиски податоци | 96 % | 99 % | 95 % | 96 % | 91 % | 99 % | 97 % | 96 % |
| Планирање на пензија | 55 % | 46 % | 45 % | 45 % | 51 % | 56 % | 67 % | 63 % |
| Стратегија во случај на кражба (заштеда за црни денови) | 16 % | 13 % | 14 % | 9 % | 10 % | 14 % | 17 % | 30 % |
| Стратегија во случај на кражба (осигурување) | 22 % | 16 % | 23 % | 31 % | 10 % | 10 % | 35 % | 29 % |
| Безбедно чување на информации за бизнисот | 87 % | 87 % | 86 % | 90 % | 80 % | 91 % | 90 % | 89 % |
| Споредба на трошокот за различните извори на финансирање | 81 % | 83 % | 82 % | 87 % | 76 % | 70 % | 85 % | 84 % |
| Редовни предвидувања на профитабилноста на бизнисот | 82 % | 86 % | 83 % | 87 % | 80 % | 79 % | 80 % | 82 % |
| Приспособување на планирањето согласно економските фактори | 87 % | 89 % | 89 % | 88 % | 86 % | 86 % | 82 % | 85 % |
| Барање помош во поглед на финансиски одлуки | 83 % | 87 % | 89 % | 87 % | 72 % | 67 % | 96 % | 84 % |
| **Финансиски ставови** | | | | | | | | |
| Поставувам долгорочни финансиски цели во бизнисот и се стремам да ги остварам | 78 % | 80 % | 73 % | 82 % | 71 % | 80 % | 78 % | 83 % |
| Се чувствувам слободно да им пристапам на банките и надворешни инвеститори за да обезбедам финансирање за бизнисот | 63 % | 68 % | 60 % | 66 % | 59 % | 65 % | 66 % | 59 % |
| Преферирам да ги следам сопствените инстинкти отколку да правам детални финансиски планови за мојот бизнис | 40 % | 38 % | 41 % | 46 % | 27 % | 45 % | 43 % | 37 % |
| Аверзија кон високоризични проекти што носат висок принос | 58 % | 65 % | 61 % | 75 % | 50 % | 42 % | 55 % | 54 % |

**Извор: OECD**

Доколку се погледнат поединечно елементите на индексот за финансиска писменост кои се дадени во табела 44, може да забележиме дека од аспект на финансиско знаење, иако најголем процент од сопствениците на бизниси и претприемачи имаат познавање

за инфлацијата и односот помеѓу ризикот и повратот на средства, многу **помал дел од компаниите имаат познавања за капитал (55 %), дивиденди (49 %) и заеми (64 %)**. Тоа значи дека сè уште треба да се работи на зголемување на свесноста и познавањата кај сопствениците на МСП за одредени финансиски концепти.

Во поглед на финансиско однесување, **помал дел од сопствениците на МСП (42 %) разгледуваат повеќе опции од различни финансиски институции кога се одлучуваат за користење некој финансиски производ**. Исто така, приближно половина, или 46 % не прават планови за пензија и многу мал дел имаат соодветна стратегија во случај на кражба, како заштеда за таа намена (13 %) и осигурување (16 %).

Кога се работи за финансиските ставови на сопствениците на МСП, речиси **една третина од нив не се чувствуваат слободни да им пристапат на банките или на надворешни инвеститори и да побараат финансирање**. Речиси 40 % преферираат да ги следат сопствените инстинкти и не прават детални финансиски планови за бизнисот. Исто така, **најголемиот дел, или 65 % од сопствениците на бизниси имаат аверзија кон преземање деловни ризици**.

Истражувањето за финансиска писменост, исто така, дава добар преглед на свесноста и употребата на различни финансиски производи.

## Табела 45. Свесност и користење различни методи на финансирање

| | Просек за ЈИЕ | РС Македонија | Бугарија | Хрватска | Грузија | Молдавија | Црна Гора | Романија |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Процент на испитаници што слушнале за различни кредитни методи на финансирање** | | | | | | | | |
| Заем од банка | 81 % | 96 % | 88 % | 88 % | 90 % | 68 % | 86 % | 54 % |
| Микрокредит | 80 % | 87 % | 74 % | 77 % | 96 % | 83 % | 71 % | 72 % |
| Пречекорување на сметка / кредитна линија | 79 % | 92 % | 81 % | 95 % | 61 % | 70 % | 74 % | 79 % |
| Трговски кредит | 70 % | 69 % | 74 % | 78 % | 60 % | 64 % | 70 % | 72 % |
| Корпоративни обврзници / комерцијални записи | 54 % | 49 % | 57 % | 79 % | 60 % | 39 % | 46 % | 46 % |
| Попуст на фактура | 47 % | 73 % | 31 % | 75 % | N/A | 32 % | 69 % | 51 % |
| Одржливи обврзници или заеми | 38 % | 51 % | 24 % | 41 % | 35 % | 35 % | 37 % | 44 % |
| **Процент на испитаници што користеле различни кредитни методи на финансирање** | | | | | | | | |
| Заем од банка | 24 % | 25 % | 21 % | 29 % | 28 % | 12 % | 34 % | 18 % |
| Микрокредит | 13 % | 14 % | 8 % | 11 % | 17 % | 8 % | 12 % | 23 % |
| Пречекорување на сметка / кредитна линија | 24 % | 32 % | 17 % | 40 % | 10 % | 16 % | 22 % | 35 % |
| Трговски кредит | 19 % | 13 % | 13 % | 27 % | 19 % | 7 % | 30 % | 25 % |
| Корпоративни обврзници / комерцијални записи | 8 % | 20 % | 1 % | 9 % | 0 % | 2 % | 8 % | 17 % |
| Попуст на фактура | 17 % | 38 % | 3 % | 16 % | N/A | 8 % | 35 % | 22 % |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Одржливи обврзници или заеми | 5 % | 5 % | 1 % | 3 % | 1 % | 3 % | 7 % | 14 % |
| **Процент на испитаници што слушнале за различни капитални методи на финансирање** | | | | | | | | |
| јавен капитал | 46 % | 47 % | 44 % | 63 % | 35 % | 39 % | 46 % | 50 % |
| ризичен капитал | 40 % | 36 % | 48 % | 47 % | 13 % | 38 % | 34 % | 60 % |
| бизнис-ангели | 21 % | 21 % | 13 % | 21 % | 18 % | 21 % | 20 % | 33 % |
| **Процент на испитаници што користеле различни капитални методи на финансирање** | | | | | | | | |
| јавен капитал | 4 % | 2 % | 1 % | 3 % | 0 % | 0 % | 5 % | 13 % |
| ризичен капитал | 3 % | 1 % | 1 % | 2 % | 0 % | 1 % | 2 % | 16 % |
| бизнис-ангели | 3 % | 1 % | 0 % | 1 % | 0 % | 1 % | 2 % | 13 % |
| **Процент на испитаници што слушнале за различни методи на финансирање** | | | | | | | | |
| изнајмување или лизинг | 85 % | 80 % | 87 % | 95 % | 79 % | 87 % | 83 % | 81 % |
| факторинг | 31 % | 23 % | 30 % | 45 % | 11 % | 35 % | 37 % | 35 % |
| crowdfunding/peer-to-peer lending | 26 % | 33 % | 13 % | 36 % | 6 % | 32 % | 25 % | 34 % |
| initial coin offering | 19 % | 17 % | 18 % | 22 % | 13 % | 24 % | 12 % | 29 % |
| mezannine financing | 14 % | 12 % | 12 % | 13 % | 4 % | 11 % | 29 % | 19 % |
| **Процент на испитаници што користеле различни методи на финансирање** | | | | | | | | |
| изнајмување или лизинг | 24 % | 17 % | 30 % | 43 % | 3 % | 16 % | 28 % | 34 % |
| факторинг | 4 % | 2 % | 1 % | 2 % | 0 % | 2 % | 4 % | 12 % |
| crowdfunding/peer-to-peer lending | 3 % | 3 % | 1 % | 2 % | 0 % | 3 % | 2 % | 12 % |
| initial coin offering | 2 % | 1 % | 0 % | 2 % | 0 % | 0 % | 1 % | 12 % |
| mezannine financing | 3 % | 1 % | 0 % | 1 % | 0 % | 0 % | 4 % | 11 % |

**Извор: OECD**

Најголем дел од сопствениците на МСП во земјата се запознаени со кредитните методи како заеми, микрокредити и пречекорување на сметка, додека во помала мера се запознаени со трговски кредити, комерцијални записи или попуст на фактура. Од кредитните методи, во РС Македонија најмногу се користат: попуст на фактура (38 %), пречекорување на сметка (38 %) и заем од банка (25 %). Сите други кредитни методи се користат во многу помал процент.

Во однос на капиталните методи на финансирање, само **кај 21 % од сопствениците на МСП постои свесност за бизнис-ангели, а за ризичен капитал свесност постои кај 36 %**, додека за јавен капитал постои кај 47 %. Само 1 % од сопствениците на МСП се изјасниле дека користеле ваков вид финансирање. Од другите видови финансирање најголема свесност (80 %) и користење (17 %) постои кај лизингот како форма, додека **во многу помал процент постои свесност за други методи како факторинг, crowdfunding, чие користење се движи помеѓу 1 и 3 %**. Ова укажува на ниска свесност кај македонските претприемачи за алтернативни форми на финансирање, што делумно се должи и на помалата застапеност на ваквите форми на финансирање на домашниот пазар.

Во делот за кампањи за финансиска писменост, неколку институции (Министерството за финансии, Народната банка, Комисијата за хартии од вредност, Агенцијата за супервизија на осигурување и МАПАС) години наназад преземаат одредени

активности. Најтемелна и најактивна и во 2023 беше НБРСМ, која одржува редовни предавања за подигнување на финансиската писменост. Сепак, според оцената на банките, за подобри резултати и потемелни ефекти, потребен е еден поширок и посеопфатен напор или масовна интензивна кампања која ќе трае неколку години.

Во поглед на фактичката ситуација со финансиите на претпријатијата и нивната задолженост, според извештајот на НБРСМ за финансиска стабилност во 2023 година[26], профитабилноста на претпријатијата продолжува да расте, но побавно и во поголема мера како резултат на намалување на расходите, а помалку како резултат на зголемување на приходите. Според извештајот, ова се должи на „нормализирањето“ на работењето во некои дејности, особено во енергетскиот сектор, по исцрпувањето на ефектите од енергетската и ценовната криза која претходната година придонела за висок раст на приходите и добивката. Задолженоста кон домашните банки расте побавно како последица и на фактори на страната на понудата (заострени кредитни услови) и на страната на побарувачката на кредити (намалена побарувачка на кредити)[27]. Во согласност со податоците од поднесените годишни сметки на претпријатијата, бројот на претпријатија што користат кредити од домашните банки во 2023 година се намалил за 13,4 %, односно од 21.855 претпријатија во 2022 година е намален на 18.931 во 2023 година, со што банките имаат кредитна изложеност кон 31,7 % од вкупниот број активни субјекти. Доколку се погледнат податоците за задолжување на претпријатијата кај домашниот банкарски сектор, дадени во графикон 37, може да се забележи дека се јавуваат одредени разлики во користењето заеми во зависност од големината на претпријатието.

[26] https://www.nbrm.mk/content/Regulativa/FSR_2023_MKD.pdf

[27] „Анкета за кредитната активност по групи банки“, НБРСМ, трет квартал, 2023 година, https://www.nbrm.mk/content/MPI%20publikacii/Istrazuvanje_Anketa_po_grupi_na_banki_noemvri_2023.pdf

## Графикон 37. Претпријатија што користат банкарски заеми според големина




**Извор: НБРСМ**

Податоците од графикон 37 покажуваат дека 77,5 % од големите претпријатија користат заеми од домашните банки, 81,9 % од вкупниот број средни претпријатија користат заеми, половина или 52,5 % од малите претпријатија, додека само 17,5 % од микропретпријатијата користат заеми од домашните банки. Во продолжение, во табела 46 се дадени показателите за работењето на претпријатијата во 2022 и 2023 година.

## Табела 46. Показатели за работењето на правните лица според големина

| ВИДОВИ ПОКАЗАТЕЛИ | Големи правни лица | | Средни правни лица | | Мали правни лица | | Микро правни лица | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2022 | 2023 | 2022 | 2023 | 2022 | 2023 | 2022 | 2023 | 2022 | 2023 |
| Број на субјекти | 577 | 480 | 1.040 | 1.104 | 20.721 | 21.379 | 36.198 | 36.719 | 58.536 | 59.682 |
| **Показатели за задолженоста** | | | | | | | | | | |
| Показател за вкупната задолженост | 45,2 % | 45,3 % | 51,3 % | 49,6 % | 55,9 % | 54,3 % | 74,5 % | 74,5 % | 50,9 % | 50,4 % |
| Показател долг/капитал (пати) | 0,82 | 0,83 | 1,06 | 0,98 | 1,27 | 1,19 | 2,93 | 2,92 | 1,04 | 1,01 |
| Показател за долгорочната задолженост | 19,6 % | 20,0 % | 23,2 % | 21,1 % | 23,3 % | 21,8 % | 37,9 % | 40,1 % | 21,9 % | 21,6 % |
| Показател за левериџ - средства/капитал (пати) | 1,82 | 1,83 | 2,06 | 1,98 | 2,27 | 2,19 | 3,93 | 3,92 | 2,04 | 2,01 |
| Каматоносен долг/ капитал и резерви (пати) | 0,36 | 0,36 | 0,48 | 0,44 | 0,60 | 0,56 | 1,47 | 1,67 | 0,47 | 0,47 |
| Долгорочен каматоносен долг / Вкупен ангажиран капитал | 18,9 % | 19,2 % | 22,1 % | 19,7 % | 21,8 % | 20,7 % | 35,3 % | 37,4 % | 20,8 % | 20,5 % |
| Показател за покриеност на расходите за финансирање со добивката од редовни активности | 3,36 | 4,44 | 6,49 | 6,72 | 7,86 | 7,96 | -9,99 | -8,78 | 4,24 | 5,29 |
| Показател за покриеност на расходите за камата со добивката од редовни активности | 10,74 | 8,70 | 10,33 | 8,79 | 10,96 | 10,59 | -13,97 | -10,24 | 9,81 | 8,59 |
| **Показатели за ликвидноста** | | | | | | | | | | |
| Показател за тековната ликвидност | 1,28 | 1,22 | 1,50 | 1,52 | 1,41 | 1,45 | 0,93 | 0,96 | 1,32 | 1,32 |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Показател за моментна ликвидност | 0,87 | 0,86 | 1,00 | 1,02 | 0,93 | 0,97 | 0,71 | 0,72 | 0,89 | 0,91 |
| Показател за парична ликвидност | 0,20 | 0,21 | 0,29 | 0,33 | 0,30 | 0,32 | 0,22 | 0,26 | 0,25 | 0,27 |
| Нето-работен капитал (во милиони денари) | 99.025 | 79.581 | 71.551 | 81.924 | 96.843 | 110964 | -5.814 | -3.574 | 261604 | 268894 |
| **Показатели за ефикасноста на користењето на средствата** | | | | | | | | | | |
| Обрт на вкупни средства (пати) | 1,1 | 0,9 | 1,0 | 0,9 | 0,9 | 0,9 | 0,2 | 0,2 | 0,9 | 0,9 |
| Обрт на фиксни средства (пати) | 2,1 | 1,8 | 2,3 | 2,3 | 2,5 | 2,5 | 0,6 | 0,6 | 2,1 | 1,9 |
| Обрт на резервите (пати) | 8,1 | 8,2 | 5,2 | 4,9 | 4,6 | 4,6 | 1,6 | 1,5 | 6,0 | 5,8 |
| Обрт на побарувања (пати) | 5,3 | 5,0 | 3,8 | 3,7 | 3,6 | 3,5 | 0,8 | 0,9 | 4,2 | 4,0 |
| Обрт на тековните побарувања (пати) | 5,4 | 5,0 | 3,8 | 3,7 | 3,6 | 3,5 | 0,8 | 0,9 | 4,2 | 4,0 |
| Обрт на нето-работниот капитал (пати) | 11,8 | 13,4 | 5,2 | 4,7 | 5,4 | 4,9 | -5,4 | -8,9 | 8,0 | 7,5 |
| Обрт на капиталот и резервите (пати) | 1,9 | 1,7 | 2,0 | 1,8 | 2,1 | 2,0 | 0,8 | 0,8 | 1,9 | 1,8 |
| Денови на врзување на резервите (апроксимација) | 45,2 | 44,7 | 70,4 | 73,9 | 78,6 | 79,3 | 221,2 | 237,3 | 60,7 | 62,5 |
| Денови на наплата на побарувањата | 69,4 | 73,5 | 95,4 | 99,4 | 100,5 | 103,7 | 450,1 | 416,5 | 87,5 | 91,8 |
| Денови на наплата на тековните побарувањата | 68,1 | 72,4 | 95,0 | 98,4 | 100,1 | 103,3 | 445,8 | 412,5 | 86,5 | 90,9 |
| Денови на исплата на краткорочните обврски (апроксимација) | 102,2 | 107,0 | 137,2 | 149,6 | 171,6 | 177,5 | 886,6 | 915,2 | 139,5 | 148,5 |
| Покриеност на оперативните нетековни средства со долгор. извори на финансирање | 1,3 | 1,2 | 1,5 | 1,6 | 1,5 | 1,6 | 1,1 | 1,1 | 1,4 | 1,3 |
| Оперативни нетековни средства/Вкупна актива | 53,5 % | 56,2 % | 40,9 % | 39,5 % | 38,2 % | 37,3 % | 38,9 % | 38,6 % | 46,4 % | 47,0 % |
| **Показатели за профитабилноста** | | | | | | | | | | |
| Поврат на вкупните средства | 4,8 % | 4,8 % | 4,9 % | 5,6 % | 5,0 % | 5,5 % | -2,9 % | -2,2 % | 4,3 % | 4,7 % |
| Поврат на сопствениот капитал | 8,7 % | 8,8 % | 10,0 % | 11,1 % | 11,3 % | 11,9 % | -11,3 % | -8,5 % | 8,8 % | 9,4 % |
| Нето-профитна маргина | 4,5 % | 5,1 % | 5,1 % | 6,3 % | 5,4 % | 6,0 % | -13,5 % | -10,4 % | 4,6 % | 5,3 % |
| Поврат на просечниот ангажираниот капитал | 7,2 % | 7,4 % | 9,0 % | 10,6 % | 9,5 % | 10,2 % | -8,9 % | -6,8 % | 7,4 % | 8,1 % |
| Оперативна добивка/Вкупни средства | 4,9 % | 5,1 % | 5,7 % | 6,7 % | 5,5 % | 6,0 % | -3,6 % | -2,9 % | 4,6 % | 5,1 % |
| Оперативна профитна маргина | 4,7 % | 5,4 % | 6,0 % | 7,6 % | 5,9 % | 6,6 % | -17,0 % | -14,0 % | 4,9 % | 5,8 % |

**Извор: НБРСМ**

Доколку ги погледнеме показателите за финансиската состојба, односно работењето на претпријатијата во табела 46, може да забележиме дека вкупната задолженост (вкупно обврски/вкупно средства) изнесува 50,4 %, што претставува намалување во споредба со 50,9 % во претходната година, што укажува на умерено и стабилно ниво на задолженост, оставајќи простор за нови задолжувања доколку се појави потреба поттикната од нови инвестиции или економски кризи. Показателот за тековна ликвидност од 1,32, кој е на истото ниво од претходната година, сугерира дека

краткорочната ликвидност на претпријатијата е стабилна и тие можат да си ги исполнат краткорочните обврски. Зголемените показатели за поврат на вкупни средства и сопствен капитал укажуваат на подобра ефикасност и профитабилност во работењето на претпријатијата.

Заклучокот од извештајот на НБРСМ посочува дека и покрај релативно добрите или стабилни резултати на претпријатијата во целина, постојат ризици за нивната работа поврзани со можни **геополитички и економски негативни влијанија**, кои може да ја нарушат нивната финансиска позиција, особено на финансиски најранливите и високо задолжените. Во тој контекст, доколку се погледнат податоците за микропретпријатијата, може да се забележи дека тие имаат многу повисока стапка на задолженост, пониски показатели за ликвидност и негативни показатели за профитабилност во споредба со поголемите. Ова значи дека микропретпријатијата се наоѓаат во поранлива финансиска позиција, ставајќи ја под знак прашалник нивната одржливост, што е особено важно имајќи предвид дека овој сектор сочинува 91,5 % од вкупниот број претпријатија. Ваквата состојба можеби доаѓа како резултат на недоволна ефикасност или продуктивност во работењето, ограничен пристап до финансиски ресурси по поволни услови, зависност од неформални извори на финансирање и поголем број фиксни трошоци во однос на приходите, при што од корист може да бидат мерки насочени кон подобрување на ликвидноста преку подобра наплата на побарувања, подобрување на оперативната ефикасност, како и овозможување пристап до поддршка преку програми за поддршка на микропретпријатија како грантови и олеснети кредити.

## Анализа на достапните кредитни линии и грантови за развој на МСП во РС Македонија

Националната стратегија за МСП (2018 – 2023) опфаќа програма за подобрување на пристапот до финансии чија цел е поголем пристап до поширок опсег од финансиски производи и услуги за подобрување на нивната конкурентност и раст. Клучните активности што се предвидени се:

1. Создавање онлајн регистар на движен имот, што може да се искористи како обезбедување за заемите од банка.
2. Воспоставување програма за промовирање на користењето на факторингот за зајакнување на правната сигурност и транспарентноста.
3. Ревитализирање на постојната кредитно-гарантната шема во рамките на РБСМ, поедноставувајќи ги нејзините процедури, во тесна соработка со приватните банки и со подобрување на дизајнот, структурата и условите на оваа шема.
4. Создавање информативна и едукативна кампања за финансиска писменост и нејзино воведување во системот за средно образование, во институциите за општо, како и за стручно и техничко образование, како и во пакетот на услуги за обука што се обезбедуваат од страна на агенциите за развој на МСП.
5. Поедноставување на постапките за основање и работење на финансиските институции што нудат алтернативни финансиски инструменти (факторинг, лизинг, еквити фондови итн.).

Банкарскиот сектор на РС Македонија го сочинуваат дванаесет комерцијални и една државна банка, Развојна банка на Северна Македонија, која своите кредитни линии ги пласира преку комерцијалните банки.

Во 2023 година главни карактеристики на опкружувањето во кое работеа банките беа постепено забавување на инфлацијата, стабилен девизен пазар и забавен економски раст. Токму затоа продолжи циклусот на затегнување на монетарната политика, а основната каматна стапка се зголеми во шест наврати за вкупно 1,55 п.п. до нивото од 6,3 %.

Сепак, и покрај овие неповолни околности, дојде до забрзан раст на активата на банкарскиот систем, а оттаму и до подобрување на показателите за изложеноста на ризици. Во 2023 година растот на билансот на состојба на банките забрза, зголемувајќи се до нивото од 9,1 %. Во 2023 година вкупните депозити учествуваат со 77,4 % во вкупната пасива, од која 22,4 % се депозити на нефинансиски друштва. Тоа покажува едно задоволително ниво на ликвидност на МСП и потенцијал за нови инвестициски проекти. На страната на активата, кредитите на нефинансискиот сектор имаат

најголемо учество од 56,6 %, кое бележи намалување за 2,5 процентни поени во споредба со 31.12.2022 година. Притоа, кредитите на домаќинствата имаат малку повисоко учество (29,6 %) во однос на кредитите на нефинансиските друштва (26,6 %,) односно тоа се главно МСП.

Нето-каматните приходи на банките од работа со претпријатијата учествуваат со 26,7 % во вкупните каматни приходи. Соодносот на овие две категории нето-каматни приходи кај банките од МСП во определена мера соодветствува со соодносот на учествата на кредитите одобрени кон оваа групи кредитобаратели.

Позитивен знак е намалувањето на нефункционалните кредити на корпоративниот сектор за 2,8 % во 2023 година, односно за 220 милиони денари. Намалување на нефункционалните кредити има кај поголемиот дел од поединечните економски дејности, со исклучок на дејноста индустрија, градежништво и земјоделство, а најзначаен двигател за годишниот пад се дејностите трговија на големо и мало и транспорт и складирање.[28]

Може да се забележи дека во 2023 г. активно се исполнуваат целите за кои е задолжена РБСМ, која веќе има голем број активни кредитни линии за МСП за различни намени, а има и програма за овозможување финансирање преку факторинг и програма за помош при потреба од гаранции за извозни намени.

**Табела 47. Активни кредитни линии од РБСМ за МСП**

| РБ | Кредитна линија | Корисници | Учество на РБСМ во структура на кредитот | Макс. износ МКД | Кам. % | Макс. рочност во год. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Бескаматна кредитна линија за обртни средства за зголемени цени на енергенти преку банки учеснички (делот на камата на комерц. банки од 3,5% го субвенционира РБСМ) | МСП | 50 % - РБСМ<br>50 % - комерц. банки | 60.000.000,00 | 0 | 3 |
| 2 | Кредитната линија за дигитализација и дигитална трансформација | МСП | 100 % РБСМ | 18.600.000,00 | 2,9 | 8 |
| 3 | ЕИБ 5 кредитната линија обезбедува кредити за трајни обртни средства | МСП | 100 % РБСМ/ЕИБ | 310.000,00 | 1,6 | 5 |
| 4 | ЕИБ 5 кредитната линија обезбедува кредити за инвестиции | МСП | 100 % РБСМ/ЕИБ | 217.000.000,00 | 1,6 | 12 |
| 5 | ЕИБ 6 кредитната линија обезбедува кредити за трајни обртни средства | МСП | 100 % РБСМ/ЕИБ | 310.000,00 | 1,6 | 3 |

[28] https://www.nbrm.mk/podatotsi_i_pokazatieli_za_bankarskiot_sistiem_na_riepublika_makiedonija.nspx

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 6 | ЕИБ 6 кредитната линија обезбедува кредити за инвестиции | МСП | 100 % РБСМ/ЕИБ | 217.000.000,00 | 1,6 | 12 |
| 7 | ЕИБ 6 кредитната линија обезбедува кредити за трајни обртни средства | МСП | 100 % РБСМ/ЕИБ | 310.000,00 | 3,5 | 3 |
| 8 | ЕИБ 6 кредитната линија обезбедува кредити за инвестиции | МСП | 100 % РБСМ/ЕИБ | 217.000.000,00 | 3,5 | 12 |
| 9 | АФД кредитната линија обезбедува средства за финансирање: зелени инвестиции, подобрување на пристапот до финансии посебно за претпријатијата во сопственост и/или управувани од жени | МСП | 100 % РБСМ | 21.700.000,00 | 3,5 | 15 |
| 10 | АФД кредитна линија за зелени инвестиции | МСП | 100 % РБСМ | 93.000.000,00 | 3,5 | 5 |
| 11 | Кредити од сопствени средства на РБСМ наменети за поддршка на мали и средни трговски друштва чиј капитал е над 51 % во приватна сопственост за обезбедување трајни обртни средства | МСП | 100 % РБСМ | 18.600.000,00 | 6,5 | 3 |
| 12 | Кредити од сопствени средства на РБСМ наменети за поддршка на мали и средни трговски друштва чиј капитал е над 51 % во приватна сопственост за извоз | МСП | 100 % РБСМ | 124.000.000,00 | 6 | 2 |
| 13 | Кредити од сопствени средства на РБСМ наменети за поддршка на мали и средни трговски друштва чиј капитал е над 51 % во приватна сопственост за инвестиции | МСП | 100 % РБСМ | 31.000.000,00 | 6,5 | 11 |
| 14 | Кредитна линија за енергетска ефикасност | МСП | 60 % РБСМ 40 % сопст. или ком. банка | 30.750.000,00 | 1,6 | 8 |
| 15 | Кредитна линија за обновливи извори на енергија | МСП | 60 % РБСМ 40 % сопст. или ком. банка | 49.200.000,00 | 1,6 | 12 |
| | Кредитна линија за енергетска ефикасност - сопствени средства РБСМ | МСП | 100 % РБСМ | 18.600.000,00 | 2,9 | 8 |
| 16 | Кредитна линија за обновливи извори на енергија сопствени средства на РБСМ | МСП | 100 % РБСМ | 31.000.000,00 | 2,9 | 12 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 17 | Кредит за примарно земјоделско производство | МСП - дејност земјоделие | 100 % IFAD | 6.200.000,00 | 4 | Одлука на банката |
| 18 | Кредит за извоз на примарни земјоделски производи и нивни преработки | МСП - дејност земјоделие | 100 % IFAD | 18.600.000,00 | 5 | Одлука на банката |
| 19 | Кредит за преработка на земјоделски производи | МСП - дејност земјоделие | 100 % IFAD | 18.600.000,00 | 6 | Одлука на банката |
| 20 | Субвенционирање на камата по кредити дадени од деловните банки на компании кои ја реинвестирале добивката | ТД донеле одлука за реинвестирање на добивката за 2021 | 100 % РБСМ | 1.200.000,00 | / | за годината после реинвестирањето на добивката |

**Извор: РБСМ**

Освен класичните понуди од комерцијалните банки за правни лица и кредитните линии од Банката за развој на РС Македонија, на пазарот се достапни и кредити на ЕБРД. Овие кредити се наменети за поголеми проекти и се движат од 3 милиони до 250 милиони евра, а во некои случаи можат да бидат помали, при што просечниот износ е 25 милиони евра. Основата за добивање кредит е очекуваниот паричен тек на проектот и способноста на клиентот да го врати кредитот во договорениот период. Овие кредити можат да имаат фиксна или променлива каматна стапка со краткорочни или долгорочни рокови на отплата до 15 години. Кредитите на ЕБРД се базираат на тековните пазарни каматни стапки и се конкурентно ценети. По успешното поднесување на барањето и презентацијата на проектот пред банката, финансиските услови можат да се дискутираат подетално со банкарскиот персонал. ЕБРД не субвенционира проекти, ниту нуди поволни кредити (soft loans). Банката нуди и фиксни и променливи каматни стапки (на пример, базирани на LIBOR). Видови долг: првостепен (senior), подреден (subordinated), мезанински (mezzanine) или конвертибилен (convertible).

Покрај кредитите и кредитните линии, како извори за финансирање на пазарот се присутни и лизинг-куќите од каде што претпријатијата можат да набават недвижности, опрема и машини, како и возила на лизинг.

**Фонд за иновации и технолошки развој – ФИТР**

Фондот за иновации и технолошки развој е владина институција за поддршка на стартапи и иновативни компании во Република Северна Македонија. Главните приоритети на Фондот се подобрен пристап до финансиска поддршка за иновации и за технолошки развој и промовирање и поттикнување на иновациската дејност во РС Македонија.

Преку своите финансиски инструменти, фондот во моментов кофинансира 985 проекти со заеднички инвестиции од околу 118 милиони евра. Од портфолиото на ФИТР дури 43 % се стартап-компании, претежно основани од млади луѓе. Фондот го поддржува и развојот на три акцелератори во државата: X фактор, Сивус акцелератор и Деловно-технолошки акцелератор УКИМ. Активностите на ФИТР вклучуваат:

1. Кофинансирање стартапи, микро, мали и средни претпријатија, регистрирани во Република Северна Македонија.
2. Програма за корпоративна иновативност со цел поттикнување на соработката помеѓу приватниот сектор и стартапите.
3. Партнерство со Amazon Web Services преку кое Фондот обезбедува кредити за користење на оваа глобална платформа во износ од 10.000, 25.000 и 100.000 американски долари.
4. Засебно портфолио за инвестиции во дигитализација на земјоделството и јавните институции.
5. Изработка на Национална стратегија за вештачка интелигенција.
6. Менторска поддршка за потенцијални и тековни корисници.

Во 2023 година ФИТР има објавено четири повици за грантови и кофинансирање, за кои може да се видат детали во табела 48.

**Табела 48. Повици на ФИТР за грантови и кофинансирање за 2023 година**

| РБ | Рок на аплицирање | Објавен повик | Максимален износ на грант | % на грант од износот на проектот | Корисници |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 20.3.2023 | Со дигитална трансформација до иновација | 1.845.000,00 | до 70 % | Микро и мали претпријатија |
| | | | 1.845.000,00 | до 50 % | Средни претпријатија |
| 2 | 05.5.2023 | Јавен конкурс за кофинансирани грантови за технолошки развој за забрзан економски раст | 2.500.000,00 | до 70 % | Просечен број на вработени до 10 и приход под 50.000,00 евра во последни две години |
| | | | 5.000.000,00 | до 70 % | Просечен број на вработени од 10 до 50 и приход од 50К до 2 мил. евра во последни две години |
| 3 | 15.6.2023 | Јавен конкурс по редовна постапка за кофинансирани грантови за новоосновани трговски друштва стартап и спиноф 5 | 2.480.000,00 | до 90 % | МСП до 3 год. постоење |
| | | | 3.720.000,00 | до 85 % | МСП од 3 до 6 год. постоење |
| 4 | 10.7.2023 | Јавен конкурс за кофинансирани грантови за комерцијализација на иновации по редовна постапка | 20.000.000,00 | до 70 % | Мали и микро претп. до 50 вработени и 2 мил. евра промет |
| | | | 20.000.000,00 | до 60 % | Средни претп. од 50 до 250 вработени и промет од 2 мил. до 20 мил. евра |
| | | | 10.000.000,00 | до 60 % | Просечен број на вработени од 50 до 250 и приход од 2 до 10 мил. евра во последни две години |

**Извор: ФИТР**

Акцелераторите играат многу важна улога во поддршката на малите и средни претпријатија со обезбедување алатки, ресурси и водство за нивен раст и развој. Тие можат да понудат искусни ментори кои може да им дадат совети од различни аспекти од бизнисот, како што се стратегија, маркетинг, финансии и развој на производи. Освен пристап до менторство, акцелераторите нудат и пристап до поширока мрежа на индустриски експерти, сосновачи, потенцијални партнери и купувачи. Честопати во акцелераторите се организираат работилници, обуки и ресурси кои им помагаат на МСП да ги подобрат своите процеси на работа и да развијат стратегии за раст. Во РС Македонија активни се следниве акцелератори, а повеќето од нив се формирани со помош и поддршка од ФИТР.

**X Фактор акцелератор од Велес** е единствениот бизнис-акцелератор надвор од Скопје, кој е основан од инвеститори со големо практично искуство во креирање, управување и поддршка на развојот на успешни стартап-бизниси. Проектот за негово стартување во 2018 година се реализира со поддршка од Фондот за иновации и технолошки развој на РСМ (ФИТР), во соработка со Светска банка, преку инструментот за поддршка – кофинансирани грантови за воспоставување, работење и инвестиции на деловно-технолошки акцелератори.

**Сивус акцелератор** е програма кофинансирана од Фондот за иновации и технолошки развој и водена од Сивус центарот за едукација и развој, кој е активен учесник во меѓународната стартап-заедница како член на проектот My-GATEWAY финансиран од ЕУ и како амбасадор на Start-up Europe за Македонија.

**Акцелератор УКИМ** е формиран во 2018 година и првпат во РС Македонија воведува ефективна и структурирана програма за забрзување, односно акцелерирање на бизнисот, вклучувајќи предакцелераторска и акцелераторска програма и пристап до финансии, насочени кон технолошки напредни и иновативни нови компании во Македонија. Избраните стартапи и претприемачите што ќе бидат поддржани со иницијални инвестиции ќе добијат соодветна помош за забрзување врз основа на нивните индивидуални потреби, со фокус на развој на бизнисот и производите или услугите преку мрежа на национални и меѓународни ментори. Покрај тоа, ќе биде обезбедена технолошка поддршка преку факултетите и истражувачкиот персонал од УКИМ, вклучувајќи и пристап до лабораториите. Натамошните инвестиции ќе бидат насочени кон иновативните стартапи со најголем потенцијал за раст и комерцијализација. Вкупниот буџет за инвестиции на Акцелераторот УКИМ за периодот од 2019 до 2022 година изнесува 500.000 евра.

**CEED Hub Скопје** е бизнис-акцелератор основан во 2015 година од Фондацијата CEED Македонија, лоциран во Скопје, кој обезбедува поддршка за брзорастечки стартапи. Целта на CEED Hub е да поттикне создавање нови бизниси, иновации и соработка меѓу субјектите во екосистемот, со што придонесува за развојот на нови претприемачи и претприемачкиот менталитет кај младите, а со тоа и за економскиот раст на земјата. Мисијата на CEED Hub е да ги мотивира и едуцира младите основачи и стартап-ентузијасти, поврзувајќи ги со вистинските професионалци потребни за нивниот раст. Акцелераторот нуди приспособена поддршка преку организирање настани и работилници кои поттикнуваат мрежно поврзување, менторство и размена на идеи. CEED Hub го стимулира растот на бизнисите преку едукација, менторство, консултации и пристап до ресурси и финансии, создавајќи заедница која ги инспирира и охрабрува претприемачите да го постигнат посакуваниот напредок.

# Зелена економија и општествена одговорност

## Зелена економија и нејзиното значење за МСП во Северна Македонија

Зелена економија е концепт кој се стреми кон постигнување благосостојба за луѓето и социјална еднаквост, додека истовремено ја намалува еколошката штета. Оваа економија подразбира синергија помеѓу економскиот развој и одговорноста кон животната средина, со акцент на долгорочни инвестиции во енергетската и суровинската ефикасност, намалување на штетните емисии и замена на фосилните горива со обновливи извори на енергија. Европската Унија ја поддржува зелената економија како средство за создавање работни места и намалување на сиромаштијата преку инвестирање во природен капитал. Концептот е тесно поврзан со одржливиот развој, кој вклучува економски, еколошки и социјални аспекти, што значи дека зелена економија влијае врз сите столбови на одржливост.

Зелената економија опфаќа широк спектар на активности, вклучувајќи производство со ниска емисија на јаглерод, користење обновливи извори на енергија, намалување на отпадот преку циркуларни модели на производство, еколошки прифатлива инфраструктура, инвестирање во „зелени" технологии и дигитализација.

Непостоењето на единствена и јасна дефиниција за зелена економија отвора многу прашања во однос на детерминирањето на нејзините карактеристики, целите што ги опфаќа и пречките за нејзината реализација. Како што наведува Буркарт,[29] зелената економија опфаќа седум основни сектори: обновлива енергија, зелени згради, чист транспорт, управување со вода, управување со отпад, управување со земјиште и зелен пазар (финансии и банкарство). Понатаму, овие сектори се дополнуваат со други приоритетни области, како безбедност на храна, одржливост на земјоделството, биодиверзитет, одржлива енергија и зелени работни места.

## Карактеристики на зеленото работење

Зелените бизниси се карактеризираат со обезбедување еколошки прифатливи производи и услуги, конкурентски односи кои го почитуваат природното опкружување и трајна посветеност на еколошките принципи, како и минимизирање на својот јаглероден отпечаток.

Односот помеѓу економскиот систем и природното опкружување, познат како кружен тек, ја илустрира интеракцијата помеѓу производството, потрошувачката и животната средина. Природните ресурси претставуваат влезни фактори во економијата, додека загадувањето и отпадот се нејзини излези, што директно влијае врз квалитетот на животната средина. Вклучувањето еколошки мерки во процесите на производство и

[29] Burkart K., How do we define the green economy? Mother nature Network, http://www.mnn.com/green-tech/research-innovations/blogs/how-do-youdefine-the-green-economy, 10.8.2020.

потрошувачка е од суштинско значење за намалување на негативните влијанија, зачувување на ресурсите и обезбедување одржлив развој за идните генерации.

**Малите и средни претпријатија (МСП)**

Според Законот за основање на Агенцијата за поттикнување на претприемаштвото, МСП во РС Македонија се дефинираат како независни субјекти со помалку од 50 вработени и годишен обрт до 1,5 милион евра, што ја нагласува нивната улога во локалните економии.

Иако МСП имаат многу предности, вклучувајќи поголема флексибилност и иновативност, тие исто така се соочуваат со предизвици, како што се недостиг на капитал и ограничени управувачки вештини.

Мора да се спомене дека малите и средни претпријатија (МСП) се соочуваат и со значајни предизвици при усвојувањето системи за управување со животната средина. Главните пречки се недостиг на ресурси, знаење и технички капацитет, како и фактот дека трошоците за имплементација на системите за управување со животната средина често се високи на почетокот, додека придобивките се остваруваат во среднорочен период. Поради тоа, неопходно е системот да биде приспособен на специфичните потреби и карактеристики на МСП.

Со цел да се направат квалификациите за управување со животната средина порелевантни за специфичните економски сектори и да се подобри релевантноста на квалификациите за управување со животната средина, потребна е континуирана соработка помеѓу министерствата за економија, животна средина и за земјоделство, за развој на секторски брендови за сертификација и екоетикети. Пример за ова е етикетата за органско земјоделство, усвоена во 2010 година, која бара постојана комуникација со јавноста за да се зголеми нејзината препознатливост.[30]

Примената на концептот на зелена економија е доброволна за МСП и зависи од убедувањето на сопствениците. Многу од овие компании се скептични поради недостиг на ресурси, несигурност во повратот на инвестицијата и проблеми со пристапот до финансирање.

Постојат неколку финансиски механизми што се на располагање, вклучувајќи грантови, заеми со ниски камати и даночни привилегии. Отворањето на Фонд за зелен развој за поддршка на МСП од сите економски сектори и домаќинства е наменет за промовирање на економскиот раст и одржлив развој во иднина[31].

[30] https://www.ek-inst.ukim.edu.mk/wp-content/uploads/2022/08/kniga-Zelena-ekonomija-web.pdf
[31] https://www.mchamber.mk/mk/home/finansii

**Програми за поддршка на економскиот развој и зелениот раст во земјата (поддршка на зелени технологии и иновации и Промовирање одржливо управување со ресурсите)**

Европската инвестициона банка (ЕИБ) и Развојната банка на Северна Македонија (РБСМ) имаат неколку значајни програми за поддршка на економскиот развој и зелениот раст во земјата. Една од нив е програмата за зелена транзиција на МСП, која е финансирана со 100 милиони евра и има цел да ги поддржи малите и средни претпријатија во нивната зелена транзиција. Средствата се наменети за решавање на потребите за ликвидност и инвестиции, со посебен фокус на зелените проекти. Она што се очекува од оваа програма е подобрување на енергетската ефикасност, намалување на емисиите на јаглерод диоксид и зголемување на конкурентноста на МСП.[32]

Друг значаен проект е изградбата на фабрика за третман на отпадни води во Скопје. ЕИБ обезбеди финансирање од 70 милиони евра за овој проект со цел да се намали загадувањето на водите, да се подобри јавното здравје и да се заштитат природните ресурси.[33] Овие програми се дел од пошироките напори на ЕИБ и РБСМ за поддршка на економскиот развој и зелениот раст во Северна Македонија.

**Зелениот раст и иницијативите во Северна Македонија[34]**

Во Северна Македонија се направени значајни чекори кон зелена економија. Усвојувањето на Законот за формирање на Фондот за енергетска ефикасност (ФЕЕ) и издавањето на првите зелени обврзници ја поставуваат основата за финансирање проекти поврзани со заштита на животната средина и зголемување на енергетската ефикасност. Фондот, со почетен капитал од 15 милиони евра, ќе поддржува грантови и поволни кредити за јавниот и приватниот сектор, со очекување за позитивни ефекти во енергетските заштеди, намалување на емисиите и подобрување на животните услови.

Издавањето на зелените обврзници, наменети за финансирање зелени проекти, предизвика голем интерес на пазарот, трипати поголем од понудената сума. Собраните средства преку овие инструменти ќе се насочат кон иновации, енергетска ефикасност и поддршка на одржлив развој.

Климатските промени се идентификувани како голема закана за глобалната економија и општеството. Според процените на ММФ, штетите од климатските катастрофи достигнуваат 1,3 трилиони долари само во последната деценија, со можност за 30% намалување на глобалниот БДП до 2100 година. Решенијата како

[32] ЕИБ Глобално отклучува инвестиција на ЕУ од 100 милиони евра, заедно со Развојната банка на Северна Македонија, за поттикнување на зелената трансформација на МСП
[33] ЕУ обезбеди инвестициски грант од 70 милиони евра за најголемиот проект за заштита на животната средина во Северна Македонија
[34] ЗЕЛЕНА И КОНКУРЕНТНА ЕКОНОМИЈА ЗА ПОДОБАР КВАЛИТЕТ НА ЖИВОТ - Министерство за финансии

еколошката крива на Кузнец и одржливата транзиција интегрираат економски и еколошки приоритети, што е клучно за спречување идни кризи.

Зелениот раст е дел од структурните реформи во Северна Македонија, поврзани со евроинтегративниот процес и глобалните обврски за одржливост. Преку мобилизација на зелени финансии, инвестиции и политики, земјата се стреми да изгради економија која ги задоволува сегашните потреби, без да го загрози потенцијалот на идните генерации. Зелената транзиција е важен дел од Програмата за економски реформи (ПЕР), која е поврзана со процесот на евроинтеграција.

Во контекст на оцените на Европската комисија за 2022 – 2024, Северна Македонија е дефинирана како енергетски интензивна економија, што подразбира потреба за зголемено користење обновливи извори на енергија и подобрување на енергетската ефикасност. Во оваа насока, донесени се нови закони за енергетика и енергетска ефикасност, со акцент на мерки за ублажување на климатските промени, особено во енергетскиот сектор.

Во рамките на ПЕР 2023 – 2025 предвидени се мерки за диверзификација на изворите на енергија и зголемување на уделот на обновливите извори. Планирано е формирање платформи за развој на циркуларна економија и подобрување на координацијата меѓу локалната и централната власт за подобрување на квалитетот на воздухот и управувањето со отпад. Посебно внимание се посветува на подобрување на системот за пречистување отпадни води и изградба на нови пречистителни станици.

Стратегијата за даночна реформа вклучува „паметно“ зелено оданочување, кое има цел да ги мотивира економските субјекти да го намалат загадувањето. Овој систем не е наменет само за зголемување на фискалните приходи, туку и за остварување еколошки, социјални и економски придобивки. Иако оваа мерка е одложена поради актуелните економски услови, останува важен дел од стратегијата за идната зелена транзиција.

Во целост, овие мерки претставуваат сеопфатен пристап за зелена трансформација на економијата, кој бара координирана акција од сите сектори за постигнување одржливи резултати. Северна Македонија, со своите иницијативи, се стреми да стане дел од глобалниот напор за одржлив развој, создавајќи поодржливи и инклузивни услови за живот.

### Општествена одговорност

Општествената одговорност претставува концепт кој подразбира дека компаниите имаат етичка обврска да дејствуваат во интерес на пошироката заедница, надминувајќи ги традиционалните цели за профит. Во контекст на зелената економија, оваа одговорност добива специфична димензија, насочена кон заштита на животната

средина, одржливо користење на ресурсите и намалување на негативното влијание на економските активности врз природата.

Се очекува компаниите да интегрираат еколошки принципи во своето работење, почнувајќи од намалување на емисиите на стакленички гасови и оптимизација на енергетската ефикасност до поддршка на иницијативи за обновливи извори на енергија и циркуларна економија. Истовремено, ова значи дека нивните производи и услуги треба да бидат еколошки прифатливи и да придонесуваат за зачувување на природните ресурси.

Клучен аспект на општествената одговорност во рамките на зелената економија е и транспарентноста, односно обезбедување јасни информации за влијанието на деловните активности врз животната средина и преземените чекори за негово намалување. Ова вклучува и поддршка на локалните заедници преку создавање „зелени работни места", едукација за одржливост и партнерства со невладини организации и јавни институции.

Во Северна Македонија задачата за следење на активностите на компаниите во доменот на општествена одговорност и спроведувањето на законските и регулаторни рамки ја има Координативното тело за општествена одговорност на претпријатијата. Ова тело ги здружува клучните институции и организации, меѓу кои стопански комори, организации на работодавци, синдикати, високообразовни институции и експерти, државни органи, медиуми и граѓански организации во остварување на главната цел – унапредување на општествената одговорност на претпријатијата во РС Македонија. Една од најпознатите активности на Координативното тело е доделувањето на Национална награда за најдобри општествено одговорни практики кај претпријатијата.

Во суштина, општествената одговорност во зелената економија не само што придонесува за заштита на планетата туку создава и економски придобивки преку зголемена ефикасност, иновации и подобра репутација на пазарот. Овој пристап е основа за долгорочен, одржлив развој што ги задоволува тековните потреби, без да го загрози потенцијалот на идните генерации.

**Стратегија за одржлив развој**

Националната стратегија за одржлив развој на Република Северна Македонија, изработена од Министерството за животна средина и просторно планирање, се фокусира на постигнување одржлив развој преку интеграција на економските, социјалните и еколошките аспекти на развојот. Овој документ ги поставува целите и стратегиите за подобрување на животната средина, намалување на влијанието на климатските промени и унапредување на природните ресурси на земјата. Во него се нагласуваат важноста на ефикасното користење на ресурсите, промоцијата на

обновливите извори на енергија, заштитата на биодиверзитетот и намалувањето на загадувањето.

Клучни аспекти на стратегијата се:

1. **Поддршка на зелени технологии и иновации**. За постигнување одржлив економски развој, Република Северна Македонија се стреми кон промоција на зелени технологии и индустрии кои ќе ги намалат негативните ефекти на животната средина, додека ќе стимулираат економски раст и нови работни места. Ова вклучува поттикнување инвестиции во обновливи извори на енергија, како и поддршка на иновации и претприемништво во сферата на еколошки одржливи производи и услуги.
2. **Промовирање одржливо управување со ресурсите**. Стратешкиот план за заштита на природата се базира на одржливо управување со природните ресурси, заштита на биодиверзитетот и заштита на заштитени природни подрачја. Со создавање системи за управување со отпадот, намалување на загадувањето и рехабилитација на деградираните екосистеми, целта е да се обезбеди долгорочна стабилност и благосостојба на природните ресурси, како и да се задржи природното наследство на земјата.
3. **Социјална вклученост**. Одржливиот социјален развој подразбира активно вклучување на граѓаните и локалните заедници во процесите на одржлив развој. Креирањето образовни и информативни програми кои ќе ги зголемат јавниот интерес и свесноста за важноста на заштитата на животната средина е основен приоритет. Истовремено, стратегијата се фокусира на подобрување на животните услови и здравјето на граѓаните, со акцент на еднаквост и инклузивност.
4. **Образование и свесност.** Стратегијата вклучува развој на образовни и информативни програми чија цел е да ја зголемат свесноста на граѓаните за важноста на одржливите практики. Овие програми се насочени кон различни целни групи, вклучувајќи деца, млади и возрасни, со фокус на еколошкиот отпечаток, енергетската ефикасност, управувањето со отпадот и заштитата на природните ресурси. Образованието игра клучна улога во промената на навиките и ставовите на луѓето, а исто така е важен инструмент за поддршка при воспоставување долгорочни одржливи промени во општеството.

Целта на овој документ е да ја унапреди одржливоста на сите нивоа, промовирајќи екологија, економија и инклузивен социјален развој.

# Анализа на перцепциите на МСП во Северна Македонија

Во современата деловна средина, малите и средни претпријатија (МСП) играат клучна улога во економскиот развој на земјата. За да се подобри нивната конкурентност и да се создаде поволна бизнис-клима, неопходно е да се разберат не само официјалните статистички податоци, туку и перцепциите и ставовите на самите компании. Во оваа анализа фокусот е ставен на примарните податоци добиени од истражувањето на мислењето на менаџментот на 100 компании од сите осум статистички региони во земјата.

Целта на истражувањето е да се интегрираат статистичките податоци со перцепцијата на МСП, што ќе овозможи длабинско разбирање на состојбите во анализираните области. Овие податоци служат како дополнување на официјалните статистики, создавајќи контекстуализација која е клучна за развојот на поефективни стратегии и политики. Резултатите од истражувањето ќе помогнат во идентификувањето на клучните предизвици и можности со кои се соочуваат МСП.

Во примерокот беа вклучени 100 мали и средни компании од различни индустрии. Анкетирањето беше реализирано во периодот од 25 октомври до 10 ноември со методот теренска анкета „лице в лице", врз основа на однапред структуриран прашалник. При изборот на компании што ќе бидат вклучени во примерокот се водеше сметка да се опфатат сите сектори каде што има позначајна застапеност на МСП и компании кои географски се дистрибуирани низ сите региони на земјата.

Со оглед на важноста на добиените податоци како показател на реалната состојба во стопанството, се препорачува во иднина да се зголеми примерокот на компаниите што ќе бидат вклучени во вакви истражувања или да се спроведат поопсежни и редовни студии кои ќе ја следат динамиката на малите и средни претпријатија во земјата.

## Детална анализа на одговорите

Во продолжение се претставени резултатите од анализата на добиените одговори, по редослед како што се вклучени во прашалникот.

**Графикон 38. П1. Како би го опишале сегашното ниво на деловна активност во вашиот сектор/индустрија?**




Околу 34 % од компаниите забележале умерен раст на својата деловна активност, додека 9 % од компаниите споделиле дека нивото на нивната деловна активност бележи брз раст. Сепак, значителен процент или 38 % од компаниите не забележале промени во нивната активност, што укажува на стабилност во нивното деловно опкружување. Од друга страна, 15 % од компаниите бележат умерено опаѓање, додека 4 % од нив доживеале брзо опаѓање.

**Графикон 39. П2. Каков беше трендот со побарувачката за вашите производи/услуги во 2023?**




Во 2023 година повеќето компании пријавиле стабилни или умерени резултати во однос на побарувачката за нивните производи и услуги. Според податоците, 18 % од компаниите не пријавиле промени. Околу 36 % од компаниите забележале умерен пораст, додека 7 % од компаниите пријавуваат значителен пораст. За 37 % од компаниите, побарувачката била умерено намалена, а 2 % од компаниите споделиле

дека имале значително намалување на побарувачката на производите/услугите во 2023 година.

**Графикон 40. П3. Дали во 2023 направивте некоја позначајна инвестиција во нови капитални средства?**




Во 2023 година поголемиот дел од компаниите (83 %) не направиле значајни инвестиции во нови капитални средства. Околу 17 % од компаниите споделиле дека направиле некоја инвестиција во 2023 година.

**Графикон 41. П4. Дали во 2023 лансиравте нов производ или услуга на пазарот?**




Само 18 % од компаниите лансирале нов производ или услуга на пазарот во 2023 година, што укажува на релативно низок степен на иновации на пазарот.

**Графикон 42. П5. Дали се промени бројот на вработени во вашето претпријатие во 2023?**




Во анализата на промените во бројот на вработени во 2023 година, од вкупно 100 компании дури 41 % од испитаниците не забележале промени во бројот на вработени во претпријатието во 2023 година. Значително зголемување на вработените пријавиле 11 % од испитаниците, од кои најголем дел се компании што работат во секторот трговија на големо и мало, потоа следуваат преработувачка индустрија, услуги и ИТ-технологија. Од друга страна, намалување на вработените имало кај 27 % од компаниите.

**Табела 49. Кростабулација на П5 со индустрија**

| | | ВКУПНО | | Во која индустрија работите? | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Преработувачка индустрија | Транспорт и складирање | Трговија на големо и на мало | Градежништво | Услуги | ИТ и технологија | Дејности на здравствена заштита | Друго |
| | | 100 | 100% | 10 | 8 | 37 | 8 | 27 | 5 | 2 | 3 |
| | | N | % | 10% | 8% | 37% | 8% | 27% | 5% | 2% | 3% |
| П5. Дали се промени бројот на вработени во вашето претпријатие во 2023? | Значително се зголеми | 11 | 11,0 % | 2,0 % | 0,0 % | 4,0 % | 1,0 % | 2,0 % | 2,0 % | 0,0 % | 0,0% |
| | Малку се зголеми | 21 | 21,0 % | 1,0 % | 3,0 % | 7,0 % | 2,0 % | 6,0 % | 1,0 % | 1,0 % | 0,0% |
| | Немаше промени | 41 | 41,0 % | 3,0 % | 3,0 % | 13,0 % | 3,0 % | 14,0 % | 1,0 % | 1,0 % | 3,0% |
| | Малку се намали | 24 | 24,0 % | 4,0 % | 2,0 % | 13,0 % | 0,0 % | 5,0 % | 0,0 % | 0,0 % | 0,0% |
| | Значително се намали | 3 | 3,0 % | 0,0 % | 0,0 % | 0,0 % | 2,0 % | 0,0 % | 1,0 % | 0,0 % | 0,0% |

**Графикон 43. П6. Дали во 2023 имавте некакви проблеми со синџирите на набавка и испорака?**




Во 2023 година значителен дел од компаниите (53 %) немале никакви проблеми со синџирите на набавка и испорака, што укажува на стабилност во логистиката и снабдувачките мрежи за овие компании, додека 41 % од компаниите се соочиле со мали проблеми.

**Графикон 44. П7. Колку ви беше тешко во 2023 да најдете поволни извори на финансирање (банкарски кредити со поволни камати и сл.)?**




Најголемиот дел од компаниите (69 %) не изразиле јасна перцепција, односно биле неутрални во однос на прашањето за пристапот до поволни извори на финансирање во 2023 година. Околу 5 % од компаниите пријавиле дека било лесно да се најдат поволни извори на финансирање, додека 25 % од компаниите имале тешкотии во обезбедувањето финансиски средства.

**Графикон 45. П8. Дали во 2023 цените на инпутите во вашиот бизнис забележаа промени?**




Според одговорите на испитаниците, во 2023 година повеќето компании (73 %) се соочиле со раст на цените на инпутите, при што 21 % од нив забележале значителен раст, додека 52 % незначителен раст. Околу 21 % од компаниите изјавиле дека немало промени во цените на инпутите. Намалување на цените на инпутите забележале многу мал број од испитаниците, вкупно 6 %.

**Графикон 46. П9. Дали вие ги променивте вашите продажни цени во 2023?**




Во 2023 година повеќето компании (67 %) ги зголемиле своите продажни цени, при што 9 % од нив извршиле значително зголемување, а 58 % незначително. Овие податоци укажуваат на тоа дека растот на цените на инпутите во работењето со кој се соочиле компаниите во 2023 година, преку промена на продажните цени на производите е пренесен на купувачите, а со цел да се одржи профитабилноста на компанијата. Во табелата подолу е претставена структурата на одговори според индустријата во која работи испитаникот.

### Табела 50. Кростабулација на П9 со индустрија

| | | ВКУПНО | | Во која индустрија работите? | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Преработувачка индустрија | Транспорт и складирање | Трговија на големо и на мало | Градежништво | Услуги | ИТ и технологија | Дејности на здравствена заштита | Друго |
| | | 100 | 100% | 10 | 8 | 37 | 8 | 27 | 5 | 2 | 3 |
| | | N | % | 10% | 8% | 37% | 8% | 27% | 5% | 2% | 3% |
| П9. Дали вие ги промениве вашите продажни цени во 2023? | Да, ги зголемивме значително | 9 | 9,0 % | 0,0 % | 0,0 % | 2,0 % | 4,0 % | 1,0 % | 1,0 % | 1,0 % | 0,0 % |
| | Да, ги зголемивме незначително | 58 | 58,0 % | 8,0 % | 5,0 % | 28,0 % | 3,0 % | 11,0 % | 1,0 % | 1,0 % | 1,0 % |
| | Не, останаа непроменети | 30 | 30,0 % | 2,0 % | 3,0 % | 5,0 % | 1,0 % | 14,0 % | 3,0 % | 0,0 % | 2,0 % |
| | Да, ги намаливме незначително | 3 | 3,0 % | 0,0 % | 0,0 % | 2,0 % | 0,0 % | 1,0 % | 0,0 % | 0,0 % | 0,0 % |
| | Да, ги намаливме значително | 0 | 0,0 % | 0,0 % | 0,0 % | 0,0 % | 0,0 % | 0,0 % | 0,0 % | 0,0 % | 0,0 % |

Од прикажаните податоци може да се види дека секторот трговија на големо и мало доминира со зголемувањето на цените на своите производи, со 30 %, потоа следуваат услугите (12 %) и преработувачката индустрија со 8 %. Од друга страна, 30 % од компаниите не направиле промени во цените. Од нив половина се компании од дејноста услуги. Одлуката за задржување на постојните цени ги покажува нивните напори за задржување на конкурентноста на пазарот.

### Графикон 47. П10. Дали очекувате цените на вашите инпути да се променат во наредните три месеци?




Поголемиот дел од компаниите (61 %) очекуваат зголемување на цените на инпутите во следните три месеци, при што 12 % очекуваат значително зголемување, а 49 % незначително. Оваа проекција покажува дека трендот на растечки трошоци ќе продолжи, создавајќи дополнителен финансиски притисок врз компаниите.

Околу 37 % од компаниите не очекуваат промени во цените за инпутите, а само 2 % од компаниите очекуваат незначително намалување на цените на инпутите, што укажува дека перспективите за намалување на трошоците речиси не постојат. Ниту една компанија нема очекувања за значително намалување на цените во следниот период.

**Графикон 48. П11. До кој степен вашата компанија користи информатичко-комуникациски технологии во своето деловно работење?**




Во однос на користењето на информатичко-комуникациските технологии (ИКТ), само 37 % од компаниите пријавуваат високо ниво на интеграција. Оваа група главно се состои од секторите трговија на големо и мало (13 %), услуги (8 %) и сите компании од секторот ИТ и технологија кои се вклучени во примерокот (5 %). Сепак, две третини од компаниите (63 %) користат ИКТ во многу ограничен обем, со минимална интеграција на деловните процеси.

### Табела 51. Кростабулација на П11 со индустрија

| | | ВКУПНО | | Во која индустрија работите? | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Преработувачка индустрија | Транспорт и складирање | Трговија на големо и на мало | Градежништво | Услуги | ИТ и технологија | Дејности на здравствена заштита | Друго |
| | | 100 | 100% | 10 | 8 | 37 | 8 | 27 | 5 | 2 | 3 |
| | | N | % | 10% | 8% | 37% | 8% | 27% | 5% | 2% | 3% |
| П 11. До кој степен вашата компанија користи информатичко-комуникациски технологии во своето деловно работење? | Голем дел од сите процеси се електронски поврзани | 37 | 37,0 % | 3,0 % | 3,0 % | 13,0 % | 2,0 % | 8,0 % | 5,0 % | 1,0 % | 2,0 % |
| | Многу мал дел од процесите се интегрирани | 63 | 63,0 % | 7,0 % | 5,0 % | 24,0 % | 6,0 % | 19,0 % | 0,0 % | 1,0 % | 1,0 % |

### Графикон 49. П12. Какви се вашите очекувања за нивото на деловната активност во вашиот сектор во наредните шест месеци?




Повеќе од половина од компании, или 55 %, имаат позитивни очекувања за нивото на деловната активност во наредните шест месеци, од кои 12 % очекуваат значајно подобрување, додека 43 % предвидуваат умерено подобрување. Овие оптимистички податоци се особено изразени во секторите услуги (17 %) и трговија на големо и мало (15 %).

Една третина од компаниите не очекуваат промени, што укажува на перцепција за стабилност, особено во трговијата на големо и мало (19 %), услуги (6 %) и преработувачка

индустрија (4 %). Од друга страна, 13 % од компаниите предвидуваат влошување, при што 11 % очекуваат умерено, а 2 % значително влошување.

**Табела 52. Кростабулација на П12 со индустрија**

| | | | | Во која индустрија работите? | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | ВКУПНО | | Преработувачка индустрија | Транспорт и складирање | Трговија на големо и на мало | Градежништво | Услуги | ИТ и технологија | Дејности на здравствена заштита | Друго |
| | | 100 | 100% | 10 | 8 | 37 | 8 | 27 | 5 | 2 | 3 |
| | | N | % | 10% | 8% | 37% | 8% | 27% | 5% | 2% | 3% |
| П 12. Какви се вашите очекувања за нивото на деловната активност во вашиот сектор во наредните шест месеци? | Значајно подобрување | 12 | 12,0 % | 0,0 % | 1,0 % | 4,0 % | 1,0 % | 3,0 % | 2,0 % | 1,0 % | 0,0% |
| | Умерено подобрување | 43 | 43,0 % | 5,0 % | 5,0 % | 11,0 % | 3,0 % | 14,0 % | 2,0 % | 1,0 % | 2,0% |
| | Очекувам да нема промени | 32 | 32,0 % | 4,0 % | 1,0 % | 19,0 % | 1,0 % | 6,0 % | 1,0 % | 0,0 % | 0,0% |
| | Умерено влошување | 11 | 11,0 % | 1,0 % | 1,0 % | 3,0 % | 1,0 % | 4,0 % | 0,0 % | 0,0 % | 1,0% |
| | Значително влошување | 2 | 2,0 % | 0,0 % | 0,0 % | 0,0 % | 2,0 % | 0,0 % | 0,0 % | 0,0 % | 0,0% |

**Графикон 50. П13. Какви се вашите планови за следната година во однос на нови вработувања?**




Плановите за вработување на компаниите за следната година покажуваат умерен оптимизам. Вкупно 44 % од компаниите планираат нови вработувања, со 10 % кои предвидуваат значителен раст и 34 % кои планираат ограничени нови вработувања.

Половина од компаниите (52 %) не предвидуваат промени во бројот на вработени, а само мал дел од компаниите (4 %) очекуваат намалување на бројот на вработени.

**Графикон 51. П14. Какви се вашите планови за следната година во однос на нови инвестиции во бизнисот?**




Плановите за нови инвестиции во бизнисот за следната година покажуваат дека повеќето компании имаат претпазлив пристап. Вкупно 61 % од компаниите не планираат нови инвестиции, нешто помал дел од компаниите, или 32 %, планираат инвестиции, но не во значителен обем, а само 7 % од компаниите изјавиле дека имаат планови за значителни инвестиции.

**Графикон 52. П15. Како би ја оцениле тековната економска состојба (ситуација) во земјата?**




Компаниите претежно имаат негативна или неутрална перцепција за економската ситуација. Оваа оцена потенцијално влијае врз нивните планови за инвестирање, вработување и деловна активност и е знак за претпазливост во одлуките за идниот раст. Најголем дел од испитаниците (43 %) ја оценуваат економската состојба како „ни добра ни лоша“. Само 8 % ја оценуваат состојбата како „добра“ или „многу добра“.

**Графикон 53. П16. Што од наведеното е ПРВ, а што ВТОР најголем објективен проблем за вашиот бизнис?**




Од податоците претставени на графиконот може да се забележи дека инфлацијата и растот на цените претставуваат најголем предизвик за деловните субјекти, со 22 % од компаниите што го навеле овој одговор како прв најголем проблем во нивното работење и 20 % како втор најголем проблем. Ова укажува дека економските услови значително го притискаат деловниот сектор, создавајќи финансиски товар за компаниите.

Друг важен фактор е неефикасноста на јавната администрација. Дури 15 од испитаниците изјавиле дека прв најголем проблем за нивниот бизнис е неефикасноста на јавната администрација, а за 8 % од испитаниците ова е втор најголем проблем. Ако на ова се додаде проблемот со корупцијата во јавната администрација како прв најголем проблем за 11 % од испитаниците и втор најголем проблем за 10 % од испитаниците, се доаѓа до заклучокот дека значаен дел од предизвиците со кои се соочуваат компаниите произлегуваат од државниот сектор и неговото функционирање.

Други значајни предизвици на работењето на компаниите во земјата се нелојалната конкуренција и недоволната расположливост на квалификувана работна сила.

## Заклучок од истражувањето

Анализата на податоците од истражувањето ни покажува дека во 2023 година значителен дел од компаниите се соочиле со предизвици во работењето во смисла на зголемување на цените на инпутите, проблеми во системот на набавка и пристапот до финансии. Како резултат, помалку од една петтина од испитаниците направиле инвестиција во текот на 2023 година или лансирале нов производ на пазарот. Во овој период најголем дел од компаниите го задржале истиот број на вработени, а со ефектите од инфлацијата се справиле преку зголемување на цените на своите производи.

Денес, 38 % од испитаниците сметаат дека нема промени во економската активност во нивниот сектор, а 34 % оценуваат дека се забележува умерено подобрување на состојбата. Повеќе од половина од компаниите очекуваат подобрување на економската активност во нивниот сектор. И покрај умерениот оптимизам во очекувањата на испитаниците, најголем дел од нив сметаат дека тековната состојба во земјата е лоша, а инфлацијата и растот на цените сè уште се главни предизвици на стопанството. Токму затоа, компаниите покажуваат значителна претпазливост кога станува збор за идни вработувања и инвестиции. Дополнително, две третини од испитаниците изјавиле дека многу мал дел од процесите во нивните компании се интегрирани со користење на новите информатички технологии.

Ваквата состојба на одржување на тековното ниво на економска состојба без оптимистички планови за раст во иднина се совпаѓа со нискиот економски што кој го има Северна Македонија денес и кој е проектиран за иднина.

Истовремено, најголем дел од компаниите не само што ја идентификуваат инфлацијата како главен проблем во стопанството денес туку и очекуваат раст на цената на инпутите во иднина. Ваквата состојба ја поткрепуваат статистичките податоци за високата стапка на инфлација.

Во вакви услови, од големо значење за компаниите е надминувањето на проблемот со инфлацијата во земјата и поддршка на компаниите во процесот на дигитална трансформација за да имаат можност да ја зголемат својата конкурентност на пазарот во иднина.

# Заклучок

Макроекономската состојба во 2023 година беше под силно влијание на глобалните економски предизвици, како што се инфлацијата и војната во Украина, кои имаа сериозен ефект на економиите во светот, вклучувајќи ја и Северна Македонија. Растот на цените на енергентите и храната, кој доведе до намалување на реалните приходи и потрошувачката, ја зголеми инфлацијата и создаде ризици за рецесија во европските земји, вклучувајќи ја и Германија, која е најголемиот трговски партнер на РС Македонија. Македонските претпријатија се соочија со растечките трошоци за енергија и суровини, како и со ограничен пристап до финансии, што ја отежнуваше нивната работа. Сепак, економијата на земјата забележа умерен раст, додека невработеноста падна и пазарот на трудот се стабилизира.

Економските предизвици не ги заобиколија малите и средни претпријатија (МСП), кои и покрај правната и институционалната поддршка, се соочуваат со проблеми како што се корупцијата, слабото владеење на правото и ограничената заштита на сопственичките права. Падот на индексот на економска слобода укажува на потребата од сериозни реформи за подобрување на бизнис-средината и зголемување на конкурентноста на МСП. Во исто време, надворешната трговија на земјата бележи раст, особено извозот, што позитивно влијае врз трговскиот биланс и економската стабилност. Овој тренд е охрабрувачки, но и покрај тоа, високите цени на инпутите и инфлацијата продолжуваат да бидат главни предизвици за многу претпријатија.

Финансиската поддршка за МСП е од клучно значење за нивниот раст и конкурентност. Иако постојат различни механизми за финансирање и достапност на средства преку кредити и кредитни линии, главни предизвици на МСП-секторот остануваат аверзијата кон ризик и ограничената финансиска писменост, со што не се искористува целиот потенцијал за нивниот раст. За да се обезбеди поддршка за нивниот развој, потребно е да се создадат подобри услови за финансиско опкружување и да се овозможат повеќе опции за финансирање, како и дополнителна едукација за управување со финансии.

Трендовите во светот ја наметнуваат потребата од сè поголема употреба на дигиталните технологии во различни фази од работењето овозможувајќи им на претпријатијата многу поголема ефикасност, иновативност и конкурентност. Во таква ситуација, важно е да се поддржи дигиталната трансформација и да се обезбеди стабилност во економијата за да се поттикнат растот и иновациите на компаниите во иднина.

Иако Македонија забележа умерен раст во 2023 година, предизвиците како инфлацијата, недостигот на квалификувана работна сила, недоволната искористеност на дигиталните технологии и недостигот на финансиски ресурси продолжуваат да ги ограничуваат можностите за брз развој на економијата. Поддршката на МСП и

решавањето на структурните проблеми во економијата се неопходни за постигнување одржлив раст и конкурентност во иднина.

# Користена литература


- Податоци за годишни деловни показатели за деловните субјекти за 2022 година, Републички завод за статистика на Република Србија, достапно на: https://data.stat.gov.rs
- „Статистика за мали и средни претпријатија, 2022 година", Институт за статистика на Р. Албанија, издадено: Тирана, Март 2024 година, достапно на: https://www.instat.gov.al
- „Structural business statistics 2022", Агенција за статистика на Босна и Херцеговина, издадено: Сараево 2024 година, достапно на: https://bhas.gov.ba/
- „2019 SBA Fact Sheet - Montenegro", European Commission, достапно на: https://neighbourhood-enlargement.ec.europa.eu
- „2021 SME Fact sheet", European Commission, достапно на: https://neighbourhood-enlargement.ec.europa.eu
- „ Годишен извештај за Европските МСП 2023/2024", Европска комисија, достапно на: https://single-market-economy.ec.europa.eu/
- OECD (2022), SME Policy Index: Western Balkans and Turkey 2022: Assessing the Implementation of the Small Business Act for Europe, SME Policy Index, OECD Publishing, Paris, https://doi.org/
- „Национална стратегија за мали и средни претпријатија (2018 - 2023 година)", Министерство за економија, Март 2018, достапно на: https://economy.gov.mk
- OECD (2023), "Financial literacy and digitalisation for MSMEs in South East Europe: A tool for empowering owners and managers", *OECD Business and Finance Policy Papers*, No. 29, OECD Publishing, Paris, https://doi.org/
- „Извештај за работата на државниот завод за индустриска сопственост за 2023 година", Државен завод за индустриска сопственост, Март 2024 година, достапно на: https://ippo.gov.mk
- „Извештај за работата на државниот завод за индустриска сопственост за 2022 година", Државен завод за индустриска сопственост, Март 2023 година, достапно на: https://ippo.gov.mk
- „Извештај за работата на државниот завод за индустриска сопственост за 2021 година", Државен завод за индустриска сопственост, Март 2022 година, достапно на: https://ippo.gov.mk/
- „Извештај за работата на државниот завод за индустриска сопственост за 2020 година", Државен завод за индустриска сопственост, Март 2021 година, достапно на: https://ippo.gov.mk/
- „Извештај за работата на државниот завод за индустриска сопственост за 2019 година", Државен завод за индустриска сопственост, Март 2020 година, достапно на: https://ippo.gov.mk/
- „Програма на економски реформи 2023-2025 година", Министерство за финансии, Јануари 2023 година, достапно на: https://finance.gov.mk
- Рамка за развој МКД 2030, достапно на: https://mkd2030.mk/
- „Индустриска стратегија на Република Македонија 2018 – 2027, со Акциски план", Министерство за економија, Октомври 2018 година, достапно на: https://economy.gov.mk/

- „ Стратегија за развој на женско претприемништво во Република Македонија 2019-2023“, Министерство за економија,  Октомври 2018 година, достапно на: https://www.economy.gov.mk/
- „ Стратегија за финансиска едукација и финансиска инклузија на Република Северна Македонија 2021-2025“, Координациско тело на финансиските регулатори за финансиска едукација и финансиска инклузија, Јули 2020 година, достапно на: https://www.nbrm.mk/
- „Годишен план за работа во 2023 година“, Министерство за Економија, Јануари 2023 година, достапно на: https://www.economy.gov.mk
- „Програма за развој на претприемништвото и конкурентноста на малите и средните претпријатија за 2023 година, Влада на Република Северна Македонија, Февруари 2023 година, достапно на: https://economy.gov.mk/
- Податоци за висина на каматни стапки, преземени од www.euribor-rates.eu
- Податоци за висина на инфлација, преземени од: www.macro-trends.eu
- IMF. 2023. *World Economic Outlook, October 2023.* Washington, DC: International Monetary Fund. ©IMF. https://doi.org/
- Податоци за индекс на економска слобода, фондација Херитиџ, достапно на: https://www.heritage.org/
- Макстат база, Државен завод за статистика
- Статистички Билтен, Централен Регистар на РС Македонија
- „Бектеши: Министерството за економија оваа година додели субвенции на 43 занаетчии и 4 занаетчиски комори во вредност од 4,4 милиони денари“, достапно на: https://vlada.mk/
- Архива на податоци и информации за платежна статистика за периодот од јануари 2005 година до декември 2023 година, НБРСМ, достапни на: https://www.nbrm.mk/
- „Користење на информатичко-комуникациски технологии во домаќинствата и кај поединците, 2023 година“, Соопштение од 10 ноември 2023 година, Државен Завод за статистика, достапно на: https://www.stat.gov.mk/
- „Овозможувачко деловно опкружување за инклузивна дигитална трансформација на микро и малите претпријатија во Северна Македонија“, Бизнис Конфедерација на Македонија 2023 година, достапно на: https://bcm.mk/
- Национална ИКТ стратегија на Република Северна Македонија 2023 – 2027 година (драфт верзија), Министерство за информатичко општество, Декември 2022 година, достапно на: https://ener.gov.mk/
- Центар за дигитална трансформација, https://godigital.mk
- Дигитален центар за иновации ДигитМак, https://digitmak.mk/mk/
- ‘Creative Economy Outlook 2024”, United Nations, Geneva 2024, достапно на: https://unctad.org/
- „Recovery and resilience scoreboard, thematic analysis, culture and creative industries“, European Commision, July 2024, достапно на: https://ec.europa.eu/
- ‘Social mobility in the creative economy”, Heather Carey, Dave O Brien and Olivia Gable, September 2021, достапно на: https://pec.ac.uk/
- Податоци за вработеност во креативни индустрии, достапно на: https://ilostat.ilo.org/
- „Годишен извештај за 2023 година“, Агенција за вработување на РС Македонија, Скопје 2024 година, достапно на: https://av.gov.mk/

- „Извештај за реализација на програмата за поддршка на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средни претпријатија во 2023 година", Агенција за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија, 2023 година, достапно на: http://www.apprm.gov.mk/
- „Анкети на претпријатија, Северна Македонија 2023 година, Профил на земја", www.enterprisesurveys.org Светска банка, достапно на: https://espanol.enterprisesurveys.org/
- „Пречки во пристапот до финансиски средства за МСП во РС Македонија – преглед на постојни податоци и сознанија", Македонија 2025, 2020 година, достапно на: https://socijalendijalog.mk/
- „Анкета за кредитната активност по групи банки", НБРСМ, трет квартал, 2023 година, https://www.nbrm.mk/
- „Извештај за финансиската стабилност во Република Северна Македонија во 2023 година", Народна банка на Република Северна Македонија, Дирекција за финансиска стабилност и макропрудентна политика, Септември 2024 година, достапно на: https://www.nbrm.mk/
- Податоци и показатели за банкарскиот систем на Република Северна Македонија, НБРСМ, достапно на: https://www.nbrm.mk/
- Фонд за иновации и технолошки развој, https://fitr.mk/
- X Фактор акцелератор од Велес
- Акцелератор УКИМ
- CEED Hub Скопје
- Burkart K., How do we define the green economy? Mother nature Network, www.mnn.com
- д-р Неда Петроска-Ангеловска, д-р Катерина Хаџи Наумова-Михајловска, можности за примена на концептот на зелена економија во МСП во Република Северна Македонија, Скопје 2021 година, достапно на: https://www.ek-inst.ukim.edu.mk/
- „ Пристап до финансиски средства за компаниите во Македонија", Стопанска Комора на Северна Макдонија, достапно на: https://www.mchamber.mk/mk/home/finansii
- „ЕИБ Глобално отклучува инвестиција на ЕУ од 100 милиони евра, заедно со Развојната банка на Северна Македонија, за поттикнување на зелената трансформација на МСП", Европска инвестициска банка, достапно на: https://www.eib.org/
- „ЕУ обезбеди инвестициски грант од 70 милиони евра за најголемиот проект за заштита на животната средина во Северна Македонија", Европска инвестициска банка, достапно на: https://www.eib.org/
- „Зелена и конкурентна економија за подобар квалитет на живот", Министерство за финансии, достапно на: https://finance.gov.mk/